НАРОДЕН МУЗЕЈ ВО ОХРИД

MUSÉE NATIONAL D' OHRID

# ЗБОРНИК
## НА ТРУДОВИ

ПОСЕБНО ИЗДАНИЕ

ПО ПОВОД 10-ГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВУВАЊЕТО НА МУЗЕЈОТ, ПОСВЕТЕНО НА XII МЕЃУНАРОДЕН КОНГРЕС НА ВИЗАНТОЛОЗИТЕ

# RECUEIL
## DE TRAVAUX

ÉDITION SPÉCIALE

PUBLIÉE A L' OCCASION DU X-e ANNIVERSAIRE DE LA FONDATION DU MUSÉE ET DÉDIÉE AU XII[e] CONGRÈS INTERNATIONAL DES ÉTUDES BYZANTINES

ОХРИД — OHRID
1961

НАРОДЕН МУЗЕЈ ВО ОХРИД

MUSÉE NATIONAL D' OHRID

# ЗБОРНИК

## НА ТРУДОВИ

ПОСЕБНО ИЗДАНИЕ

ПО ПОВОД 10-ГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВУВАЊЕТО НА МУЗЕЈОТ, ПОСВЕТЕНО НА XII МЕЃУНАРОДЕН КОНГРЕС НА ВИЗАНТОЛОЗИТЕ

# RECUEIL

## DE TRAVAUX

ÉDITION SPÉCIALE

PUBLIÉE A L' OCCASION DU X-e ANNIVERSAIRE DE LA FONDATION DU MUSÉE ET DÉDIÉE AU XII[e] CONGRÈS INTERNATIONAL DES ÉTUDES BYZANTINES

ОХРИД — OHRID
1961

Зборникот е издаден со помош од Републичкиот фонд за унапредување на културните дејности

Издание на Народниот музеј во Охрид.

Печатено во Печатницата на „Нова Македонија" — Скопје.

B. Koneski

## КУЛТУРНАТА УЛОГА НА ОХРИД

Денеска мало место, извонредно привлечно по своите природни убавини и по своите старини, градот Охрид во минатото играл посебно важна културно-историска улога. Стар црковен центар, тој бил како предопределен за една таква улога уште во времето на најраниот контакт меѓу словенскиот и византискиот свет. Градовите во кои се врши еден интензивен процес на вкрстување на народносни и културни елементи имаат особено важно место во развитокот на светската култура. За некои од нив е создадена метафората дека се прозорци кон светот. И Охрид го заслужува наполно тоа име, кога ќе се земе предвид колку многу од културното благо на Византија е пренесено во словенскиот свет имено при посредство на овој град.

Значењето на Охрид како културно средиште нараснува необично при крајот на 9 век, кога во него и во неговата област ја развиваат својата дејност Климент и Наум, непосредните ученици на Кирила и Методија. На брегот на Белото езеро тие подигаат цркви и манастир. Како што кажува животописецот, Охрид му бил љубимото место на Климента. Секако дека тука наоѓал и поголем одзив во една културно поизрасната средина.

Настапот на Климента и на неговиот круг изненадува со својата зрелост. Со зрела мелодичност и поетичност дише и стилот на Климентовите творби, кои можат да се споредуваат со најубавите образци од тогашната литература. Тие се, меѓутоа, пишувани на јазик што само малку време пред тоа доби своја азбука. Оваа изненадувачка зрелост на изразот

## LE ROLE CULTUREL D'OHRID

Actuellement petite localité extrêmement attrayante par ses beautés naturelles et ses monuments antiques, Ohrid a joué dans le passé un rôle historique et culturel de premier ordre. Centre religieux, Ohrid était comme prédestiné à assumer un tel rôle dès l'époque des premiers contacts entre le monde slave et le monde byzantin. Il est certain que les villes qui ont connu un processus intense de croissement des éléments nationaux et culturels hétérogènes tiennent toujours une place particulière dans l'évolution de la culture mondiale. Pour quelques-unes d'elles on a dit métaphoriquement qu'elles étaient des fenêtres ouvertes sur le monde. En effet, vu la quantité des richesses culturelles byzantines transmises au monde slave par son intermédiaire, Ohrid mérite entièrement ce surnom.

L'importance d'Ohrid en tant que centre culturel s'accroît vers la fin du IX-e siècle quand Clément et Naoum, les disciples de Cyrille et Méthode, déployaient leur activité soit dans la ville même, soit dans ses environs. Au bord du Lac blanc ils ont construit des églises et des monastères. D'après le biographe de Clément, Ohrid était sa ville préférée. C'est certainement parce qu'il y trouvait un milieu culturel assez évolué pour faciliter son activité.

Le début de Clément et de son groupe surprend par la maturité dont ils ont fait preuve. Le style des ouvrages de Clément, qui peuvent être comparés aux meilleures réussites de la littérature de l'époque, se distingue aussi par son caractère mélodieux et poétique. Et cependant, ils étaient écrits en une langue qui ve-

не може, ни се чини, да се разбере ако, меѓу другото, не се земе предвид и степенот на културниот развиток на словенското население, постигнат пред сѐ во такви средишта какво што беше Охрид. Зашто средината го издига културниот работник, како што, од друга страна, и тој воздејствува врз неа.

Тоа што станувaше во Охрид во времето на Климента значеше интензивно усвојување на вредностите на повисоката византиска култура и едновремено со тоа решителен напор за самоутврдување на Словените на културното поприште. Показателна е во тој поглед Климентовата похвала на Кирила. Таа е исполнета со длабока љубов и признателност кон човекот толку заслужен за словенската просвета, а е проникната со подлечено чувство за припадноста кон „безчислениот словенски народ". Дејноста на Климента и на неговиот круг значеше имено голем придонес за приопштувањето на Словените кон тогашниот културен свет.

Покрај Преслав, градот Охрид беше во тоа време најистакнатиот центар на една таква активност. Тие две средишта го ширеа своето влијание далеку во словенскиот свет. Климентовата книжевна школа воздејствуваше не само врз развитокот на словенската писменост меѓу Јужните Словени, ами и врз развитокот на староруската писменост и јазик. Со право се истакнува од научници што го обработувале специјално тоа прашање дека во оформувањето на староруският писмен јазик е посебно забележлива улогата на онаа варијанта на старословенскиот јазик што е изразена во текстовите на Охридската книжевна школа. Во целиот Среден век, посебно во јужнословенските земји, ќе се чувствува тој отпечаток на еден културен напор извршен плодотворно во ѕидиштата на стариот град Охрид.

Уште рано, како што можеше и да се очекува, Охрид е местото во кое и од византиска страна се искажа признание за она што беше постигнато во културниот развиток на словенскиот свет. Архиепископот Теофилакт се чувствуваше како изгнаник во ова место, откако требаше да ја напушти столи-

nait à peine d'être dotée d'un alphabet. Cette maturité surprenant de l'expression ne saurait être comprise, nous semble-t-il, si l'on ne tient pas compte, entre autre, du degré de l'évolution culturelle que la population slave avait atteint surtout dans des centres tels qu'Ohrid. Car, fait-il le répéter, c'est le milieu qui favorise l'épanouissement des talents, de même que ceux-ci agissent de leur part d'une manière bienfaisante sur le milieu.

Ce qui se passait à Ohrid du temps de Clément signifiait l'adoption intensive des valeurs propres à la culture byzantine et en même temps un effort décisif pour l'affirmation des Slaves dans le domaine culturel. Dans ce sens, l'apologie de Cyrille faite par Clément, est particulièrement significative. Elle est pleine d'amour et de reconnaissance pour un homme qui avait de grands mérites pour le développement de la culture slave en même temps qu'elle est imprégnée d'un sentiment prononcé d'appartenance à »l'innombre peuple slave«. L'activité de Clément et de son groupe était en effet un effor immense pour faire adhérer les Slaves à la famille des peuples civilisés de l'époque.

Outre Preslav, la ville d'Ohrid était à l'époque le centre le plus important d'une telle activité. Ces deux centres exerçaient une grande influence sur les populations slaves les plus éloignées. L'école littéraire de Clément agissait non seulement sur le développement de la littérature des Slaves du Sud, mais aussi sur le développement de la littérature et de la langue russes anciennes. Les savants qui ont particulièrement étudié ce problème soulignent à juste titre que la variante du vieux slave, qui a trouvé son expression dans les textes de l'école littéraire d'Ohrid, a eu un rôle considérable dans la formation du vieux russe écrit. L'empreinte de cet effort, déployé fructueusement dans les murailles de l'ancienne ville d'Ohrid, est manifesté dans tout le Moyen âge, particulièrement dans les pays slaves du Sud.

Dès le début, comme on pouvait l'attendre, les Byzantins eux-mêmes ont reconnu l'importance d'Ohrid pour le développement culturel du monde slave. Ainsi, l'archevêque Théophylacte se sen-



цата на Византија, но тој сепак се преклони пред делото на Климента и напиша негово житие, кое денеска претставува важен извор за изучувањето на најстарата епоха на словенската писменост. Неговиот пример, како што е познато, го последува подоцна и друг охридски архиепископ, Димитрија Хоматијан. Тоа се необично важни настани, првенствено со тоа што сведочат за словенската културна афирмација.

Културната улога на Охрид е најизразита во Средниот век. Меѓутоа, во однос на клутурниот развиток на македонскиот народ, тој го задржува своето место сѐ до најново време. Во македонската преродба во минатиот век многу важни настани се сврзани за Охрид, исто како што и некои од највидните дејци на таа преродба потекнуваат од овој град или работеле во него. Желбата за една обновена, словенска, Охридска архиепископија постојано иде до израз во тој период.

Големото културно минато на Охрид не е загубено и во денешниот облик на тој град. Не се огледува тоа само во бројните културни споменици што привлекуваат со својата извонредна живопис, ами и во еден својствен духовен карактер, во еден особен градски менталитет на неговото население, каков што често немаат сѐ уште некои нови многуилјадни градишта. Тој карактер се изразува во ред подробности — во наредбата на куќите, во обнесувањето на луѓето, во извесни јазички финеси и, меѓу другото, во еден вистински жив спомен за светите Климента и Наума, што направиле толку многу да се разнесе славата на овој град.

tait en effet comme proscrit dans cette ville et pourtant il s'est incliné devant l'oeuvre de Clément et a écrit sa biographie, qui représente pour nous une source capitale pour l'étude de la littérature slave de l'époque la plus ancienne. Son exemple, on le sait, a été suivi plus tard par un autre archevêque d'Ohrid, Démétrios Chomatianos. Ce sont là des événements extrêmement importants parce qu'ils témoignent surtout de l'affirmation culturelle des Slaves.

C'est surtout au Moyen âge qu'Ohrid a joué son rôle le plus important. Cependant, quant au développement du peuple macédonien, il garde sa place presque jusqu'à l'époque moderne. Pendant le mouvement de renouveau national macédonien du siècle passé, un nombre d'événements ont été rattachés à la ville d'Ohrid. Quelques-uns des promoteurs les plus éminents de ce renouveau sont, d'autre part, originaires d'Ohrid ou bien ils y ont travaillé. Il ne faut pas oublier que l'aspiration au renouvelement de l'archevêché d'Ohrid est, à cette période, constamment au premier plan.

Le grand passé culturel d'Ohrid n'est pas perdu dans l'aspect actuel de la ville. Il vit non seulement dans les nombreux monuments culturels qui attirent par leur peinture remarquable, mais aussi dans un caractère spirituel particulier, dans une mentalité urbaine propre à ses habitants et que l'on ne retrouve pas encore dans les villes nouvelles à plusieurs mille d'habitants. Ce caractère s'exprime dans un nombre de détails — dans la disposition des maisons, dans le comportement des gens, dans certaines finesses du langage et, entre autre, dans le souvenir qu'on y garde toujours des saints Clément et Naoum, qui ont tellement contribuer à la diffusion du rayonnement de cette ville.

T. Tomoski

## ОХРИД ДО КРАЈОТ НА XIV ВЕК

Охрид е стар град. Тој лежи на погодна местоположба, на камен главичест рид, покрај бистро езеро и извори на студена вода, покрај Охридското поле, во близината на Струшкото поле а во подножјето на Петрино. Местото како отсекогаш да е определено за населба. Природата се постарала тука не само да го олесни и разубави животот на луѓето туку и да го одбрани населението од евентуалните напади на непријателот. Градот од неколку страни го плискаат длабоките води на езерото. На оние места од охридското главје каде природата се покажала скржава луѓето изградиле камена тврдина која ја зајакнале со неколку појаси од дебели ѕидови. И пристапите по околните ридови биле утврдени така што послужиле како истурени форпости на градот.

На езерските брегови и денес лежат преостанки уште од неолитската епоха. Меѓутоа, на охридскиот терен најстариот културен слој веројатно бил испретурен и уништен од богатата цивилизација што се развила во античното време.

Нема сомнение дека античната населба Лихнид, позната од литерарните и епиграфските споменици, лежела на територијата на денешниот Охрид. Предноста што ја има оваа местоположба пред другите крајбрежни места се зачувала и во текот на сите подоцна изминати општествено-економски формации. Во II-иот век пред н. е. за населбата на илирските Дасарети се бореле македонските и римските војски. И не случајно македонскиот владетел Персеј во војната од 169 год. пред н.е.

## OHRID JUSQU'A LA FIN DU XIV-e SIECLE

Ohrid est une ville ancienne. Il est situé sur une colline s'élevant au bord d'un lac limpide et des sources fraîches, à la lisière d'une petite plaine touchant celle de Struga et au pied du Petrino. L'endroit où il est situé paraît avoir été depuis toujours destiné à l'habitat. La nature y eut soins non seulement de faciliter et d'embellir la vie des habitants, mais aussi de les défendre de toute attaque éventuelle, car la ville est arrosée de plusieurs côtés par les eaux profondes du lac. A l'endroit même de la colline où la nature semble avoir été assez chiche, les hommes construisirent une forteresse entourée de plusieurs couches de murs épais, tandis que les abords des collines environnantes étaient fortifiés de manière à servir de postes avancés de la ville.

Au bord du lac, on trouve, aujourd'hui encore, des vestiges de l'époque néolithique. Cependant, la couche culturelle la plus ancienne de la région d'Ohrid fut probablement bouleversée et détruite par la grande civilisation qui s'y développa à l'époque antique.

Nul doute que l'ancienne ville de Lychnidos, connue d'après les monuments littéraires et épigraphiques, était située à l'endroit même où se trouve la ville actuelle d'Ohrid. L'avantage que lui assurait sa situation fut conservé durant toutes les formations sociales et économiques ultérieures. Au IIe siècle avant n. è. les armées macédoniennes et romaines luttaient pour conquérir la ville des Dassarètes de l'Illyricum. Et ce n'est pas par hasard si le roi macédonien Persée essaya d'arrêter précisément aux abords de Lychnidos les armées romaines avançant

направил обид токму околу Лихнид да го сопре движењето на римските војски по оној пат што подоцна, во римско време, се изградил како трансверзална магистрала позната под името Via Egnatia. По тој пат врвеле римските војници и трговци пренесувајќи ги и вамy придобивките на римското робовладетелското општество. Со изградувањето на Цариград, Лихнид се нашол на пат што врзувал два светски центри. Во исто време, во IV-иот век на н.е. со ширењето на организационата мрежа на христијанската црква, Лихнид станал црковен центар — седиште на епархија.

Од 70-те години на IV-иот век за Лихнид настапил период кога варварите го застрашувале неговиот опстанок. Тогаш Илирикот станал опасен за патниците во врска со мешаницата што се создала со визиготското востание на Балканот. Во тоа време веројатно и патиштата што воделе кон Лихнид биле загрозени од варваските одреди. Но директна варварска опасност за населбата се наднела на околу 100 години подоцна. Имено Источните Готи откако завладеале со Стоби се појавиле и пред Лихнид. Готите во 479 год. залудно се обидувале да навлезат во тврдиот град. Лихнид благодарејќи на тврдината и на езерските врски се одбранил од варварскиот напад. Но, подоцна, градот се покажал преслаб да го издржи ударот на природната стихија. Имено на неколку децении по нападот на Источните Готи а во време на владеннето на византискиот император Јустинијан I (527—565 год.) „Лихнид во Епир“ од старо време многунаселен град бил разурнат од земјотрес и населението нашло смрт. Веројатно тоа биле и последните денови на римскиот и византискиот Лихнид.

Познато е дека во време на Јустинијана имало широка градежна активност за обнова на порушените населби од земјотреси. Во исто време се утврдувале и места што имале воінично значење за одбрана на земјата. Меѓутоа, Прокопија којшто известува за изградбата никаде не забележил дека бил обновен и градот Лихнид. Впрочем и обновените населби бргу се суочиле со

sur la route qui, à l'époque romaine, devint la grande magistrale transversale connue sous le nom de Via Egnatia. C'est par cette route que passaient les soldats et les commerçants romains qui transportaient dans le pays les acquisitions du régime d'esclavage romain. Lorsque Constantinople fut fondé, Lychnidos se trouva sur la route ralliant les deux centres mondiaux. Au cours du IV-e siècle de n. è. Lychnidos devint, grâce à l'établissement du réseau administratif de l'Eglise chrétienne, un centre religieux — siège de l'éparchie.

A partir des années soixante-dix du IV-e siècle, il y eut pour Lychnidos une période de grande insécurité et ceci juste au moment où les invasions barbares menaçaient son existence même. A la suite des émeutes provoquées par l'insurrection des Wisigoths dans les Balkans, l'Illyricum devint dangereux pour les voyageurs. Les routes menant à Lychnidos étaient probablement elles aussi menacées à cette époque par les hordes barbares. Il n'y eut cependant de danger direct pour la ville que cent ans plus tard, soit au moment où les Goths de l'Est firent apparition devant Lychnidos après avoir pris Stobi. En 479, les Goths tentèrent vainement d'entrer dans la ville fortifiée. Grâce à sa forteresse et aussi à ses communications à travers le lac, Lychnidos réussit toujours à se défendre des attaques barbares. Plus tard, la ville ne s'avéra cependant pas assez forte pour résister aux éléments naturels. Quelques dizaines années après les tentatives inutiles des Goths de l'Est à s'emparer de la ville, pendant le règne notamment de l'empereur byzantin Justinien Ier (527—565), »Lychnidos, ville d'Epire« fut en effet détruite par un tremblement de terre et ses habitants y trouvèrent la mort. C'était là les derniers jours probablement du Lychnidos romain et byzantin.

On sait qu'au temps de Justinien Ier il y avait une grande activité pour la reconstruction des villes détruites par les tremblements de terre. En même temps on fortifiait les localités qui au point de vue militaire étaient d'une importance pour la défense du pays. Procope, qui parle de la reconstruction des villes endommagées, ne rapporte cependant pas que Lychnidos



присуството на варварите. Според Прокопија, во време на Јустинијана „Илирик и цела Тракија“ „заедно со Грција и Херсонес“ биле постојано напаѓани „од Хуни, Словени и Анти“. Скоро потоа Словените ја заселиле и нашата територија и се сопреле само пред ѕидовите на тврдиот град Солун. Со заселувањето на Словените настапил период кога секнуваат историските податоци како за старите така и за ново утврдените византиски градови.

Во ново настанатата економска положба и општествена структура немало услови за интензивен градски живот. Но, по еден долг процес на развиток што траел околу три века веќе се назирале знаци на едно ново социјално поиздиференцирано општество.

Внатрешниот развиток на Македонските Словени се усложнил и забрзал со политичкиот притисок од надвор — од Византија пред IX-иот век и Бугарија во IX-иот век. За зацврстувањето на новата политичка ситуација во Македонија доста придонела и црквата. Тогаш и областа околу Охридското Езеро била зафатена со засилена активност во организирањето на христијанската црква. Како некогаш Лихнид, и Охрид станал седиште на епархија. Во 879 год. се споменува еден охридски митрополит по име Гаврил.

Во недостиг на директни податоци тешко може да се разбере што во ова време претставувал Охрид. Меѓутоа, од преписката на византискиот император Роман Лакапен се узнава дека во I-та половина на IX-иот век на Балканот имало градови што биле заселени и снабдени со оружје и провијант. Но оваа белешка како и искажувањата што се надоврзуваат за активноста на Климента во областа околу Охридското Езеро одвај се доволни за создавање појасна претстава за Охрид.

Како што се знае, во Охрид, Охридско и околните предели Климент развил широка просветна и мисионерска работа. Климент добил од бугарскиот владетел Борис (852—889 год.) во Охрид и место за почивка. Тука Климент изградил манастир во кој бил и закопан во 916 година. Пред тоа, на 6 години порано, во

fut reconstruit. D'ailleurs, les localités reconstruites se trouvèrent bien vite en présence des Barbares. A l'époque de Justinien Ier, »l'Illyricum et toute la Thrace«, ainsi que »la Grèce et la Chersonèse« étaient, selon le témoignage de Procope, constamment attaqués par les Huns, les Slaves envahirent notre territoire actuel et ne s'arrêtèrent que devant les murs de Thessalonique. Après l'installation des Slaves, il y eut une période où tarirent toutes les sources pouvant nous renseigner sur les villes fortes byzantines, tant anciennes que nouvelles.

Dans la nouvelle situation économique et sociale, les conditions pour une vie urbaine intense n'étaient guère favorables. Cependant, après un long processus de développement, qui dura presque trois siècles, les symptômes d'une société nouvelle plus differénciée commencèrent à se faire voir.

L'évolution intérieure des Slaves macédoniens devint assez compliquée et fut accélérée par la pression politique exercée de dehors — par la Byzance avant et au cours du IX-e siècle et par la Bulgarie au cours du IX-e siècle. L'Eglise elle aussi contribua la stabilité de la nouvelle situation politique en Macédoine. Elle déploya dans la région autour du lac d'Ohrid une grande activité pour organizer son administration. Comme Lychnidos d'autrefois, Ohrid devint alors le siège de l'éparchie. En 879 on fit mention d'un métropolite au nom de Gabriel siégeant à Ohrid.

Faute de renseignement de première main, il est difficile de savoir ce qui se passait à Ohrid à cette époque-là. La correspondance de l'empereur byzantin Romain Ier Lacipène nous révèle cependant que dans la première moitié du IX-e siècle il y avait dans les Balkans des villes habitées et munies de vivres. Ces renseignements, de même que les données concernant l'activité de Clément dans la région du lac d'Ohrid, suffisent à peine à nous faire une idée plus claire de l'état où se trouvait Ohrid à cette époque.

Clément déploya, comme on le sait, son activité culturelle précisément à Ohrid et dans ses environs. En recompense, il reçut du roi bulgare Boris (852-889)

910 година биле погребени посмртните останки на Наум во манастирот што тој го изградил на јужниот езерски брег. Тогаш во Охрид и околу него на големо се развивал црквениот имот. Наспоредно со тоа растел и бројот на свештените лица, што се гледа од житието на Климента.

Охрид, во понатамошниот развиток до Самуила, веројатно стоел подалеку од крупните политички настани. Во последните децинии на X-иот век во Македонија се развила широка политичка активност што довела до формирање на едно ново и пространо царство и до прогласување на патриаршија со седиште во Охрид. Тука Самуил имал бели дворци во кои се пазело богатство во злато, пари и други скапоцености. По смртта на Самуила во 1014 год. долгата и жилавата борба против Византија се свела главно на давање отпор на одделни велможи. На крајот, во 1018 год. византискиот владетел Василиј II навлегол во Охрид каде бил пречекан од населението. Тогаш биле урнати тука царските дворци бидејќи Византија се плашела да не им послужат тие на незадоволните месни феудали за организирање отпор. Воедно Охриѓаните биле свидетели и во уривањето на една политичка и културна творевина што била создадена и одржувана со усилбите од близу две генерации. Меѓутоа Византија, од политичка сообразност, ја зачувала охридската црква и по уништувањето на воениот потенцијал на Самуиловото словенско царство. Навистина Патријаршијата била деградирана во ранг на Архиепископија, но Охрид останал и натаму православен црковен центар за голем дел од Балканскиот Полуостров. Истовремено Василиј II со три повелби ѝ ги утврдил правата и имотите на Охридската архиепископија. Охридската црква, што скоро потоа и за извесен период била грецизирана, ѝ послужила на Византија во смирувањето на земјата и за одржувањето на византиската власт кај нас.

Во следните векови Охрид не ја достигнал онаа големина што ја имал во времето на Самуила. Охридската тврдина стоела уште во урнатини кога по пет децении од уривањето влегол во градот

une propriété où il fit construire un monastère dans lequel il fut enterré en 916. Six ans plus tôt, en 910, fut enterrée la dépouille mortelle de Nahum dans le monastère qu'il avait fait construire sur la côte méridionale du lac. Ce qui caractérise cette époque de l'histoire d'Ohrid, ce sont les domaines des monastères constitués dans la ville et autour d'elle. Il y eut parallèlement un accroissement du nombre du clergé comme le montre la biographie de Clément.

Dans son évolution allant jusqu'à l'époque de Samuel, Ohrid se trouvait sans doute à l'écart des événements politiques importants. Durant les dernières décades du X-e siècle, il y avait en Macédoine une vie politique intense qui aboutit à la création d'un nouveau et vaste empire et à la proclamation de la patriarchie dont le siège se trouvait à Ohrid. L'empereur Samuel y avait de beaux palais qui cachaient des richesses en or et en argent et d'autres objets précieux. Après la mort de Samuel en 1014, la lutte tenace et durable contre la Byzance se réduit en une resistance organisée par quelques seigneurs seulement. Finalement, en 1018, l'empereur byzantin Basile II s'empara de la ville d'Ohrid où il fut accueilli par la population. Les palais impériaux furent alors démolis car la Byzance craignait qu'il ne servisse de prétexte aux seigneurs du pays pour organiser une nouvelle résistance. Ainsi les habitants d'Ohrid furent-il témoins de l'écroulement d'une formation politique et culturelle organisée et maintenue par les efforts de presque deux générations. Après avoir détruit les effectifs militaires de l'empire slave de Samuel, la Byzance conserva cependant l'Eglise d'Ohrid. Certes la patriarchie fut dégradée au rang d'archevêché, cependant Ohrid ne demeura pas moins centre religieux orthodoxe pour toute une partie de la Péninsule balkanique. Basile II affirma en même temps par trois chartes les droits de l'archevêché d'Ohrid et reconnut ses domaines. L'Eglise d'Ohrid, hellénisée pour un certain temps, servit à la Byzance de remparts dans la pacification du pays et le maintien du pouvoir byzantin sur notre territoire actuel.

Durant les siècles suivants Ohrid ne



војводата Петрил со војската. По задушувањето на востанието на Ѓорѓи Војтех, на неколку години подоцна во Охрид престојувал побунетиот Никифор Василаки кој сакал тука да се прогласи за император на Византија. Подоцна, за владеењето на императорот Алексеј Комнин (1081—1118 год.) Охрид играл улога во војничките операции што Византија ги водела против Норманите. За едно време во текот на борбата Алексеј Комнин тука побарал засолниште. Потоа Норманите завладеале времено со градот. Тогаш преку Охридско минал и дел од крстоносците што зеле учество во Првата Крстоносна војна. Крстоносците како и Норманите веројатно се користеле со стариот пат што водел од Драч за Солун.

Од 80-те години на XI-иот век па во продолжение на неколку децении охридското население видело доста зла и од Норманите, и од крстоносците и од византиската војска. Војната била проследена со грабежи и конфискации на зрнени продукти и добиток. Тогашната состојба во Охридско сликовито е прикажана во писмата што ги испраќал охридскиот архиепископ Теофилакт — современик на настаните. Во тоа време во Охридско се осетил недостиг на работна рака што придонело за засилена експлоатација на црковните парици. Потоа, војната против Норманите ги зголемила потребите на државата, што довело до стеснување на црквениот феуд од страна на световната власт. Истовремено охридскиот архиепископ ги грабел нивите и лозјата на Охриѓаните. Сето тоа дака и безобзирното собирање на даноци при погодна политичка ситуација предизвикало отпор на париците. Тие станале против праксата на црквените феудали во Охридско и Деволско. Париците повеле борба особено против „тиранијата" на учениот, горделивиот но и омразениот архиепископ. За Теофилакта се прикажувало дека бил богат човек, дека имал куќи од неколку ката и дека располагал со големо количество на хранителни продукти. Во текот на борбата Теофилакт ги застрашувал противниците со затворање во охридските кули. Покрај тоа архиепископот бил обвинет

put pas atteindre la grandeur qu'il avait à l'époque de Samuel. La forteresse d'Ohrid était toujours en ruines lorsque, cinq décades après sa démolition, le voïvode Petril entra dans la ville. Après l'étouffement de l'insurrection de Georges Vojteh, à Ohrid séjourna Nicéphore Basilakis qui avait l'intention de s'y proclamer empereur de Byzance. Plus tard, lors du règne de l'empereur Alexis Comnène (1081 — 1118), Ohrid joua un rôle important dans les opérations militaires de la Byzance contre les Normands. Au cours du combat, pour un certain temps, Alexis Comnène lui-même chercha refuge à Ohrid. Ensuite, les Normands s'emparèrent provisoirement de la ville. Ce fut alors qu'une partie des croisés, qui prirent part à la première croisade, traversèrent la région d'Ohrid. Comme les Normands, les croisés prirent probablement l'ancienne route menant de Durazzo à Thessalonique.

A partir des années quatre-vingts du XI-e siècle, durant plusieurs décades, la population d'Ohrid subit de grandes misères dues tant à la présence des Normands et des croisés qu'à celle des armées byzantines. La guerre fut accompagnée de confiscations et de pillages des céréales et du bétail. La situation lamentable où se trouvèrent les habitants d'Ohrid et de ses environs est très bien décrite dans les lettres d'un contemporain, l'archevêque d'Ohrid Théophylacte. A cette époque-là la main-d'oeuvre faisait défaut, ce qui contribua à l'exploitation intense, des serfs attachés aux domaines de l'Èglise. D'autre part, la guerre contre les Normands augmenta sensiblement les besoins de l'Etat qui se trouva obligé de réduire les fiefs ecclésiastiques. En même temps, l'archevêque d'Ohrid se livra au pillage des champs et des vignes de la population. Tout cela, ainsi que la recette brutale des impôts, provoqua la résistance des serfs qui se soulevèrent contre les procédés inhumains du haut clergé des régions d'Ohrid et de Devol. Les serfs menaient leur lutte surtout contre la »tyrannie« de l'orgueilleux et savant, mais détesté archevêque. On disait que Théophylacte était très riche, qu'il avait des maisons à plusieurs étages et qu'il disposait d'une quantité énorme de vivres

дека му ја запалил куќата на парикот Лазар кого го сметал за еден од водачите на отпорот. До смирување на парициите дошло дури по уредувањето односите помеѓу државната власт и охридскиот архиепископ.

Со зацврстувањето на византиската власт се нормализирала положбата и во Охридско. Тогаш, во средината на XII-иот век, според известувањето на арапскиот географ Идризи Охрид се развил во голем град со убави куќи. Градот имал развиена трговија и риболов. Во тоа време Охрид лежел на комуникацијата Драч — Солун. Покрај тоа од Охрид се оделувал пат што поврзувал голем дел од тогашните познати места и предели во Македонија, како на пр. Полог, Скопје, Корица, Струмица, Мородвис и Малеш. Провинцијата Охрид го задржала трговското значење и кон крајот на XII-иот век, што се гледа од повелбата на Алексеј III Ангел, дадена на Венецијанците.

Во тоа време Византија доживеала тешка политичка криза. Внатре во земјата се разгорела социјална и династичка борба. Однадвор Норманите длабоко навлегнале во внатрешноста на Балканот и при тоа го зазеле градот Солун. Постои веројатност дека тогаш норманската војска што тргнала по суво од Драч за Солун го допирнала и Охридско.

Некако во исто време во еден дел од Македонија се утврдила власта на војводата Добромир Хрс. Под контролата на господарот од Просек можеби потпаднал времено и Охрид. Од последните години на владеењето на Хрса па до IV-та Крстоносна војна и формирањето на Латинското царство и Солунското кралство политичката ситуација во Македонија е доста нејасна. Се знае дека во 1203 год. бугарскиот владетел Калојан освоил во Македонија „пусти“ и „беспомошни“ градови. Тогаш и Охрид потпаднал под бугарска власт. Веднаш по погибијата на Калојан градот Просек одново се издигнал како политички центар за голем дел на Македонија. Во тоа време веројатно и Охрид ја признал власта на Стреза.

Политичка нестабилност е карактеристична појава за ситуацијата во Ма-

de toutes sortes. Au cours des combats, Théophylacte menaçait les adversaires de les enfermer dans les tours d'Ohrid. En outre, on l'accusait d'avoirs mis feu à la maison du serf nommé Lazar, que l'on considérait comme un des chefs de la résistance. Les serfs ne se calmèrent que lorsque les rapports entre les autorités publiques et l'archevêque furent réglés.

Avec la consolidation du pouvoir byzantin la situation dans la région d'Ohrid se normalisa. Au milieu du XII-e siècle, selon les renseignements fournis par le géographe arabe Idrizi, Ohrid devint une grande ville avec de très belles maisons. Le commerce et la pêche y florissaient. Ohrid se trouvait alors sur la route menant de Durazzo à Thessalonique. En outre, d'Ohrid partait une route qui ralliait la plupart des régions et des villes de l'époque, telles Polog, Skopje, Korica, Strumica, Morodvis et Maleš. La région d'Ohrid garda également toute son importance en tant que centre commercial à la fin du XII-e siècle, ce qui ressort de la charte qu'Alexis III l'Ange octroya aux Vénitiens.

A cette époque-là la Byzance subissait une crise politique extrêmement grave. A l'intérieur, il y eut des luttes sociales et dynastiques violentes. Du dehors, les Normands pénétrèrent dans les Balkans et prirent Thessalonique. Il est bien probable que l'armée normande, partie pour Thessalonique de Durazzo, traversa la région d'Ohrid.

Presqu'en même temps Dobromir Hrs établit son pouvoir dans une partie de la Macédoine. Ce fut ainsi que la ville d'Ohrid se trouva pendant un certain temps sous le contrôle du maître de Prosek. A partir des dernières années du règne de Hrs jusqu'à la IV-e croisade, la situation en Macédoine fut peu claire. On sait qu'en 1203 le roi bulgare Kalojan conquit en Macédoine des villes »désertes« et »impuissantes«. La ville d'Ohrid tomba alors dans les mains des Bulgares. Aussitôt après le meurtre de Kalojan, la ville de Prosek devint de nouveau le centre politique pour une bonne partie de la Macédoine. Il est bien possible qu'Ohrid ait reconnu alors le pouvoir de Strez.

A partir de la fin du XII-e siècle à la



кедонија од крајот на XII-иот век па до крајот на XIII-иот век. Тогаш внатрешните феудални сили биле преслаби да ја утврдат власта а пак странските сили не биле во состојба за подолго време да ја одржат власта во Македонија. По погибијата на Стреза неколку балкански држави се изменувале како господари во Македонија. Едно време, од 1216 — 1230 год. Македонија била во составот на Епирското деспотство. Тогаш охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан го венчал епирскиот владетел Теодор Комнин за император. Во време кога Хоматијан бил архиепископ се случил уште еден значаен настан. Тогаш од Охридската архиепископија отпаднале повеќе епархии и формирале автокефална српска црква.

По битката кај Клокотница Македонија потпаднала под бугарска власт. Веднаш потоа бугарскиот владетел им дозволил на Дубровчаните слободно да тргуваат во Скопско, Прилепско и Деволско. Тогаш дубровничките трговци веројатно досегале и до Охрид макар што во повелбата не се споменува Охридската хора. Во време на владеението на Асен II дошло до прогласување на Трновската патријаршија а со тоа Охридската архиепископија добила нов тежок удар.

Со потпаѓањето на Охрид под власт на обновената Византија бил направен обид во 70-те години на XIII век да се обнови Охридската архиепископија во границите што ги имала од времето на Василија II. Тогаш Охридската архиепископија барајки реституција се прогласила за наследник на правата што ги имала црквата на Јустинијана Прима. Меѓутоа Византија на Палеолозите немала сили да ја возобнови Охридската архиепископија во целата нејзина некогашна големина. Тогаш напоредно со јакнењето на Србија и Бугарија се утврдиле правата на српската и бугарската црква.

Во 80-те години на 13 век со зацврстувањето на српската власт во Кичевско српската граница се доближила до Охрид. Тогаш во договорот на српскиот крал Милутин со Карло Валоа се

fin du XIII-e, la situation en Macédoine se caractérise par une grande instabilité politique. Les forces féodales intérieures étaient alors trop faibles pour être à même de consolider leur pouvoir, tandis que les puissances étrangères n'étaient pas capables de se maintenir plus longtemps en Macédoine. Après la mort violente de Strez plusieurs états balkaniques devinrent successivement maîtres de la Macédoine. Pendant un certain temps, de 1216 à 1230, la Macédoine faisait partie du despotat d'Epire. L'archevêque d'Ohrid, Démétrios Chomatianos, couronna alors Théodore Comnène, le despote d'Epire, pour empereur. Un événement important eut lieu à l'époque où Chomatianos était archevêque: plusieurs éparchies se séparèrent de l'archevêché d'Ohrid et formèrent l'Eglise serbe autocéphale.

Après la bataille de Klokotnica, la Macédoine tomba sous la domination bulgare. Aussitôt après, le roi bulgare permit aux Ragusains d'exercer un commerce libre avec les province de Skopje, de Prilep et de Devol. Il n'est pas exclu que les Ragusains soient descendus alors jusqu'à Ohrid quoique dans la charte il n'y ait aucune mention de la **chora** d'Ohrid. Pendant le règne d'Asen II fut proclamée la patriarchie de Trnovo, ce qui porta un coup mortel à Ohrid.

Lorsqu' Ohrid fut tombé sous la domination de la Byzance renouvelée, on tenta dans les années soixante-dix du XIII-e siècle de renouveler aussi l'archevêché d'Ohrid sur le territoire qui lui appartenait à l'époque de Basile II. Exigeant la restitution de ses droits, l'archevêché d'Ohrid se proclama également héritier des droits qu'avait l'Eglise de Justiniana Prima. La Byzance des Paléologues n'avait cependant pas les forces nécessaires pour rétablir l'archevêché d'Ohrid dans toute sa grandeur antérieure. Encore faut-il dire qu'avec la consolidation de la Serbie et de la Bulgarie les droits de l'Eglise serbe et bulgare s'affermissaient de plus en plus.

Dans les années quatre-vingts du XIII-e siècle, à l'époque où l'Etat serbe se fut répendu jusqu'à la région de Kičevo, ses frontières s'approchèrent d'Ohrid. Dans l'accord conclu entre le roi serbe Milutin et Charles Valois, Ohrid est men-

споменува и Охрид како гранична област и тоа под име Hoqueri. Неколку децении подоцна во 1334 год. српскиот владетел Душан го зазел „градот славен Охрид“. Во време на српското владение Охридската архиепископија загубила уште неколку епархии во Македонија. Тогаш, во 1346 год. охридскиот архиепископ зел учество во прогласувањето на Душана за цар.

По распаѓањето на српската држава Охрид потпаднал под власт на кралот Волкашин, а по Маричката битка (1371 год.) во Охрид имал власт големиот жупан Андреја Гропа.

Во времето на српската власт во градот се споменува „горни и долни двор“. Како и порано, тогаш Охрид имал развиено подградие. Во прилог на тоа зборува и зачуваниот назив „варош“ за дел од охридската населба. Охрид веројатно се уредувал според „законъ градьскій“ Душановиот законик во чл. 137 укажува на хрисовули „учињени градовима царства ми“. Според чл. 124 грчките градови што ги зазел Душан добиле хрисовули и простагми. Нивната содржина може секако да се разбере од повелбата на Душана за градот Кроја (од 1343 год.).

Во овој период Охрид бил град на крупни црковни и световни феудали. Најстариот познат црковен имот е од времето на Климента. Подоцна тука охридскиот архиепископ имал парици и клирици. Во 1345 год. Душан ги потврдил поранешните права и имоти на манастирот Богородица Перивлепта во Охрид. Тука имал метох и прилепскиот манастир Трескавец. Покрај многубројен црковен клир во градот имало и властела. Од крупните световни феудали во време на Душана се споменува севастократор Бранко „господина же градоу Охридоу“. Подоцна голем велмож бил тука Андреј Гропа.

Скоро потоа Охрид потпаднал под турска власт. Со идењето на Турците на Балканот се создала нова ситуација. Во време на борбите против турските војски тешко настрадале средновековните градови меѓу кои и Охрид.



tionné comme région limitrophe sous le nom de Hoqueri. Quelques décades plus tard, en 1334, le souverain serbe Dušan s'empara de »la ville célèbre d'Ohrid«. Durant la domination serbe l'archevêché d'Ohrid perdit encore quelques éparchies. En 1346, l'archevêque d'Ohrid prit part au couronnement de l'empereur Dušan.

Après l'émittement de l'Etat serbe, Ohrid se trouva sous la domination du roi Volkašin, tandis qu'au lendemain de la bataille de Maritsa il apartint au grand joupan André Gropa.

Pendant la domination serbe, on parlait des châteaux »supérieur et inférieur«. Ohrid avait en effet, comme jadis d'ailleurs, une ville basse fortement développée. La preuve en est la dénomination de »varoš« pour une partie de la ville d'Ohrid. Ohrid était probablement administré selon »la loi de la ville« (законъ градскій) Le code de Dušan mentionne dans l'art. 137 les chrysobulles »accordées aux villes de mon empire« (учињени градовима царства ми). D'après l'art. 124 du code, Dušan aurait accordé aux villes grecques qu'il conquit des chrysobulles et des prostagmes. La charte que Dušan octroya à la ville de Kroja (1343) permet de nous faire une idée de leur contenu.

Dans cette période, Ohrid était une ville de grands seigneurs et du haut clergé. Le domaine le plus ancien appartenant à l'Eglise datait de l'époque de Clément. Plus tard l'archevêque d'Ohrid y avait des serfs et du bas clergé. En 1345, Dušan confirma les droits et les biens du monastère de la Vierge Périvleptos d'Ohrid. Le monastère Treskavec de Prilep y avait également un métoche. A part le nombreux clergé, il y avait dans la ville des seigneurs. Parmi les grands seigneurs de l'époque de Dušan, on fait mention du sébastocrateur Branko »seigneur de la ville d'Ohrid« (господина же градоу Охридоу). Plus tard, André Gropa y était grand seigneur (велмож).

Bientôt après, Ohrid tomba sous la domination turque. L'arrivée des Turcs dans les Balkans créa une situation tout à fait nouvelle. Lors des combats contre les armées turques les villes médiévales, Ohrid y compris, subirent de grands dommages.

D. Koco

## РАНОХРИСТИЈАНСКИ БАЗИЛИКИ ВО ОБЛАСТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

Меѓу македонските градови чија историја претставува интерес за научниците од сите балкански и голем дел други земји несомнено спаѓа и главниот град на Охридската област Охрид. Историјата на овој град, која може со поголема или помала прецизност, иако со прекинувања, да се следи повеќе од два милениума, е драгоцен придонес за создавање претстава за промените што се извршувани во текот на разните општествени формации кај народите што живееле во Македонија и за развитокот и континуитетот на нивната култура.

Интересот кон проучувањата на историјата на овој град и неговата околија најрано се појавува кај оние учени што си имаа поставено за задача да ја осветлат историјата на старата македонска држава. Меѓутоа, доста рано и не со помал интерес за историјата на Охрид се среќаваат и учени кои своето внимание го свртија кон проучувањето на почетоците на словенската писменост и култура, и на овој град, како на еден од најстарите и најважните словенски културни центри, му посветија толку големо внимание што со него е сврзана активноста на највидните светски слависти и историчари на средновековната историја на балканските народи.

И сепак историјата на Охрид и неговата околија и покрај овој голем интерес што до денес ѝ е укажуван, и покрај извонредно важните резултати на досегашните проучувачи не е уште целосно проучена. Има периоди што се слабо проучени, како на пр. периодот од доселувањето на Словените на Балканот

## BASILIQUES PALEOCHRETIENNES DANS LA REGION DU LAC D'OHRID

Le chef-lieu de la région d'Ohrid, la ville d'Ohrid, est une des villes macédoniennes dont l'histoire attire l'attention du monde savant de tous les pays balkaniques et même en dehors des Balkans L'histoire de cette ville, que l'on peut suivre, quoique d'une manière intermittente, avec une assez grande précision pendant plus de deux millénaires, nous permet de nous faire une idée des transformations produites dans le sein de diverses formations sociales des peuples qui habitaient la Macédoine, ainsi que de l'évolution et de la continuité de leur culture.

L'intérêt pour l'histoire de cette ville et de ses alentours fut conçu d'abord par les savants qui s'étaient proposés d'étudier l'histoire de l'ancien Etat macédonien. Cependant, dès lors il y avait des historiens qui montrèrent un vif intérêt pour Ohrid et qui s'appliquèrent à étudier les premiers pas de la littérature et de la culture slaves. Finalement, Ohrid a tellement suscité l'intérêt des savants que l'activité des slavisants et des historiens du moyen âge balkanique les plus eminents est étroitement liée à lui.

Et pourtant, malgré ce grand intérêt qui n'a cessé même de nos jours, malgré les résultats extrêmement importants des recherches entreprises jusqu'ici, l'histoire d'Ohrid et de ses alentours n'est pas entièrement étudiée. Il y a des périodes qui ne sont connues que très peu, telle la période qui se situe entre l'arrivée des Slaves dans les Balkans et le milieu du IX-e

до средината на IX век[1]). Некои делови од неговата историја воопшто не се проучени, или поточно се толку слабо проучени што повеќе одговара на вистината ако се каже дека за нив имаме толку малу податоци што не можеме да ги согледаме дури ни нивните контури. Во редот на тие делови е и ранохристијанскиот период од историјата на Охрид и неговата околија. До скоро за овој период ние имавме само неколку податоци.[2])

За да се пополни оваа, навистина, голема празнина, инаку многу значајна за добивање континуитет во историјата на Охрид од појавата на христијанската религија наваму, во 1950 година се пристапи кон археолошки проучувања на оние локалитети за кои постоеја сигурни индиции дека ќе откријат споменици од овој период. И археолошките проучувања што ги извршија Археолошкиот музеј во Скопје и Народниот музеј во Охрид[3]) дадоа добри резултати. Во село Октиси недалеку од Струга, се востанови формата и откри голем дел од подниот мозаик во нартексот и централниот кораб на ранохристијанската базилика чијшто југозападен дел беше откриен уште во 1927.[4]) Во село Радолишта исто така недалеку од Струга, се откри ранохристијанска базилка[5]), а се востанови дека и црквата кај Студенчишта, крај Охрид, која беше делум откриена 1925 година, е ранохристијанска базилика.[6]) Кон овие базилики може да се приклучи и најстарата досега констатирана црква во Охрид, над чии урнатини се подигнати две цркви, изледа со исти димензии како и првата, од кои последната е денешната црква Св. Софија. Во прилог на вакво мислење зборува основата на ранохристијанска базилика што

siècle.[1]) Il y a même des portions de son histoire qui n'ont jamais été étudiées, ou bien qui ont été étudiées si peu qu'il serait perfaitement vrai de dire qu'on en a si peu de renseignements que l'on ne saurait en tracer même les contours. Parmi les périodes très peu connues de l'histoire d'Ohrid et de ses alentours est la période paléochrétienne. Jusqu'à ces derniers temps on n'avait sur cette période que quelques renseignements puisés parci,par-là.[2])

Pour combler cette lacune qui nous empêchait de connaître dans sa continuité l'histoire d'Ohrid depuis les débuts du christanisme jusqu'à nos jours, on a procédé en 1950 à des fouilles archéologiques des localités où l'on croyait avoir des indices de l'existence des monuments de cette période. Les recherches poursuivies par le Musée archéologique de Skopje aussi bien que par le Musée national d'Ohrid[3]) ont donné des résultats intéressants. Ainsi, dans le village d'Oktisi, non loin de Struga, on a pu reconstituer la forme et découvrir la plus grande partie d'une mosaïque qui ornait le plancher du narthex et de la nef centrale de la basilique paléochrétienne, dont la partie sud-ouest avait été découverte en 1927 déjà.[4]) Dans le village de Radolišta, toujours non loin de Struga, on a découvert une basilique paléochrétienne,[5]) et l'on a constaté également que l'église de Studenčišta, près d'Ohrid, découverte en partie en 1925, était une basilique paléochrétienne.[6]) A ces basiliques on pourrait ajouter encore l'église qui passe pour être la plus ancienne d'Ohrid et sur les vestiges de laquelle ont été construites deux autres égilises ayant, paraît-il, les mêmes dimensions que la première et dont l'une est la Sainte So-

1) Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охридъ, Македонски прегледъ an. IV. vol. I. 1928, p. 99.

2) Ibid., pp. 96—97; **Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, Скопље**, 1957, p. 226.

3) Le Musée archéologique de Skopje a fait les fouilles sous la direction de Dimče Koco, assisté en partie par Petar Miljković-Pepek, entre 1950 et 1959, et le Musée national d'Ohrid sous la direction de Vasil Lahtov.

4) **Димче Коцо, Средновековните споменици во Струга и Струшко**, en **Годишен Зборник на Филозфскиот факултет, Скопје**, 1951, p. 14.

Une partie des mosaïques se trouvant dans le narthex et dans la nef centrale a été découverte en 1958 par Petar Miljković-Pepek, conservateur au Musée archéologique de Skopje.

5) **Димче Коцо** op. cit., p. 14; le même: **O simboličnom značenju podnih mozaika ranohrišćanskih bazilika**, en Peristil, Zagreb, 1957, pp. 53—55.

6) **Васил Лахтов, Резултати заштитног ископавања на ранохришћанској базилици крај „Студенчишта" — Охрид**, 1957, conférence faite en 1958 à l'Institut archéologique de l'Académie serbes des sciences.



е најдена претставена како релјеф, на една тула од Св. Софија во Охрид, која е идентична со релјефната претстава на ранохристијанска базилика најдена на две тули од ранохристијанската базилка во Радолишта.[7])

Откриените ранохристијански базилики во Охридската област се трикорабни со полукружна олтарна апсида што одговара на широчината на централниот кораб. Базиликата во Радолишта има, западно од корабите, нартекс, пастофории (северно и јужно од нартексот), атриум и други простории чија намена засега не може со сигурност да се востанови, бидејќи дел од нив (јужно од јужниот кораб) не се целосно ископани, туку се востановени само нивните форми и тоа според правецот на ѕидовите (сл. 1). Источниот дел на базиликата со масивни столпци е поделена на три кораби, кои биле засведени, исто како и нартексот, што се гледа не само по дебелината на ѕидовите, стаапците и арките што ги поврзувале столпците, туку и по распоредот на ѕидните маси што одговара на потребите на еден свод, а не на дрвена конструкција на покривот. Западно од нартексот има трем со по една просторија северно и јужно од него од кои само јужната комуницирала со тремот. Судејќи по дебелината на западниот ѕид од тремот, која е за 20 см. помала од останалите ѕидови, а идентична со дебелината на северниот и јужниот ѕид на атриумот (0,60 м.), овој трем во сушност е источниот дел од атриумот.

Кај базиликата во Студенчишта (сл. 2), поради конфигурацијата на теренот, со која се објаснува и разликата од нивоата на подовите од главните делови на базиликата, трите кораби, земени во целина, се развиени повеќе во ширина отколку во должина. Корабите, изгледа, биле поделени со колони што може да се заклучи по сочуваниот стилобат, но трагови од колоните не се најдени[8]). Судејќи по дебелината на страничните ѕи-


phie. A l'appui de cette opinion vient le plan de la basilique paléochrétienne mise en relief sur une brique de Sainte-Sophie d'Ohrid et qui est identique au relief de la bisilique paléochrétienne retrouvé sur deux briques de la basilique paléochrétienne de Radolišta.

Les basiliques paléochrétiennes, découvertes dans la région d'Ohrid, sont des basiliques à trois nef, dont l'abside du sanctuaire, qui correspond à la largeur de la nef centrale, forme un hémicycle. La basilique de Radolišta a, à l'ouest des nefs, un narthex, des pastophores (au nord et au sud du narthex), un atrium et d'autres pièces encore dont la destination pour le moment du moins, n'est pas tout à fait claire étant donné que quelques-unes d'elles (au sud de la nef méridionale) ne sont pas entièrement fouillées; on a pu seulement reconstituer leurs formes d'après la direction des murs (fig. 1). La partie orientale de la basilique, aux colonnes massives, est repartie en trois nefs, qui devaient être, comme l'est le narthex, voûtées, ceci est confirmé non seulement par l'épaisseur des murs, des colonnes et des arcs qui reliaient les colonnes, mais aussi par la disposition des masses des murs qui répond aux besoins d'une voûte et non d'une charpente en bois. A l'ouest du narthex, il y a un porche aux extrêmités sud et nord du quel se trounent des pièces, dont seulement la pièce méridionale communiquait avec ce porche. A juger d'après l'épaisseur du mur occidental du porche, qui est de 20 cm. plus mince que les autres murs et identique à l'épaisseur des murs septentrional et méridional de l'atrium (0,60 m.), il constitue en effet la partie orientale de l'atrium.

Quant à la basilique de Studenčišta (fig. 2), les trois nefs prises dans leur ensemble, sont plus larges que longues. Cela est dû à la configuration du sol par laquelle s'explique la différence des niveaux des plachers des parties principales de la basilique. Les nefs étaient, semble-t-il, séparées l'une de l'autre par des colonnes, ce qu'on peut conclure d'après le stylobate conservé, mais les traces des colonnes n'ont pas été retrouvées. [8]) A juger d'après l'épaisseur des murs latéraux de la partie principale de la basili-

7) **Димче Коцо, Црквата Св. Софија во Охрид** en **Год. Зборник на Фил. факул. Скопје**, 1949, fig. 12; le même, **Nouvelles considérations sur l'église de Sainte-Sophie d'Ohrid**, en Archaeologia iugoslavica II, Beograd, MCMLVI, pp. 139—140.

8) **Васил Лахтов, op. cit.**




Сл. 1. — Основа на базиликата кај с. Радолишта
Fig. 1. — Plan de la basilique près du village de Radolišta

дови на главниот дел на базиликата и останатите простории (0,65 м.), корабите биле покриени со дрвена конструкција, односно исто како нартексот и атриумот. Северно и јужно од нартексот, којшто во суштност е источниот дел од атриумот, има две простории, од кои се-

que et de ses autres pièces (0,65 m.), les nefs auraient dû être couvertes d'une construction en bois, soit comme le sont le narthex et l'atrium. Au nord et au sud du narthex, qui constitue en effet la partie orientale de l'atrium, il y a deux pièces dont celle du nord est sans doute une





Сл. 2. — Основа на базиликата кај Студенчишта — Охрид (ископување 1957, В. Лахтов)
Fig. 2. — Plan de la basilique près de Studenčišta — Ohrid (Fouilles de V. Lahtov en 1957)

верната е секако пастофорија, а јужната пастофорија или катихумеион. Источно од оваа јужна просторија е четиристраната крстилница со крстообразна писцина која со по еден влез комуницирала со оваа јужна просторија и со јужниот кораб на базиликата.

Откриениот дел на базиликата во Октиси покажува дека должината на нар-

pastophore et celle du sud une pastophore ou un catéchuméion. A l'est de cette pièce méridionale se trouve le baptistère quadrilatère avec une piscine en forme de la croix qui communiquait avec cette pièce et avec la nef méridionale de la basilique.

La partie découverte de la basilique d'Oktisi montre que la longueur du nar-

тексот била поголема од широчината на трите кораби[9]), односно дека северниот и јужниот дел од нартексот можел да биде користен за други потреби на црквата, а не само како нартекс, бидејќи во јужниот дел од нартексот се наоѓа крстилницата на базиликата која изгледа просторно претставувала целина со нартексот.

Во базиликите во Октиси, Радолишта и Студенчишта сочувани се делови од подната мозаична декорација. Таа ги покривала централниот кораб и нартексот, а во Студенчишта и одделението јужно од нартексот. Северниот и јужниот кораб на базиликите, како и останатите простории, покриени се со тули. Сочуваните мозаици позволуваат да се добие претстава за декорацијата. За разлика од Октиси, каде што во нартексот мозаикот има декорација што секако алудира на рајското насеље (сл. 3) и каде е, барем за сега, односно до дефинитивното проучување на мозаиците[10]), изоставен дел од оние симболични фигури на животни што обично ги наоѓаме во нартексот или кај некои ранохристијански базилики во Северна Италија во страничните кораби[11]), во Радолишта и Студенчишта мозаиците во нартексот се симболични претстави од ранохристијанската декорација комбинирани со плетерна орнаментика и орнаментика земена од флората какви што често среќаваме во овој период во поголемиот дел од Римската империја (сл. 4а, 4б, 5, 6). Ист е случајот и со мозаиците во наосот (сл. 7). Се она што е познато како симболика во ранохристијанските базилики главно се наоѓа и во Радолишта и Студенчишта. Со оглед на тоа што мозаиците во источниот дел од централниот кораб се сосема уништени, ние не можеме да го тврдиме дури и тоа дека во овие наши базилики немало претстави на човечки образи или натписи, кои во сочуваните делови на мозаиците не се констатирани. Напротив, ако сакаме да претполагаме врз основа на аналогии, ние би имале право да го тврдиме обрат-

thex était plus grande que la largeur de toutes les trois nefs, [9]) c'est-à-dire que les parties septentrionale et méridionale du narthex pouvait être utilisées pour d'autres besoins de l'église et non seulement comme narthex, car dans sa partie méridionale se trouvait le baptistère de la basilique qui, semble-t-il, constituait une entité avec le narthex.


Dans les basiliques d'Oktisi, de Radolišta et de Studenčišta sont conservés des fragments d'une décoration de plancher en mosaïque. Celle-ci couvrait les planchers de la nef centrale et du narthex, tandis qu'à Studenčišta elle couvrait aussi le plancher de la pièce se trouvant au sud du narthex. Les nefs septentrionale et méridionale, de même que toutes les autres pièces de ces basiliques sont couvertes de briques. Les fragments de la mosaïque conservée nous permettent de nous faire une idée de la décoration. Contrairement à la basilique d'Oktisi, où la mosaïque du narthex a une décoration qui fait sans doute allusion au paradis (fig. 3) et où est supprimée, semble-t-il, du moins jusqu'à l'étude définitive de la mosaïque, une partie des figures symboliques représentant des animaux que l'on trouve habituellement dans les narthex ou dans les nefs latérales de certaines basiliques paléochrétiennes de l'Italie du nord, dans les basiliques de Radolišta et de Studenčišta, les mosaïques du narthex représentent des figuees symboliques, que l'on retrouve dans la décoration paléochrétienne, combinées avec des entrelacs et des ornements représentant le monde des plantes répandus durant cette période dans la plus grande partie de l'Empire romain (fig. 4 a-b, 5, 6). Les mosaïques du naos offrent des décorations pareilles (fig. 7). Tout ce qui est connu comme symbole dans les basiliques paléochrétiennes, on le retrouve pour la plupart à Radolišta et à Studenčišta. Etant donné que les mosaïques de la partie orientale de la nef centrale sont complètement détruites, nous ne pouvons même pas supposer que dans ces deux basiliques il n'y avait pas représentées des figures humaines ou des

[9]) Димче Коцо, **Средновековните споменици во Струга и Струшко**, en **Год. Зборник на Фил. факул. Скопје**, 1951, fig. 2.

[10]) Les mosaïques seront publiées par le Musée archéologique de Skopje.

[11]) Giovanni Brusi, **La più antica »domus ecclesiae« di Aquileia e i suoi annessi**, Udine, 1960, fig. 14.





Сл. 3. — Цртеж на сочуваниот дел од мозаичниот патос во базиликата крај с. Октиси (ископување 1959, П. Миљковиќ — Пепек)

Fig. 3. — Dessin de la partie conservée du plancher en mosaïque de la basilique près du village d' Oktisi (Fouilles de P. Miljković — Pepek en 1959)

ното. Но, при сегашната состојба најприемливо би било, за периодот на нивното изградување, да заклучуваме врз основа на распоредот на сочуваната декорација, симболичните ранохристијански претстави и стилот на мозаиците. Со исклучок на стилот, се што констатираме на овие мозици нé води во V век. Особено симболичните претстави од флората и фауната. Тие се толку евидентни за V век што би можеле, ако го исклучиме карактерот на стилот, да ги сметаме за дело од V век. Меѓутоа, самиот стил зборува за покасно датирање. Шематизмот, линеаризмот, отстапувањето од пластичното претставување на фигурите, како и самиот колорит што делува

inscriptions, qui dans les fragments conservés des mosaïques n'on pas pu être constatées. Si l'on voulait conjecturer en partant des hypothèses, on aurait tous les droits de croire le contraire. En ce qui concerne l'époque de leur exécution, le plus vraisemblable, à l'état actuel des choses, serait de faire des conclusions en partant seulement de la disposition des décorations conservées, des figures symboliques paléochrétiennes et du style des mosaïques. Excepté le style, tout ce que l'on peut constater dans ces mosaïques nous conduit au Ve siècle. Surtout les figures symboliques représentant des animaux et des plantes. Cependant, leur style nous porte à modifier cette opinion. Le



Сл. 4а. — Геометриска орнаментика на мозаичниот патос во нартексот од базиликата крај с. Радолишта

Fig. 4a. — Décoration géométrique du plancher en mosaïque dans le narthex de la basilique près de Radolišta



Сл. 4б. — Украсната орнаментика на мозаичниот патос во централниот дел на нартексот од базиликата крај с. Радолишта

Fig. 4b. — La décoration du plancher en mosaïque dans la partie centrale du narthex de la basilique près de Radolišta



Сл. 5 — Животински украсен мотив на мозаичниот патос во централниот дел на нартексот од базиликата крај с. Радолишта

Fig. 5. — Motif animal de la décoration du plancher en mosaïque dans la partie centrale du narthex de la basilique près de Radolišta



Сл. 6. — Украсна орнаментика на мозаичниот патос на нартексот од базиликата крај Студенчишта — Охрид

Fig. 6. — Décoration du plancher en mosaïque dans le narthex de la basilique près de Studenčišta — Ohrid



Сл. 7. — Украсна орнаментика на мозаичниот патос на наодот од базиликата крај с. Радолишта
Fig. 7. — Décoration du plancher en mosaïque dans le naos de la basilique près de Radolišta



во духот на познатите византиски декорации од V—VI век, налагаат овие мозаици да се датираат повеќе во почетокот на VI век отколку кон крајот на V век. За вакво датирање на мозаиците во Радолишта и Студенчишта зборува уште еден многу важен факт. Именно, во овие базилики, како и во стобиските и сите други базилики во Македонија и Србија што припаѓаат на ранохристијанскиот период, пастофориите (што на овој дел од Источното Римско царство од средината на VI век ги среќаваме на место на западниот дел на базиликата на источниот и тоа по воведувањето на службата Великиот Вход)[12]) се на западниот дел од базиликата, односно лево и десно од нартексот. Овој факт се потврдува и со постоењето на источни влезови на страничните кораби од базиликата што би биле нелогични во случај да се користеле тие делови од базиликата за службата Великиот Вход. За вакво датирање на базиликите зборува и местото на подните мозаици. Во Македонија и Србија (Царичин Град) во поголем дел од рановизантиските базилики подни мозаици имаме само во централниот кораб и нартексот, а по исклучок и во катихумеионот што води во крстилницата (базиликата Св. Јован Крстител во Стоби, базиликата кај Студенчишта). Овој факт не може да се смета ниту за случајност, ниту како резултат на недостиг на материјални средства. По сé изгледа дека е тоа еден принцип во декорацијата на ранохристијанските базилики што за прв пат го забележив по извршените ископувања во Стоби и Радолишта. Затоа го подвлекувам и неговото значење, бидејќи по забележувањето на овој принцип може поточно да се определи физиономијата на ранохристијанската, односно рановизантиската базилика во нашата земја.

До проучувањата на базиликите во Охридската област, како неподложно на сомнение постоеше мислење во науката дека кај ранохристијанските базилики, трите кораби на базиликата го чинат наосот. Никој не се сомневаше во тоа дека страничните кораби претставуваат дел

schématisme, le linéarisme, l'éloignement de la représentation plastique des figures, de même que le coloris qui fait le même effet que les décorations byzantines bien connues du Ve au VIe siècle, nous oblige de dater ces mosaïques du début du VIe siècle plutôt que de la fin du Ve siècle. Un fait très important vient à l'appui de cette datation des mosaïques de Radolišta et de Studenčišta. Dans ces basiliques, comme dans les basiliques de Stobi et dans toutes les autres basiliques de la Macédoine et de la Serbie datant de la période paléochrétienne, les pastophores (qui dans l'Empire d'Orient du milieu du VI-e siècle se trouvaient après l'institution de »Veliki Vhod«, à l'est et non à l'ouest) [12]) se trouvent à l'ouest, soit à gauche et à droite du narthex. Ce fait est confirmé aussi par l'existence des entrées orientales des nefs latérales, ce qui serait illogique si ces parties de la basilique étaient utilisées pour le »Veliki Vhod«.

La surface couverte de mosaïque est encore une preuve que ces basiliques datent du début du VI-e siècle. En Macédoine et en Serbie (Caričin Grad), dans la plupart de basiliques paléochrétiennes la mosaïque ne couvre que le plancher de la nef centrale et du narthex, et par exception celui du katéchuméion communiquant avec le baptistère (la basilique de Saint Jean-Baptiste de Stobi, la basilique de Studenčišta). Ce fait ne peut pas être considérer comme un pur hasard, ni même expliquer peut être par un manque de matériaux de construction. Tout porte à croire que c'était là un principe de décoration des basiliques paléochrétiennes, que nous avons pu constater pour la première fois après les fouilles effectuées à Stobi et à Radolišta. Nous tenons à souligner ce principe, car c'est après l'avoir constaté seulement que nous pouvons nous faire une idée de la physionomie de la basilique paléochrétienne, c'est-à-dire de la basilique paléobyzantine dans notre pays.

Jusqu'aux récentes études des basiliques de la région d'Ohrid, il existait dans la science une opinion qui passait pour

[12]) **Ђорђе Стричевић, Ђаконикон и протезис у ранохришћанским црквама** en **Старинар**, vol. IX—X, 1958—1959, **Београд**, 1959, pp. 63 et 64.

од наосот. Доколку се одбележуваа извесни разлики на нивоата на подовите од корабите и од нартексот и атриумот, тоа се правеше во смисла да се види нешто што произлегувало од конфигурацијата на теренот или како последица на некој непознат чинител. Обидот пак на Ѓ. Ману Зиси со службата Големиот вход да ги објасни разликите во подовите кај базиликата во јужниот дел на Царичин Град[13]) се покажа само дотолку корисен што покрена еден проблем нов за науката. По сѐ изгледа дека решението за поставување тули на подовите во страничните кораби кај повеќе ранохристијански базилки во Македонија и Србија и источни влезови во страничните кораби[14]) треба да се бара во друг правец и во време што претходи на создавањето на споменатата служба. Во една моја статија јас веќе имам укажано на можноста за објаснување на разликите меѓу подовите на ранохристијанските базилики кај нас[15]) и проучувањата на ранохристијанските базилики во Охридската област само го дополнуваат моето мислење. Навистина поставувањето тули во страничните кораби, а мозаици во централниот кораб и нартексот во толку многу цркви (Св. Јован Крстител во Стоби, базиликата во јужниот дел на Царичин Град, базиликата во Радолишта, во Октиси, кај Студенчишта, новооткриената базилика во Хераклеја Линкестис)[16]) мора да бара научно објаснение. Лесно е забележливо дека централниот кораб и нартексот со основите и со своите горни делови чинат крст и тој симбол е подвлечен и со подната мозаична декорација. Разбирливо е и тоа, како што знаеме по сочуваните ранохристијански базилики, што е декорацијата на ѕидовите од централниот кораб подвлечена не само со религиозната содржина, туку и со вредноста на материјалот. Особено декорацијата на олтарниот простор,

être irrécusable et selon laquelle les trois nefs de la basilique paléochrétienne constituaient le naos. Personne ne s'en doutait que les nefs latérales faisaient partie du naos. Dans la mesure où l'on soulignait certaines différences de niveau des plancher des nefs d'une part et du narthex et de l'artium de l'autre, on ne le faisait que pour mettre l'accent sur la configuration du sol ou sur quelque facteur inconnu. La tentative de Đ. Manu Zisi d'expliquer les différences de niveau des plancher de la basilique se trouvant dans la partie méridionale de Caričin Grad [13]) était utile dans la mesure ou elle posait un nouveau problème devant la science. Il semble que la solution du probleme concernant le fait que les nefs latérales de la plupart des basiliques paléochrétiennes en Macédoine et en Serbie et les entrées orientales des nefs latérales [14]) etaient recouvertes de briques, doive être chercher ailleurs et à une époque qui précède l'institution du »Veliki Vhod«. Dans un de nos articles précédents nous avons déjà fait allusion à la possibilité d'expliquer les différences entre les planchers des basiliques paléochrétiennes chez nous. [15]) L'étude des basiliques paléochrétiennes de la région d'Ohrid ne fait que confirmer notre opinion. En effet, les briques recouvrant le plancher des nefs latérales et les mosaïques ornant le plancher de la nef centrale et du narthex de la plupart des églises (Saint Jean-Baptiste de Stobi, la basilique se trouvant dans la partie méridionale de Caričin Grad, celles de Radolišta, d'Oktisi, de Studenčišta, la basilique récemment découverte à Héraclée des Lyncestes[16]) appellent une explication fondée sur une méthode scientifique. Il est aisé de constater que la nef centrale et le narthex forment, par leur base et leurs parties supérieures, une croix et ce symbole est souligné également par la

---

[13]) **Ђорђе Мано Зиси, Ископавања на Царичином Граду 1949—1952 године**, en **Старинар**, vol. III—IV, 1952—1953, p. 133.

[14]) Selon J. Lassus, les églises de Syrie ont des portes aux façades orientales beaucoup plus rarement qu'aux nefs latérales et quand il y en a »elles répondent alors à des circonstances locales«. (Cf. J. Lassus, **Sanctuaires chrétiens de Syrie**, Paris, 1947, p. 186.

[15]) **Dimče Koco, O simboličnom značenju podnih mozaika ranohrišćanskih basilika**, en Peristil, Zagreb. 1957.

[16]) La basilique de Heraclea Lynkestis, découverte récemment, n'a pas encore été publiée. Cette basilique a été découverte en 1960 lors des fouilles faites par l'Institut fédéral de protection des monuments historiques et culturels de RPFY.



односно триумфалната арка и олтарната апсида. Меѓутоа, како да се разбере третирањето на страничните кораби, ако тие влегуваат во поимот наос кога се тие до таа мера занемарени што се во сушност идентифицирани со оние простории што претставуваат акцесории на црквата, а не нејзин битен, основен дел, и кога комуницирањето е возможно и преку источните врати, кои кај базиликата Св. Јован Крстител во Стоби биле покасно, секако во врска со една реставрација на базиликата, зазидани. За моите поими логично би било на страничните кораби да им се укаже барем она внимание што му било укажано на нартексот којшто бил определен за катихумените. Познато е дека катихумените, како и паганите, имале право да присуствуваат на првиот дел од литургијата, и тоа во нартексот, каде што требало да застанат исклучените на коишто им било забрането влегувањето во наосот. Според Св. Григориј Чудотворец слушачите требало да бидат надвор од вратите на богомолницата (ἔνδοθι τῆς πύλης ἐν τῷ νάρθηκι.[17]) Па како тоа на местото што било определено за оние што не можеле да присуствуваат на целата служба, односно што требало по извесен дел од службата да бидат зад вратите од црквата, да му биде дадено поголемо значење отколку на местото што било определено за верните? Во секој случај нужно е објаснение на овие факти. И јас сметам дека е можно да се даде одговор на поставеново прашање, ако се проучи повеќе институцијата катихумени и определи местото на сите непокрстени што изразувале желба да ја примат христијанската религија и со таа цел доаѓале да присуствуваат на оној дел од службата на којшто според црковните канони, имале право да присуствуваат.

Во ранохристијанскиот период постоеле два вида катихумени, односно катихумените се делеле на катихумени *competentes* или *illuminandi* и катихумени *audientes*[18]). Катихумените *competentes* биле и морално и интелектуално приремени да ја примат христијанската вера и требало да се изврши само чинот

décoration en mosaïque. Il est naturel aussi que, comme on le sait d'après les basiliques paléochrétiennes conservées, la décoration de murs de la nef centrale soit marquée non seulement par un contenu religieux, mais aussi par la qualité des matériaux. Surtout la décoration de l'autel, soit celle de l'arc triomphal et de l'abside de l'autel. Cependant, comment expliquer le traitement des nefs latérales si elle font partie du naos puisqu'elles sont tellement négligées qu'on les identifie aux pieces constituant les accessoires de l'église et non ses élements fondemantaux et puisque la communication en est possible aussi par les portes orientales qui, en ce qui concerne la basilique de Saint Jean-Baptiste de Stobi, furent murées plus tard, probablement lors d'une restauration de la basilique (fig. 8). Pour notre part, il nous semble tout à fait légitime qu'on porte aux nefs latérales la même attention qu'au narthex qui était destiné aux catéchumènes. On sait que les catéchumènes, de même que les paiens, pouvaient assister à la première partie de la liturgie, mais seulement dans le narthex reservé uniquement aux exclus qui n'avait pas le droit d'entrer dans le naos. D'après saint Grégoire le Thaumaturge les auditeurs devaient se tenir hors de la porte de l'oratoire (ἔνδοθι τῆς πύλης ἐν τῷ νάρθηκι. [17]) Et comment se fait-il qu'on a accordé plus d'importance à l'endroit destiné à ceux qui ne pouvaient pas assister à toute la liturgie qu'à celui qui était destiné aux fidèles? En tout cas, ces faits appellent des explication. Et nous croyons qu'on peut donner une réponse à cette question si l'on étudie de plus près l'institution de catéchumènes et si l'on arrive à déterminer la place de tous les infidèles qui avaient exprimé le désir de se faire chrétiens et qui venaient assister à la partie de la liturgie à laquelle, d'après les canons de l'Eglise, ils avaient le droit d'assister.

Dans la période paléochrétienne il existait deux catégories de catéchumènes: **competentes** ou **illuminandi** et **audientes.**[18]) Les catéchumènes de la catégorie des **competentes** étaient moralement et

---

17.) **Dictionnaire d'archéologie chrétienne et de liturgie**, publié sous la direction de F. Cabrol et H. Leclercq, Tome II C-Ces, Paris, 1924, p. 2583 et Tome XII, 1935, p. 889.

покрстување за да станат христијани. Катихумените *audientes*, меѓутоа, биле далеку од чинот покрстување. Меѓу едните и другите постоела разлика. Катихумените *audientes* можеле за секога да останат пагани, односно да не го примат христијанството, додека за катихумените *competentes* примањето во редовите на христијаните било прашање поврзано со определено време, односно со обавување на чинот покрстување. Според XIV канон на Никејскиот вселенски собор катихумените, секако катихумените *competentes*, што паднале, односно што направиле некој тежок грев, требало да се сметаат само три години како *audientes*, а по тоа време можеле пак да се молат заедно со катихумените *competentes*, односно ги стекнувале правата на катихумените *competentes*[19]). Дионисиј Ареопагит и едните и другите ги третира како нехристијани, кои исто како и грешниците и бесомачениците имале право да присуствуваат само на дел од литургијата[20]). Јасно е дека освен категориите христијани свештеници и верници постоела и трета категорија на луѓе што присуствувала на христијанската служба, иако не на целата. Секоја категорија имала свое место во црквата. Кај третата категорија имало изгледа и поткатегорија. Според досегашните наши познанија, почнувајќи од влезот на црквата па одејќи кон наосот, се ределе местата на нехристијаните сообразно со степенот на готовноста за примање на христијанската религија, а кај христијаните сообразно со хиерархијата во црквата. Ако кон овие наши познанија додадеме дека христијаните жени не можеле да се мешаат со христијаните мажи, би можеле да претполагаме дека и членовите од третата категорија биле поделени според полот на две групи, односно дека зад мажите христијани доаѓале мажи нехристијани, а зад жените христијанки жени нехристијанки[21]).

Овој распоред освен хиерархиско имал и практично значење. Бидејќи црквата претставувала место каде нехрис-

intellectuellement préparés d'embrasser la religion chrétienne et il ne leur restait pour devenir chrétiens que l'acte même du baptême. Les catéchumènes **audientes**, cependant, étaient encore très loin du baptême. Entre les uns et les autres il y avait donc des différences sensibles. Les catéchumènes **audientes** pouvaient rester païens pour toujours et ne jamais embrasser le christianisme, tandis que pour les catéchumènes **competentes** la conversion n'était qu'une question de temps. Selon le canon XIV du concile oecuménique de Nicèe, les catéchumènes, sans doute les catéchumènes **competentes**, qui avaient commis un gros péché ne devaient être considérés commes **audientes** que durant les trois années suivantes, après lesquelles ils pouvaient de nouveau prier avec les catéchumènes **competentes.** [19]) Dionysos l'Aréopagite traitait les uns et les autres de non-chrétiens qui, de même que les pécheurs et les énegrumènes, n'avaient le droit d'assister qu'à une partie de la liturgie. [20]) Il est évident qu'outre les catégories de chrétiens-prêtres et de chrétiens-fidèles, il y avait une troisième catégoris de personnes qui assistaient à la liturgie, quoique partiellement. Chaque catégorie avait sa place dans l'église. La troisième catégorie comprenait sans doute plusieurs groupes. D'après ce que nous savons, les places des non-chrétiens étaient disposées à partir de l'entrée de l'église jusqu'au naos selon leur aptitude d'embrasser le christianisme. Quant aux chrétiens leurs places étaient disposées dans l'église suivant l'ordre hiérarchique. Si l'on tient compte du fait que les femmes-chrétiennes ne pouvaient se mêler aux hommes, on pourrait conjecturer que les membres de la troisième catégorie étaient repartis, selon leur sexe, en deux groupes, c'est-à-dire que derrière les hommes-chrétiens se trouvaient les hommes non-chrétiens et que derrière les femmes-chrétiennes occupaient leurs places les femmes non-chrétiennes.[21])

Outre le caractère hiérarchique, cette disposition avait un caractère pratique. Etant donné que l'église était l'endroit où

[18]) **Enciclopedia italiana**, IX, Care-Chia, p. 442.

[19]) Taxier Charles et R. Popplewell Pullan, **L'architecture byzantine...**, Londres, 1864, p. 73.

[20]) Ibid.

21) Jean Lassus, **op. cit.**, p. 194.



тијаните требало да се изградуваат во запознавањето со христијанската религија, а црквата во раните векови претставувала една врста школа[22]), на присутните требало да им се даде можност да ја следат службата, да учествуваат во молитвите. А според распоредот на присутните нехристијани што досега ни беше познат, тие, со исклучок на катихумените, слабо би можеле да ја реализираат оваа задача. И точно во врска со објаснувањето на оваа можност за присуствување на дел од службата, јас се запрев повеќе на катихумените и останатите нехристијани што сакале да ја примат христијанската вера и ова прашање го поврзувам со моето поранешно излагање дека кај доста ранохристијански базилики во Југославија постои разлика во декорацијата на подовите од корабите на црквата, која заедно со источните влезови на страничните кораби бара свое објаснение. Податоците што ни ги даваат ранохристијанските базилики кај нас позволуваат ова објаснение да се бара во односот на правата на христијаните и нехристијаните.

Кај споменатите наши ранохристијански базилики најважниот дел на базиликата е секако централниот кораб. Тој единствен завршува со олтарна апсида; неговиот под и неговите ѕидови се украсени со живопис[23]). Надвор од него само во нартексот, а ретко и во некое одделение до него, постои декорација (кај нашите базилики констатирана во главно како подни мозаици). Сите други простории се без декорација, односно сите други подови се од тули, вклучувајќи ги и страничните кораби на базиликата. Во централниот кораб има само еден влез, од нартексот, којшто е кај некои базилики триделен (трибелон)[24]) и овој кораб нема никаква комуникаци-

les païens devaient faire leur formation chrétienne, et l'on sait que l'église était dans les premiers siècles une sorte d'école, [22]) il fallait donner aux personnes présentes la possibilité de suivre la liturgie et de prendre part aux prières. Et selon la disposition connue des non-chrétiens présents ceux-ci pouvaient, exception faite des catéchumènes, réaliser difficilement ce projet. Nous nous sommes arrêtés davantage sur les cathéchumènes et les autres païens disposés à embrasser le christianisme justement à propos de l'explication de cette possibilité d'assister à une partie de la liturgie et nous rattachons ce problème à l'opinion que nous avons avancée plus haut selon laquelle dans plusieurs basiliques paléochrétiennes se trouvant en Yougoslavie il y a des différence dans la décoration de plancher des nefs, différances qui avec les entrées orientales des nefs latérales appellent une explication. Les renseignements que nous fournissent nos basiliques paléochrétiennes permettent de chercher cette explication dans les droits des chrétiens et des non-chrétiens.

La partie principale des basiliques paléochrétiennes dont nous parlons est sans doute la nef centrale. Elle seule se termine par l'apside du sanctuaire; son plancher et ses murs sont décorés de peinture.[23]) A part la nef centrale. il n'y a que le narthex, et quelquefois les pièces avoisinnantes, qui sont décorés (c'est la mosaïque surtout qui décore nos basiliques). Les autres pièces ne sont guère décorées, c'est-à-dire tous les autres plancher, y compris ceux des nefs latérales, sont couverts de briques. La nef centrale n'a qu'une seule entrée, du narthex, qui est dans certaines basiliques trilobes.[24]) Cette nef ne communique pas avec les

[22]) D'après saint Jean Chrysostome, on pouvait dire des prières à l'église et chez soi, „но не возможно такъ молиться, какъ въ церкви, гдѣ такое множенство отцовъ, гдѣ единодушно возносится глас къ Богу. Не такъ слышитъ тебя Господь когда ты молишься самъ по себѣ, какъ вмѣстѣ съ твоими братьями, потому что здѣсь есть еще нѣчто, а именно — единодушіе и согласіе союзъ любви и молитвы іереевъ". Творенія Святаго Іоанна Златоустаго, изданіе С-Петербурской Духовной Академіи, 1906, Томъ двѣнадцатый, книга вторая, стр. 493.

[23]) Au dire des paysans qui ont pris part aux fouilles faites à Radolišta à l'endroit où a été découverte la basilique paléochrétienne, on aurait trouvé, dans la nef centrale, une partie d'un arc démoli où il y avait de la peinture représentant des figures humaines.

[24]) L'entrée de la nef centrale de la basilique de Saint-Jean Baptiste de Stobi est trilobe.

ја со страничните кораби[25]). Стилобатот го дели централниот кораб од страничните кораби. Во страничните кораби има два, а во некои и три влеза. Влезовите се по правило источни и западни, а ако има и трет влез, тогаш тој е северен или јужен, зависно од тоа каде се наоѓаат другите простории на базиликата што имаат заеднички ѕид со страничниот кораб.

При оваа положба на подната декорација и постојните влезови логично е да се помисли дека во централниот кораб имале право да присуствуваат христијаните, во нартексот катихумените *competentes*, а во останатите простории сите други слушачи, односно сите нехристијани. Вакво резонирање, меѓутоа, го поставува прашањето во кој дел на црквата влегувале страничните кораби, во наосот или во останалите простории. И точно во давањето одговор на ова прашање лежи и суштината на проблемот што го поставуваат во прв ред базиликите во Охридската област, која доби многу во значењето особено по констатирањето на неколку податоци што ми ги дадоа проучувањата споредувајќи ги нашите ранохристијански базилики со ранохристијанските базилики во Италија. Во Стоби по средината на северниот кораб на базиликата Св. Јован Крстител минува одводен канал од чешмата што е во тремот, кој што во литературата се споменува како ексонартекс. Овој одводен канал под источниот влез од северниот кораб ја исфрлува водата надвор од базиликата. При реставрирањето на базиликата, кога се подигнало нивото, односно подовите од тули, за околу 20 см., над првиот канал сосидан е друг, којшто е покриен со исти онакви тули со какви е покриен и вториот под на коработ. Во Рим страничните кораби на ранохристијанската базилика Санта Марија Маѓоре имаат покрај влезни и излезни врати (од страните на олтарната апсида). За да можат да се користат вратите на страничните кораби, што се лево и десно од олтарната апсида, поради стрмиот терен, од надворешната страна

nefs latérales.[25]) Le stylobate sépare la nef centrale des autres nefs. Les nefs latérales ont deux, quelquefois même trois entrées. Les entrées se trouvent d'habitude à l'est et à l'ouest, et s'il y a une troisième entrée, elle est au nord ou au sud, selon l'endroit où se trouvent les autres pièces de la basilique qui ont un paroi commun avec la nef latérale. Etant données la décoration des planchers et les entrées existantes, il est tout naturel de conclure que dans la nef centrale avaient le droit de prendre leurs places les chrétiens, dans le narthex les cathéchumènes **competentes,** et dans les autres pièces tous les autres auditeurs non convertis. Ce raisonnement pourtant pose la question à savoir de quelle partie de l'église faisaient partie les nefs latérales, du naos ou des autres pièces. Dans la réponse à cette question réside précisément le problème essentiel que posent en premier lieu les basiliques de la région d'Ohrid, dont l'importance est devenue considérable, surtout après les données que nous avons pu constater à la suite des comparaisons faites entre nos basiliques paléochrétiennes et celles de l'Italie. Par le milieu de la nef septentrionale de la basilique de Saint-Jean Baptiste de Stobi passe le conduit d'eau de la fontaine se trouvant dans le porche, qui dans les ouvrages scientifiques est mentionné comme exonarthex. L'eau sort de la basilique sous la porte orientale de la nef septentrionale. Lors de la restauration de la basilique, lorsque le niveau du plancher fut élévé de 20 cm., au-dessus de cet ancien conduit on construisit un autre que l'on a recouvert de mêmes briques que le nouveau plancher de la nef. Les nefs latérales de la basilique paléochrétienne de Santa Maria Maggiore de Rome ont, outre les portes d'entrée, des portes de sortie (du côté de l'abside de l'autel). Afin que les portes des nefs latérales se trouvant à gauche et à droite de l'abside de l'autel puissent être utilisées, on fit faire de l'extérieur un escalier assez grand, le terrain étant abrupt. Que nous montrent tous ces faits? Serait-il possible qu'un canal destiné à

[25]) Excepté la basilique se trouvant dans la partie méridionale de Caričin Grad où la nef centrale communique avec les nefs latérales. (Cf. Đorđe Mano Zisi, **op. cit.** fig. 4.



направени се доста големи скали. Што покажуваат посочените факти? Дали би било логично и воопшто можно да минува низ еден кораб канал за нечиста вода ако тој кораб се смета за свето место? И ако е логично, зошто каналот требаше да врти да би поминал низ страничниот кораб кога правецот на каналот од неговиот почеток води кон централниот кораб? Не е ли во прашање некој принцип, нешто што треба по секоја цена да се почитува кога се поставуваат влезни и излезни врати и тогаш кога теренот налага изградување на скали за користење на тие врати? А кај нас тие врати се на оние кораби што имаат тулени подови. Во Санта Марија Маѓоре, како и во сите ранохристијански базилики, колку што ми е познато, на ѕидовите во страничните кораби нема мозаици, односно нема декорација со ранохристијанска симболика од ранохристијанскиот период. Зошто е тоа така? Во литературата што ми е достапна никој не зборува за живопис во страничните кораби. Ако во нив имаше живопис на ѕидовите од ранохристијанскиот период, не ќе се сочуваа ли некои траги? Според моите разбирања од овие податоци може да се заклучи само едно, а имено дека страничните кораби кај многу ранохристијански базилики кај нас, а и кај некои базилики надвор од нашата земја, биле различно третирани од централниот кораб, односно дека биле третирани не како составни делови на наосот, туку како еднакви делови со страничните простории на црквата. Со ова мислење се оправдува не само постоењето на источни влезови кај страничните кораби, туку и намената на страничните кораби. Како споредни простории на црквата, како простории што не влегувале во поимот наос или нартекс, тие можеле да бидат определени за оние нехристијани што немале право да бидат во нартексот, а сакале да присуствуваат на дел од службата, сакале да ја слушаат молитвата и да учествуваат во неа.

Страничните кораби по својата положба во однос на централниот кораб како наос на црквата и во однос на нартексот точно можеле да одговорат на

conduire les eaux sales traverse une nef, si cette nef est considérée comme un lieu saint? Supposons qu'il serait possible, mais pourquoi le canal devait-il alors faire un détour pour traverser la nef latérale alors que d'après sa direction initiale il devait traverser la nef centrale? Ne s'agirait-il pas de quelque principe, de quelque chose qu'il fallait à tout prix respecter au moment ou l'on construisait les portes d'entrée et de sortie, même alors quand la configuration du sol appelait la construction d'un escalier permettant d'en faire usage? Et dans nos basiliques les portes se trouvent précisément aux nefs dont le plancher est couvert de briques. Les parois des nefs latérales de Santa Maria Maggiore, de même que ceux de toutes les basiliques paléochrétiennes, n'offrent pas autant que nous sachions, de mosaïque, ce qui veut dire qu'ils ne sont pas ornés d'une décoration symbolique propre à la période paléochrétienne. D'où vient cela? Dans les ouvrages qui nous sont accessibles on ne parle guère d'une peinture ornant les nefs latérales. Si ces parois étaient couverts de peinture paléochrétienne, n'en aurait-on pas découvert des traces? De ces données positives on pourrait conclure, nous semble-t-il, une seule chose: les nefs latérales de la plupart de nos basiliques paléochrétiennes, et même de celle se trouvant en dehors de notre pays, étaient traitées d'une manière différente que la nef centrale. c'est-à-dire on les traitait non pas comme parties intégrantes du naos, mais comme on traitait les autres parties latérales de l'église. Ceci explique non seulement l'existence des entrées orientales des nefs latérales, mais aussi la destination de ces nefs. En tant que pièces accessoires de l'église ne faisant pas partie du naos ou du narthex, elles pouvaient être réservées à ceux des non-chrétiens qui n'avaient pas le droit de prendre leur place dans le narthex et qui pourtant voulaient assister à une partie de la liturgie, qui voulaient entendre la prière et y prendre partie.

Les nefs latérales, par leur situation relativement à la nef centrale (le naos de l'église) et au narthex, pouvaient répondre précisément aux besoins de tous les non-chrétiens, c'est-à-dire de ceux qui

оваа потреба на сите оние што не биле христијани, односно што биле или пагани, или христијани па поради некоја грешка биле исклучени од црквата, или катихумени *competentes* што биле, исто поради некоја грешка, принудени повторно да се приклучат кон катихумените *audientes* или катихумени *audientes*. И сите тие можеле да бидат поделени според полот на две групи и тоа едни во едниот, а други во другиот кораб соодветно на верните во наосот, односно на катихумените *competentes* во нартексот. Со други зборови кај споменатите ранохристијански базилики кај нас само централниот кораб го чинел наосот. Страничните кораби не влегувале во поимот наос; таму не им било местото на верните, на христијаните, туку на нехристијаните.

Се разбира дека со овој мој заклучок не е исцрпено прашањето за намената на просторот кај сите ранохристијански базилики кај нас и воопшто во рамките на Римската империја. Проблемот е посложен отколку што може да изгледа на прв поглед. Ранохристијански базилики се ѕидале по сите краишта на Римската империја и тоа во период што зафаќа повеќе од две столетија. Ако можеме да претполагаме дека првите, најстарите ранохристијански базилики можеле да го имаат распоредот и намената на просторот што го констатираме кај ранохристијанските базилики кај нас, за оние ранохристијански базилики што биле сеѕидани во градовите со развиен христијански живот, со установена црквена организација, не мораме да претполагаме иста намена на просторот. Во една епископска базилика на пример, при постоењето на други градски базилики што можеле да одговорат на должностите што ѝ се поставувале на црквата во врска со покрстувањето на нехристијаните, можеме да најдеме и измени и таму не би било неопходно само централниот кораб да биде определен за верните, туку сите кораби на базиликата. Но ако и таму наоѓаме источни влезови на страничните кораби и поголемо внимание посветено на централниот кораб отколку на страничните, секако тоа може да се објасни со традици-

étaient soit païens, soit **chrétiens** mais qui en raison de quelque faute étaient excommuniés, soit catéchumènes **competentes** qui toujours en raison de quelque faute étaient obligés de rejoindres les catéchumènes **audientes,** soit enfin catéchumènes **audientes.** Et toutes ces catégories pouvaient d'après le sexe être reparties en deux groupes occupant respectivement les deux nefs, en se conformant aux fidèles du naos ou aux catéchumènes **competentes** du narthex. En d'autres termes, seule la nef centrale constituait le naos des basiliques paléochrétiennes dont nous nous occupons ici. Les nefs latérales ne faisaient pas partie du naos et elles n'étaient pas destinées aux fidèls, aux chrétiens, mais aux non-chrétiens.

Certes, notre conclusion ne saurait épuiser le problème de la destination de l'espace des basiliques paléochrétiennes chez nous et dans l'Empire romain en général. Le problème est beaucoup plus compliqué qu'il ne paraî au premier coup-d'oeil. On construisait des basiliques paléochrétiennes dans toutes les régions de l'Empire romain et dans une période s'étendant sur plus de deux siècles. Si l'on peut supposer que l'espace des premières basiliques paléochrétiennes était disposé et destiné comme nous l'avons constaté chez nos basiliques paléochrétiennes, cela ne veut point dire que l'espace des basiliques paléochrétiennes, construites dans les villes où il y avait une vie chrétienne intense et une organisation de l'église fortement assise, était disposé et destiné de la même manière. Dans une basilique épiscopale, par exemple, la nef centrale ne devait pas être uniquement destinée aux fidéles, mais aussi toutes les autres nefs de la basilique, car il y avait dans une ville d'autres basiliques qui pouvaient répondre aux tâches que s'imposait l'Eglise à l'égard des païens. Cependant, si nous trouvons là aussi des entrées orientales des nefs latérales et des soins plus grands consacrés à la nef centrale qu'aux nefs latérales, cela s'explique bien entendu par les traditions auxquels les chrétiens étaient fortement attachés. Les hypothèses que nous avançons ne sont point en contradiction avec notre opinion selon laquelle les basiliques de la région d'Ohrid, dont





ите што инаку многу се почитувале кај христијаните. Овие мои претпоставки не му пречат дури и на мојата претположба дека базиликите во Охридската област, коишто како што видовме имаат секако таков распоред што би одговарал на еден доста ран период, можат да бидат одатирани во релативно касно време, односно во првите децении од VI век. Освен стилот на мозаиците и местото на пастофориите, на кои што веќе укажав, и други факти одат во прилог на моето датирање. Познато е дека во V век, а особено во првата половина на VI век, на Балканскиот Полуостров, вклучувајќи ја и Македонија, се заселуваат доста варварски племиња, од кои некои останаа како нови жители на Балканот. Затоа првата половина на VI век може да значи за христијанската црква почеток на нова, поголема акција во покрстувањето на паганите, која во ништо не може да се смета ниту помала, ниту понезначајна од нејзините акции во претходните периоди. А во Охридската област веќе постоел еден толку значаен христијански центар — градот Охрид, чијшто епископ го среќаваме на соборот во Сердика 343 година,[26]) којшто секако водел сметка за настанатата ситуација со доаѓањето на варварските племиња, во прв ред со доаѓањето на Словените. И според моите разбирања ранохристијанските базилики во Охридската област треба да се третираат не само како резултат на логичната активност на еден важен религиозен центар, туку и како неопходност што произлегувала од новата положба на земјата во оние тешки времиња кога низ целиот Балкан весниците ги носеле непријатните вести за сѐ поголемото навлегување на варварите и нивното конечно заселување на овој дел од Византија.

l'espace était disposé conformément aux principes de la période paléochrétienne, datent d'une époque relativement plus avancée, soit des premières décades du VI-e siècle. Outre le style des mosaïques et la place qu'occupent les pastophores, dont nous avons déjà parlé, il y a d'autres faits qui viennent à l'appui de notre opinion. On sait qu'au V-e siècle, et surtout dans la première moitié du VI-e, la Péninsule balkanique, y compris la Macédoine, était envahie par des peuples barbares et qu'une partie de ces peuples s'y était même installée. C'est pourquoi la première moitié du VI-e siècle peut être considérée comme une étape dans l'histoire de l'Eglise chrétienne où elle entreprend de nouvelles actions pour convertir les païens, actions qui étaient aussi importantes que celles des périodes antérieures. Et dans la région d'Ohrid, considérable tait déjà un centre chrétien — la ville même d'Ohrid — dont l'évêque avait pris part au concile de Serdique en 343.[26]) Cet évêque ne pouvait pas ne pas tenir compte de la situation nouvelle créée par l'arrivée des peuples barbares et en premier lieu par l'arrivée des Slaves. De notre avis, les basiliques paléochrétiennes de la région d'Ohrid doivent être traitées non seulement comme une conséquence logique de l'activité d'un centre religieux important, mais aussi comme une nécessité due à la nouvelle situation du pays dans ces temps difficiles où les messagers répandaient dans tous les Balkans les nouvelles d'une affluence croissante des Barbares et de leur installation définitive dans cette partie de la Byzance.

---

[26]) **Ив. Снѣгаровъ op. cit.**, p. 96.





Сл. 8. — Цртеж на мозаичниот патос во нартексот и наосот на базиликата крај с. Радолишта
cette manière la communication avec les chapelles placées au-dessus de la prothésis et du diaconicon, qui, elles aussi, furent construites plus tard. A la même époque sans doute furent bâties d'un matériau plus léger certaines annexes ayant deux étages aux flancs de l'église,[12]) où l'on pénétrait par les ouvertures se trouvant aux murs orientaux des étages supérieurs des pièces latérales de l'exonarthex, ainsi que par d'autres ouvertures amenagées plus tard aux murs latéraux de l'étage supérieur du narthex. Au moment où l'on a ajouté l'exonarthex, on a reconstruit également une bonne partie du mur de la façade primitive de l'étage supérieur du narthex. La nouvelle façade de l'exonarthex est toute en portique (fig. 8), elle fait penser cependant à la façade d'un palais plutôt qu'a celle d'une église. De grandes modifications eurent lieu à l'époque turque quand à la coupole et aux voûtes du naos, de même qu'aux colonnes qui les portaient,[13]) on a substitué une construction entièrement nou-



Сл. 9. — Тројната аркада на првиот кат на ексонартексот на Св. Софија
Fig. 9. — Triforium au premier étage de l'exonarthex de Ste-Sophie

[12]) Il se peut que cette construction se trouvât sur les fondations découvertes en 1951 au sud de l'église. De la partie supérieure de cette construction il ne reste rien, parce qu'elle avait été sans doute bâtie en matériau peu solide.

[13]) Lors des fouilles faites en 1951 on a trouvé les bases des anciens piliers qui démontrent que les piliers occidentaux sur lesquels s'appuyait la coupole se trouvaient 85 cm. plus à l'ouest par rapport aux piliers actuels, de sorte qu'avec les piliers orientaux ils formaient un carré.





Сл. 10. — Детаљ од постолје на северната тројна аркада на западната фасада на ексонартексот на Св. Софија
Fig. 10. — Détail du postament dans l'arcade septentrionale de la façade occidentale de l'exonarthex de Ste-Sophie



Сл. 11. — Капител на јужната трифора на катот на ексонартексот на Св. Софија
Fig. 11. — Chapiteau du triforium méridional de l'exonarthex de Ste-Sophie



Сл. 12. — Парапетната плоча од иконостасот
Fig. 12 — Chancel de l'iconostase

Големи промени се извршени во времето на Турците, кога куполата и сводовите над наосот, заедно со столпците што ги носеле,[13]) се заменети со една наполно нова конструкција. Некаде во тоа време црквата од северната страна

velle. Vers cette même époque on a ajouté du côté nord de l'église encore un porche bas. Finalement, ses murs furent par endroits reconstruits à plusieurs reprises et surtout à l'époque où elle fut transformée par les Turcs en mosquée.


добила уште еден низок трем. На крајот, нејзините ѕидови на места се пресидувани во повеќе наврати, а особено во времето, кога под Турците била претворена во џамија.

Во групата базилики, градени во тој период на Средниот век, спаѓаат уште две зданија — Богородица Челница, сега двокорабна и црквата на Богородица во Враништа, во близината на Струга.

Има претпоставка дека од првата — Богородица Челница (Сл. 13), која некогаш била трикорабна, е сочуван само средниот и северниот кораб. [14]) Според

Au groupe de basiliques, construites à cette même époque apartiennent aussi deux autres églises: Notre-Dame Čelnica, actuellement à deux nefs, et Notre-Dame de Vraništa, près de Struga.

Il y a une hypothèse selon laquelle de la première de ces deux églises (fig. 13), qui devrait avoir jadis trois nefs, ne se sont conservées que la nef centrale et la nef septentrionale.[14]) Selon la même hypothèse, c'est cette église qui aurait été en réalité la cathédrale de Boris. Quoique dans une certaine mesure son nom fait admettre cette possibilité,[15]) aucune don-




Сл. 13. — Основа и пресек на црквата Богородица Челница
Fig. 13. — Plan et coupe de l'église de la Vierge »Čelnica«

[14]) N. Mavrodinov, op. cit. 99. Vu cependant que le sol du côté méridional est sensiblement en contrebas, qu'à cet endroit l'église s'appuie sur le mur en ruine de la ville et que la partie intérieure du mur méridional est recouverte de fresques, il est difficile pour le moment d'accepter l'hypothèse qu'il existait encore une nef, la nef méridionale.

[15]) On suppose que »Čelnica« signifie »église qui est à la tête de tous les autres temples d'Ohrid«.



истата претпоставка таа всушност била Борисова соборна црква. Иако нејзиното име, донекаде ја индицира и оваа можност, [15]) никаков податок од теренот оваа претпоставка не ја потврдува. [16])

Црквата на Богородица во Враништа (Сл. 14) за која од остатоците на нејзините обрушени ѕидови од камен може да се заклучи дека имала ориентална форма на трикорабна базилика, потекнува исто така од тоа време. [17])

Посебна група охридски цркви претставуваат неколкуте помали триконхални градби, сочувани само во темели.

Една од нив, за која се претполага дека ја претставува Климентовата црква Св. Пантелејмон (Сл. 15) е откопана под


née provenant du monument même ne vient la confirmer.[16])

L'église de Notre-Dame de Vraništa (fig. 14), que l'on peut considérer, à juger d'après les restes de ses murs de pierres brutes, comme une basilique orientale à trois nefs, remonte elle aussi à la même époque.[17])

Un groupe à part d'églises d'Ohrid est constitué par quelques églises triconcales d'une moindre grandeur, dont ne se sont conservées que les fondations.



Сл. 14. — Остатоци од базиликата во Враништа
Fig. 14. — Ruines de la basilique de Vraništa




Сл. 15. — Основа на црквата Св. Пантелејмон
Fig. 15. — Plan de l'église de St—Pantéléimon

[16]) Les restes décolorés des fresques qui s'y trouvent indiquent le XII siècle. Il ne faut pourtant pas perdre de vue que le successeur de l'archevêque Léon, l'archevêque Téodul (1056—1065) fit construire à Ohrid également une église consacrée à la Vierge qui, comme l'église Sainte-Sophie, fut dénommée »La Grande église«, H. Gelzer, Der Patriarchat von Ochrida, 6.

[17]) D. Koco, Srednovekovni spomenici vo Struga i Struško, Annuaire de la Faculté de Philosophie de Skopje, 1951, 22—24.

урнатините на џамијата Султан Мухамед, на платото над населбата. [18])

Другите две триконхални црквички се наоѓале вон од самиот Охрид, но во неговата близина, на брегот на езерото. Од едната, до пред триесет години, постоеле темели на малиот полуостров Горица (Сл. 16), [19]) додека остатоците на другата се откопани под црквата Св. Наум (Сл. 17) во истоимениот манастир на јужниот брег на езерото. [20])


Сите овие градби припаѓаат, по секоја веројатност, на периодот од крајот на IX до крајот на XI век, та претставуваат некој вид врска помеѓу касноантичко-византиската и средновековната архитектура на оваа област, со посебен акцент на ориентален карактер на самата архитектонска концепција. Но, сеуште не смее наполно да се занемари и можноста, дека потекнуваат од постариот — касноантичкиот-рановизантискиот период.

L'une d'elles, celle de St-Pantéléimon (fig. 15), que l'on suppose être fondée par st Clément, est découverte sous les ruines de la mosquée du Sultan Mahomet qui se trouve sur un plateau au-dessus de la ville.[18])

Les deux autres petites églises à trois conques se trouvaient hors de la ville d'Ohrid, mais dans sa proximité immédiate, sur la rive même du lac. Il y a trente ans, les fondations de l'une d'elles existaient encore sur la petite péninsule de Gorica (fig. 16),[19]) tandis que les restes de l'autre sont découverts au-dessous de l'église de Saint-Nahum (fig. 17), dans le monastère portant le même nom, sur la rive méridionale du lac.[20])

Toutes ces constructions appartiennent selon toute vraisemblance à la période allant du IX-e au XI-e siècles et elles constituent une espèce de lien entre l'architecture paléobyzantine et celle du moyen âge des Balkans, dont l'accent est porté sur le caractère oriental de la conception architecturale. Cependant, on ne saurait négliger complètement la possibilité qu'elles datent d'une période plus ancienne, à savoir de l'époque paléobyzantine.

Le type à croix inscrite se trouve représenté dans les plusieurs églises des XIII-e et XIV-e siècles.





Сл. 16. — Основа и пресек на триконхата на Горица
Fig. 16. — Plan et coupe de l'église de Gorica

[18]) Д. Коцо, Климентовиот манастир св. Пантелејмон и раскопките при Имарет во Охрид. Ann. Fac. Phil., Skopje, 1948, 145.

[19]) Dans la proximité immédiate de ces restes fut retiré du lac un chapiteau — imposte d'origine paléobyzantine.

[20]) Д. Косо, Проучувања и археолошки ископувања на црквата на манастирот св. Наум, Annuaire du Musée archéologique, Skopje, 1958 65—68.





Сл. 17 Основа на првобитната црква Св, Наум по ископувањето извршено од страна на проф. Д. Коцо
Fig. 17. — Plan de l'église primitive de St-Nahum d'après les fouilles exécutées par D. Koco

Типот на вписан крст е застапен, исто така, на неколкуте иако нешто покасни градби од XIII и XIV век.

По своите форми, најстара меѓу овие е секако црквата дозидана од западната страна на триконхалниот Климентов храм, посветена на Св. Пантелејмон (Сл. 15). Едноставноста на архитектонското решение и големиот распон на куполата ја одделуваат од останатите цркви со вписан крст во Охрид. Иако не смее наполно да се исклучи можноста дека е подигната уште во времето на епископот Климент, ќе припаѓала поправо на епохата на XII или XIII век.[21])

Црквата на Богородица Перивлепта, денес наречена Св. Климент (Сл. 18 и 19), со живописот од 1295 год., заедно со црквата Св. Јован Богослов — Канео (Сл. 20), малку помлада [22]) и со црквата Богородица Заумска, на манастирот Заум (Сл. 22) на источниот брег на езерото, од 1361 година, претставува единствена група споменици, која не само по општата архитектонска концепција туку и по начинот на ѕидањето и обработката на фасадите во живи


D'après ses formes, la plus ancienne parmi elles est sans aucun doute l'église qui fut ajoutée du côté ouest à l'église déjà mentionnée de Saint-Pantéléimon (fig. 15). La simplicité de la formule architecturale et les dimensions la placent à part des autres églises d'Ohrid à croix inscrite. Quoiqu'on ne doive pas exlure définitivement la possibilité qu'elle fût construite déjà à l'époque de l'évêque Clément, elle appartient probablement à l'époque des XII-e — XIII-e siècles.[21])


L'église de Notre-Dame Périvleptos, actuellement l'église de St-Clément (fig. 18 et 19), dont les fresques furent peintes en 1295, représente, avec l'église de Saint Jean le Théologien — Kanéo (fig. 20), un peu plus récente,[22]) et l'église de Notre-Dame de Zaum du monastère de Zaum (fig. 22), sur la rive orientale du lac, datant de 1361, un groupe uniforme de monuments qui, non seulement par leur conception architecturale commune, mais aussi par la manière de construction et l'élaboration des façades en combinaison pittoresque de briques et de pierres, appartiennent à l'école macédonienne de cette époque.

De ce type de monuments se rapproche, dans une certaine mesure seulement, l'église de Saint-Nahum du monastère portant le même nom, bâtie sur les fondations de l'ancien édifice tréflé. On y peut constater un mélange d'église à croix inscrite et de basilique à trois nefs.

[21]) Voir l'analyse de Đ. Stričević dans le rapport de Đ. Bošković, Đ. Stričević et I. Nikolajević-Stojković — L'architecture de la Basse antiquité et l'architecture du Moyen-âge dans les contrées centrales des Balkans, — Actes du XII-e Congrès des Etudes byzantines.

[22]) La partie supérieure de la coupole avec lese frontons en triangle de chacun de ses huit côtés, a été ajoutée ultérieurement.






Сл. 18. — Основа и пресек на црквата Богородица Перивлепта, сега Св. Климент
Fig. 18. — Plan et coupe de l'église de la Vierge Périvleptos, plus tard de St-Clément





Сл. 19. — Изглед на црквата Богородица Перивлепта
Fig. 19. — Vue de l'église de la Vierge Périvleptos

комбинации на тула и камен, ѝ припаѓа на тогашната македонска архитектонска школа.

Само во извесна мера, кон овој тип се приближува и црквата Св. Наум во истоимениот манастир, подигната врз темелите на стариот триконхален објект. На неа може да се забележи комбинацијата на вписан крст и трикорабна базилка. Покрај нејзиниот основен дел, подигнат, изгледа, уште во XVI век, доградени се сукцесивно нови простори што го опфаќаат влезниот вестибил со подоцнешната гробница на св. Наум и една надворешна припрата која подоцна добила и купола.[23]) Земено во целина, оваа низа на доѕидувања и преѕидувања на самата црква, јасно ја покажува грижата што во текот на вековите му е укажувана на овој значаен споменик.

Покрај веќе приведените позначајни и поголеми објекти во Охрид наоѓаме и

[23]) Д. Коцо, Проучувања и археолошки ископувања на манастирот Св. Наум, 78—80.


[24]) Cette année, qui fut découverte par K.


Excepté la partie principale construite, parait-il, au XVI-e siècle, on a ajouté successivement de nouvelles pièces, composées du vestibule d'entrée, avec la tombe de saint Nahum, d'une date posterieure, et du porche extérieur surmonté plus tard d'une coupole.[23]) Pris dans son ensemble, cette série de constructions et de reconstructions de l'église dénote le soin qu'on portait durant les siècles à cet important monument.


A part les édifices cités il y a à Ohrid toute une série de petites églises à une nef, que l'on pourrait répartir en deux groupes.

Le premier groupe serait constitué par les églises à une nef, dont quelques-unes gardent encore leur voûte en berceau tandis que les autres ou bien ne l'avaient pas ou bien là elle était remplacée par une toiture en bois. L'église Saint-Nicolas de Bolnica (fig. 25 et 26), construite avant 1313,[24]) et l'église de Saint-Clément

Balabanov, se trouve inscrite sur la peinture recouvrant la partie intérieure du mur méridional du naos.







Сл. 20. — Основа и пресек на црквата Св. Јован — Канео
Fig. 20. — Plan et coupe de l'église de St-Jean — Kaneo





Сл. 21. — Изглед на црквата Св. Јован — Канео
Fig. 12. — Vue de l'église de St-Jean — Kaneo



Сл. 22. — Детаљ од северната фасада на црквата Богородица Заумска
Fig. 22. — Détail de la façade septentrionale de l'église de la Vierge de Zaum




Сл. 23. — Црквата Св. Наум
Fig. 23. — L'église de St-Nahum



Сл. 24. — Внатрешните трифори на црквата Св. Наум
Fig. 24. — Triforium de l'église de St-Nahum






Сл. 25. — Основа и пресек на црквата Св. Никола Болнички
Fig. 25. — Plan et coupe de l'église de St-Nikolas de Bolnica

низа мали еднокорабни црквички што можат да се одделат во две посебни групи. Првата би ја сочинувале едноставните — еднокорабни цркви од коишто кај некои сеуште е сочуван полуцилиндричниот свод, додека кај другите или е подоцна заменет со дрвена кровна конструкција, или на некои и воопшто не го имало. Сеуште се засводени црквата Св. Никола Болнички, (Сл. 25 и 26) подигната пред 1313 год.[24]) и црквата Стар Св. Климент од 1378 год.[25]). (Сл. 27). На црквите Св. Никола, Св. Димитрија. (Сл. 28 и 29) Св. Врачи (Сл. 30 и 31) и Св. Никола Арбанашки (Сл. 32) сводовите повеќе не постојат, иако, освен кај црквите Св. Димитрија, и Св. Никола веројатно ги имало. Сите тие, судејќи според начинот на градењето и сочуваните траги на живопис, припаѓаат на XIV век. Интересна е ис-


l'Ancien (fig. 27), datant de 1378,[25]) gardent toujours leurs voûtes. Les voûtes des églises St-Nicolas, St-Démétrius (fig. 28, 29), St-Nicolas des Albanais (fig. 32) et des Sts-Cosme et Damien (fig. 30 et 31) ne sont pas conservées, quoique, à l'exception de St-Démétrius et de St-Nicolas, les autres églises les avaient probablement. A juger d'après la façon dont elles étaient construites et les traces de leur peinture, elles appartiendraient au XIV-e siècle. L'église de Saint-Nicolas de Bolnica a exceptionnellement une particularité très intéressante par laquelle elle se ratache à l'architecture du litoral adriatique, — c'est son clocheton ouvert.


L'autre groupe est constitué en réalité par seulement deux églises d'Ohrid et

[25]) M. Ljubinković, Crkva Stari Sveti Kliment u Ohridu, Starinar, XV, 1942, 92.





Сл. 26. — Црквите Св. Никола и Богородица Болничка
Fig. 26. — Les églises de St-Nicolas et de la Vierge de Bolnica





Сл. 27. — Основа и пресек на црквата „Стар св. Климент"
Fig. 27. — Plan et coupe de l'église de St-Clément l'Ancien





Сл. 28. — Основа и пресек на црквата Св. Димитрија
Fig. 28. — Plan et coupe de l'église de St-Démétrius





Сл. 29. — Црквата Св. Димитрија
Fig. 29. — L'église de St-Demetrius





Сл. 30. — Црквата Св. Врачи
Fig. 30. — L'église des Sts-Anarguires

клучителната појава на отворена камбанарија на црквата Никола Болнички, која укажува на извесна врска со архитектурата на Јадранското приморје.

Другата група ја сочинуваат всушност само две цркви во Охрид и една во неговата околија. Тоа се црквите Св. Константин и Елена, Богородица Болничка и Св. Ѓорѓи во селото Годивје. Кај нив е надолжниот полуцилиндричен свод пресечен со еден друг потесен надвишен полуцилиндричен свод, кој сочинува некој вид издигнат трансепт со


une troisième se trouvant dans ses environs. Ce sont les églises des Sts-Constantin et Hélène, Notre-Dame de Bolnica et St-Georges, celle-ci se trouvant dans le village de Godivje. Leur voûte en berceau est coupée d'une autre voûte superposée, de la même forme, qui constitue une espèce de transept élevé. Grâce à ce jeu dynamique des constructions du toit elles font un effet très pittoresque.






Сл. 31. — Основа и пресек на црквата Св. Врачи
Fig. 31. — Plan et coupe de l'église des Sts-Anarguires





Сл. 32. — Основа и пресек на црквата Св. Никола Арбанашки
Fig. 32. — Plan et coupe de l'église de St- Nicolas d'Albanie





Сл. 33. — Основа и пресек на црквата Константин и Елена
Fig. 33. — Plan et coupe de l'église de St-Constantin et de Ste-Hélène



Сл. 34. — Црквата Константин и Елена
Fig. 34. — L'église de St-Constantin et de Ste-Hélène





Сл. 35. — Основа и пресек на црквата Богородица Болничка
Fig. 35. — Plan et coupe de l'église de la Vierge de Bolnica

што се добива жива динамична игра на кровните конструкции.

Црквата Св. Константин и Елена пред извесно време, според натписот е датирана во 1477 год.[26]) (Сл. 33 и 34). Црквата во Годивје, судејќи по нејзиниот живопис, би потекнувала исто така од XV век.[27]) За црквата Св. Богородица е востановено при изведувањето на конзерваторските работи во 1959 и 1960 год., дека првобитно била засводена со полуцилиндричен свод, а дека новата сводна конструкција заедно со напречниот свод ја добила подоцна. [28]) (Сл. 35)

На стрмните брегови на Охридското езеро наидуваме на крајот и на повеќе пештерни цркви коишто ги одбележу-

[26]) Д. Коцо, Околу датирањето на црквата Константин и Елена во Охрид, Ann. Fac. Phil. Skopje, 199.

[27]) Ibid., 192

[28]) D'après les recherches de K. Tomovski et K Balabanov.


L'église des Sts-Constantin et Hélène a été datée récemment, d'après une inscription, de 1477[26]) (Fig. 33 et 34). A en juger d'après la peinture, l'église de Godivje remonterait elle aussi au XV-e siècle.[27]) Quant à l'église de Notre-Dame de Bolnica on a constaté, lors des travaux de conservation entrepris en 1959 et 1960, qu'elle avait primitivement une voûte en berceau et que son système de voûtes actuel dérive d'une époque postérieure (fig. 35).[28])

Finalement, sur les rives escarpées du lac d'Ohrid on trouve plusieurs églises de grotte qui servaient aux anachorètes. Les petites grottes situées sur les rochers abruptes et d'un accès difficile, étaient d'habitude fermées d'un mur qui parfois portait la voûte en berceau que l'on faisait construire en partie.

ваат пунктовите на анахоретскиот живот. Тешко пристапните мали пештери, високо издигнати во карпите, затворани се при тоа обично со ѕид, што понекогаш го носел и делумно изградениот полуцилиндричен свод.

Оваа низа, пештерни црквички е образувана од црквичките Св. Еразмо, во близината на Охрид, Св. Богородица и Св. Атанасија во Калишта (Сл. 36, 37) и Св. Арангел во селото Радожда покрај Струга, Св. Стефан над Горица,[38] (Сл. 38) Богородица Пештанска, како и пештерната црквичка, наречена Црквулче кај селото Трпејца. Повеќето од овие црквички не се датирани, но може да се претположи дека самите пештери биле многу рано користени. Во некои од нив има живопис, врз основа на кој може да се заклучи дека припаѓаат кон крајот на XIII век (Св. Еразмо), а според еден несигурен натпис црквичката Богороди-

Cette série d'églises de grottes est constituée par les églises St-Erasme, près d'Ohrid, Notre-Dame et Saint-Athanase à Kališta (fig. 36, 37), Saint-Archange dans le village de Radožda près de Struga, Saint-Etienne de Gorica (fig. 38), Notre-Dame de Peštani (fig. 39), de même que par l'église dite Crkvulče, dans le village de Trpejca. La plupart de ces églises ne sont pas datées; quant aux grottes elles mêmes on peut supposer qu'elles furent utilisées très tôt. Dans quelques-unes on trouve de la peinture d'après laquelle on pourrait les attribuer à la fin du XIII-e ou au début du XIV-e siècle (St-Érasme). D'après une inscription assez incertaine, on pourrait dater la petite église de Notre-Dame de Peštani de 1498.




Сл. 36.— Основа и пресек на пештерната црква Богородица во Калишта
Fig. 36. — Plan et coupe de l'église rupestre de la Vierge à Kališta




Сл. 37. — Основа и пресек на пештерната црква Атанасија во Калишта
Fig. 37. — Plan et coupe de l'église rupestre de St-Athanase à Kališta





Сл. 38. — Основа и пресек на пештерната црква Св. Стефан
Fig. 38. — Plan et coupe de l'église rupestre de St-Étienne



Сл. 39. — Основа и пресек на пештерната црква Богородица во Калишта
Fig. 39. — Plan et coupe de l'église rupestre de la Vierge de Peštani

ца Пештанска може да се датира во 1498 г. (Сл. 39).

По бројот и разновидноста на архитектонските објекти што се наоѓаат во него и во неговата непосредна околина, Охрид несомнено спаѓа меѓу најзначајните средновековни градови на Балканот. Слободно може да се каже дека по Истамбул и Солун, во сферата на византиско-ориенталната култура на Балканот, тој зазема најугледно место. Во самата Македонија, нему, како целина во овој поглед ниеден град не може да му

Par le nombre et la variété des édifices se trouvant tant dans la ville elle-même que dans ses environs, Ohrid est sans doute une des villes médiévales balkaniques des plus importantes. On peut même dire qu'après Constantinople et Salonique il tient la place la plus considérable dans la sphère de la culture byzantino-orientale des Balkans. Quant à la Macédoine elle-même, il n'y a pas une ville qui puisse lui être comparée. Il ne faut donc point s'étonner si son architec-

се спротивстави. Затоа не е ни чудо што неговата архитектура е богата, жива, разновидна, што во многу чести случаи, со сопствените карактеристични особини, видно влијаела на развитокот на средновековното градителство, пред сé во самата Македонија, подразбирајќи ги тука и малите градови во Егејска Македонија — Костур и Бер, како и на групата Метеорски манастири.

Од друга страна, особеностите на Охридската средновековна архитектура[29]) не би можеле ни да се замислат без согледувањето на нејзиниот основен носител, на домородните мајстори кои никнале и од словенската македонска средина, која што при допирот со византиската и византиско-ориенталната култура, тука ги искажала сите свои потенцијални творечки особини. Симбиозата на старите елинистички, византиски и ориентални концепции и словенската творечка способност, доаѓа тука, во Охрид, на охридските споменици, до својот полн израз.

ture est riche, pittoresque, variée et si, souvent, elle a exercé une grande influence sur l'évolution de l'architecture médiévale de la Macédoine, y compris les petites villes de la Macédoine d'Egée Castoria et Véria, de même que sur l'architecture du groupe de monastères des Météores.

D'autre part, il serait difficile d'expliquer les traits particuliers de l'architecture médiévale d'Ohrid si l'on ne tient pas compte de ses constructeurs indigènes qui ressortirent d'un milieu greco-slave, et qui, dans le contact avec les cultures byzantine et byzantino-orientale, ont manifesté toutes leurs qualités de créateurs. La symbiose des anciennes conceptions hellénistique, byzantine et orientale et la faculté créatrice slave, ont trouvé ici, à Ohrid, dans les monuments d'Ohrid, sa pleine expression.[29])

[29]) *Sur l'architecture de l'Ohrid médiéval ont écrit plus largement, à part les auteurs* cités, d'autres encore. Cf. surtout M. Zloković, Starinar, 3-e série, III, Belgrade, 1925.



**R. Ljubinković — M. Čorović - Ljubinković**

## СРЕДНОВЕКОВНОТО СЛИКАРСТВО ВО ОХРИД

По поразот на Самуиловите наследници во борбите со Василиј II, територијата на Самуиловата држава влезе во склопот на византиските земји. Охридската независна Самуилова патријаршија беше укината, сведена на степенот на архиепископија и потчинета директно на цариградскиот двор, изедначувајќи се со новиот статус со кипарската црква. Оваа реформа во организацијата и статусот на охридската црква, очевидно од политички карактер, имаше свое влијание и врз подоцнешниот развој на културниот, а на прво место врз литературниот и ликовниот живот на охридската архиепископија. Ликовните споменици на Охрид, настанати во периодот помеѓу 1018 (датумот на обновата на охридската архиепископија) и 1204 (датумот на паѓањето на Цариград во рацете на Латините), се во непосредна зависност од одделните ликовни сфаќања, иконографски обрасци и светителски култови одгледувани и прославувани во Цариград, на прво место на самиот двор.

Најстарата зачувана сликана целина во Охрид, онаа извонредно значајната, **во црквата Света Софија,** му припаѓа токму на она време кога Охрид одново потпадна под непосредна власт на Цариград и на цариградскиот двор. На таа најстара декорација ѝ припаѓаат остатоците од живописот во наосот, во олтарскиот простор (со протезисот и ѓаконикот), и во внатрешната припрата.

Врз основа на стилските и иконографските особини и на еден пасус кај Du Cange, што гласи: „Λέων πρῶτος ἐκ

## LA PEINTURE MEDIEVALE A OHRID

Après la défaite des successeurs de Samuel, dans leur lutte contre Basile II, le territoire de l'Etat de Samuel fut englobé dans l'ensemble des pays byzantins. Le patriarcat indépendant d'Ohrid, fondé par Samuel, fut réduit au niveau d'archevêché, soumis directement à la cour de Constantinople et, par son nouveau statut, égalisé avec l'église de Chypre. Cette réforme introduite dans l'organisation et le statut de l'église d'Ohrid, devait exercer son influence aussi sur l'évolution ultérieure de la vie culturelle, plus précisément de la vie littéraire et des arts plastiques de l'archevêché d'Ohrid. Les monuments artistiques d'Ohrid, remontant à l'époque de 1018 (renouvellement de l'archevêché d'Ohrid) à 1204 (prise de Constantinople par les Latins), dépendent directement des conceptions plastiques, des modèles iconographiques et des cultes de saints tels qu'ils étaient célébrés à Constantinople, notamment à la cour.

L'ensemble pictural le plus encien à Ohrid, c'est-à-dire celui de l'église Sainte-Sophie, dont l'importance est très caractéristique, appartient à l'époque où Ohrid passa de nouveau sous l'influence directe de Constantinople et de sa cour. Ce genre de la plus ancienne décoration embrasse les restes de la peinture du naos, de l'espace de l'autel, y compris le prothésis et le diaconicon, ainsi que du porche intérieur.

D'après les caractères stylistiques et iconographiques, ainsi que par le passage suivant de Du Cange „Λέων πρῶτος ἐκ Ῥωμαίων χαρτοφύλαξ τῆς μεγάλης ἐκκλησίας, ὁ κτίσας τὴν κάτω ἐκκλησίαν ἐπ' ὀνόματι τῆς ἁγίας τοῦ Θεοῦ Σοφίας"[1], cette peinture doit être attribuée à la pre-

"Ῥωμαίων χαρτοφύλαξ τῆς μεγάλης ἐκκλησίας, ὁ κτίσας τὴν κάτω ἐκκλησίαν ἐπ' ὀνόματι τῆς ἁγίας τοῦ Θεοῦ Σοφίας"[1]) овој живопис се датира во крајот на првата половина на XI век. Ова датирање, иако недоволно прецизно, засега е најприфатливо. Меѓутоа, сепак треба да се спомене дека декорациите на олтарот, наосот и припратата не се стилски единствени, па дека веројатно се работени подолго време. Меѓутоа, очевидно е дека целата оваа декорација ѝ припаѓа на една концепција, без оглед на тоа што е можеби создавана подолга низа години и што е, најверојатно, дело на поголем број сликари.

Покрај тоа, изборот на ликовите и композициите, како и инсистирањето на култовите на одделни светители, покажуваат не само јасни врски на овој живопис со цариградскиот двор и со цариградската патријаршија, туку, во еден добар дел, изразито се врзани за определените политички услови и јасни политички и верски програми. Ако се одделат, од една страна, најобичните иконографски теми неопходни за декорацијата на која и да е современа православна црква (како што се претставите на Големите празници), а, од друга страна, и композициите со изразито теолошка содржина (на пример сите теми во олтарот врзани за евхаристијата), остануваат неколку целини карактеристични за иконографијата на Цариград и за култовите што се одгледувани во него: циклусот на Четириесетте маченици (во протезисот), култот на Јована Претеча (декорацијата на ѓаконикот), галеријата на светците (во припратата), и најпосле, она што е во тој поглед најкарактеристично, инсистирањето на прославувањето на цариградските патријарси (декорацијата на зоната на олтарскиот простор) и на римските папи (апсидата на ѓаконикот). Веќе невообичаено големиот број архиереи насликани во првата и втората зона на олтарскиот простор е мошне карактеристичен, и секако дека во декорацијата влегол во

mière moitié du XI-e siècle. Cette datation, bien que manquant de précision suffisante, est, jusqu'ici, la plus acceptable. Il faut souligner cependant que les décorations de la partie orientale de l'église, aussi bien que celles du naos et du narthex ne sont pas uniformes au point de vue de leur style et que, par conséquent, leur élaboration devait durer assez longtemps. Néanmoins, il est évident que toute cette décoration remonte à une même conception, malgré la durée assez longue de son exécution, confiée, selon toute vraisemblance, à plusieurs peintres.

Par ailleurs, le choix des figures et des compositions, de même que le fait d'insister sur le culte de certains saints, démontrent non seulement que les liens entre cette peinture et la cour et le patriarcat de Constantinople étaient nettement prononcés, mais aussi, que cette peinture était en rapports évidents avec des situations politiques déterminées et des programmes politiques et religieux clairement exprimés. Si l'on fait abstraction, d'une part, des thèmes iconographiques indispensable pour l'ornementation de n'importe quelle église orthodoxe contemporaine (comme par exemple la représentation des Grandes fêtes), et, d'autre part, des compositions de contenu expressément théologique (par exemple tous les thèmes à l'intérieur de l'autel se rapportant à l'eucharistie), — il n'en reste pas moins des ensembles caractéristiques pour l'iconographie de Constantinople et les cultes qui y étaient observés: le cycle des quarante martyres (dans le prothésis), le culte de Jean le Précurseur (la décoration du diaconicon), la galerie des saints dans le porche et, enfin, ce qui est le plus caractéristique dans ce domaine, — l'insistance avec laquelle on glorifie les patriarches de Constantinople (la décoration de l'espace entourant l'autel) et les papes de Rome (v. l'abside du diaconicon). Le grand nombre des prélats peints dans la première et la seconde zone de l'espace de l'autel est déjà très significatif. Il est évident que son introduction dans la décoration est due à la destination principale de cette église, c'est-à dire à être l'église cathédrale de l'archevêché d'Ohrid. La représentation picturale d'un

1. Du Cange, Familiae augustae byzantinae, 1980, I, 174—175; H. Gelzer, Der Patriarchat von Achrida, 1902, 6



врска со основната намена на оваа црква, таа да биде катедрална црква на охридската архиепископија. Сликањето на голем број цариградски патријарси — светители меѓу архиереите во олтарскиот простор не е случајно и секако е избрано со намера да ја нагласи врската на оваа нова организација со цариградската метропола. Во Света Софија, во Охрид, по зачуваните сигнатури покрај ликовите на светителите — архиереи се насликани, речиси, ист број цариградски светители — патријарси и епископи колку што се славеле и во самата нивна матична црква, Света Софија во Цариград. Уште појасна и временски поограничена е политичката тенденција изразена со сликањето на шестемина римски папи — светители што ги признавала и ги славела и православната црква. Судејќи по сé, оваа декорација е од современ полемички карактер и е сосема во духот на острите борби што во средината на XI век се воделе помеѓу цариградскиот патријарх и папата. Главниот соработник на цариградскиот патријарх Михаил Керулари во оваа борба бил токму охридскиот архиепископ Леон, за кој, според белешката кај Du Cange, се врзува и обновата на оваа црква. Охридскиот архиепископ Леон му го напиша и она познато писмо на епископот на градот Трани, Јован, со кое оваа долгогодишна борба влезе во својата завршна фаза и доведе до расцеп меѓу црквите.[2]) Меѓу другите аргументи употребени во ова писмо, охридскиот архиепископ инсистира на фактот дека неговата вера и неговиот став кон спорните верски прашања се засноваат врз почитувањето на решенијата на Вселенските собори, на оние собори на кои учествуваа и папите. Според тоа, дека ни тој, ни цариградската црква не се борат против римските папи во начело, туку против сегашниот папа што не се држи кон патот на своите претходници, меѓу кои

grand nombre de patriarches Constantinopolitains — promus, saints, parmi les prélats de l'espace de l'autel, n'est pas fortuite. Au contraire, elle a dû être choisie dans l'intention de souligner les rapports de cette organization nouvelle avec la métropole de Constantinople. Jugeant d'après les signatures qui accompagnent les portraits des Saints décorant l'espace de l'autel de Sainte-Sophie d'Ohrid, le nombre des saints patriarches et des saints évêques constantinopolitains, égalait dans sa décoration celui évoqué dans le synaxaire de l'église métropolitaine. Plus évidente et plus restreinte quant à la date, la tendance politique se trouve exprimée par la représentation de six papes pareillement reconnus et glorifiés par l'église orthodoxe et par l'église catholique. Il en ressort que cette décoration est de caractère polémique contemporain, correspondant entièrement aux violents conflits qui, au milieu du XI-siècle, opposaient les patriarches de Constantinople et les papes. Et, dans ce conflit, le collaborateur principal du patriarche Michel Cérulaire fut précisément l'archevêque Léon d'Ohrid, lequel, d'après Du Cange, était le restaurateur de cette église. L'archevêque Léon fut également l'auteur de la lettre adressée à Jean, évêque de la ville de Trani, par laquelle cette longue lutte entra dans sa phase finale, pour se terminer par la scission entre les deux églises.[2]) Parmi d'autres arguments l'archevêque d'Ohrid affirme que sa foi et son attitude vis-à-vis des questions religieuses contestées sont basées sur l'observation des décisions des Conciles oecuméniques, auxquelles participèrent aussi des papes et que par conséquent, ni lui ni l'église de Constantinople ne lutteraient pas contre les papes en général, mais uniquement contre le pape de l'époque lequel ne suivrait pas les directions tracées par ses prédécesseurs, dont quelques-uns étaient des saints, vénérés également par l'Eglise orientale.

L'ensemble le plus important de peinture du XI siècle en Yougoslavie, relativement conservé, est celui de l'église de Ste-Sophie d'Ohrid. Il est, en plus, un des ensembles les plus caractéristiques de la peinture monumentale byzantine de cette époque en général.[3]) Une série de thèmes icono-

2. V. Grumel Les regestes des actes du patriarcat de Constantinople, vol. I, fasc. III, 1947, №862, p. 3—4

3. Радивоје Љубинковић, Света Софија у Охриду, 1955, 9—18

имало и светители што како свои ги слави и источната црква.

Света Софија е едината релативно зачувана голема ликовна и иконографска целина во црковното сликарство од XI век кај нас, а што е уште поважно, таа е една од најзначајните целини во византиското монументално сликарство на тоа време воопшто. [3]) Во неа се јавуваат прв пат зачувани низа нови иконографски теми, што подоцна ќе станат редовен, составен дел, на ѕидната декорација на православните цркви (композицијата Успение, Причестието на апостолите, двата архангели — чувари на духовната чистота на храмот — од страните на влезната врата), или ќе останат воопшто единствени во иконографскиот репертоар на нашиот средновековен живопис (разработениот циклус посветен на Четириесетте маченици; службата на Василиј Велики; божествената инспирација — сонот — на Јован Златоуст; разработениот Аврамов циклус; групата на ликовите на шестемина римски папи; големиот број портрети на цариградските патријарси; поворката на ангелите што ѝ се клањаат на Богородица; галеријата на ликовите на светиците и др.). Во самите композиции, пак, има иконографски решенија што се или сосема исклучителни во целина, како што е Причестието на апостолите, или содржат невообичаени детали, како на пример во композицијата на Рождеството, претставата на песот што лока од ваганот — питорескен и редок архаичен детаљ што во монументалното сликарство се јавува по исклучок, уште само во Кастел Сеприо.[4]) (Сл. 1)

Без оглед на историските и иконографските проблеми што сами по себе се од големо научно значење, треба да се потцрта дека уметничките квалитети на сликарите од XI век во Света Софија, без секакво сомневање, се од светски домет. Оваа голема и значајна целина, по своите ликовни концепции, се наоѓа на пресвртницата на две големи создавања во кругот на византиската уметност. Од

4. Alberto de Capitani d' Arzago, Gli affreschi di S. Maria di Castelseprio, Milano 1948, Tav. XLVIII i L.

graphiques nouveaux s'y trouvent — thèmes qui, plus tard, deviendront parties intégrantes et regulières de la décoration murale des églises orthodoxes (Dormition de la Vierge, Communion des apôtres, deux Archanges — gardiens de la pureté spirituelle du temple — aux côtés de la porte d'entrée), — ou bien, resteront uniques dans notre répertoire iconographique du moyen âge en général (tel que le cycle consacré aux quarante martyres; le service divin de Basile le Grand; l'inspiration divine — Songe — de Jean Crysostome; cycle d'Abraham développé: groupe des figures de six papes de Rome; grand nombre de portraits des patriarches de Constantinople; cortège des anges en adoration devant la Vierge; galerie de figures de saintes, etc.). Dans les compositions mêmes, certaines solutions iconographiques sont ou totalement exceptionnelles (Communion des apôtres) ou comportent des détails peu courants comme p. ex. dans la composition de la Nativité, la représentation du chien lapant le lait de l'écuelle — rare détail pittoresque et archaïque, qui n'apparaît dans la peinture monumentale qu'exceptionnellement à Castel-Seprio.[4]) (fig. 1).

Outre les problèmes historiques et iconographiques qui, par eux mêmes, offrent un grand intérêt il faut souligner les qualités artistiques de ses peintures. Ce grand ensemble pictural s'est affilée les tendance artistiques de deux differentes époques créatrices du génie byzantin. D'une part, on perçoit que dans les figures des saints subsistent toujours des éléments de l'art de l'époque précédente: le caractère nettement symbolique des figures représentées, aux attitudes tranquilles et monumentales vu de face, et aux yeux grandement ouverts expriment le calme concentré des visions théophaniques. A cette conception, le peintre a subordonné tous les moyens expressifs de son art: le dessin, la couleur ainsi que la construction de la composition. Tout y est réduit à l'essentiel. — D'autre part, surtout dans les grandes compositions, on devine déjà le souffle des temps nouveaux, aux éléments humains dans l'analyse des figures et des groupes qui se rapprochent de plus en plus de la vie réelle et observée, même dans les détails,





Сл. 1. — Св. Софија: Непозната светица (Фотографија на Заводот за заштита на културните споменици на НР Македонија)

Fig. 1. — Sainte-Sophie: Sainte inconnue. Photo: Institut de protection des monuments culturels de la RP de Macédoine

една страна, во ликовите на светителите особено, сé уште е живо постарото сликарство со изразито симболичен карактер на претставените ликови во мирни монументални ставови, со фронтално поставени фигури, кај кои особено се истакнуваат крупните, широко отворени очи со израз на концентрирана смиреност на теофанските визии. На ова сфаќање сликарот му ги потчинил изразните средства на својата уметност: и цртежот, и бојата, и конструкцијата на композицијата. Сето го свел на суштественото. Од друга страна, особено во големите композиции, се чувствува здивот на новото време, со хумани елементи во анализата на ликовите и ликовните целини, поблиски на реалниот и опсервираниот живот, дури и со детали земени од секојдневието или од старите александриски дела. Новото сфаќање донесува поинакво, поцелосно користење на изразните ликовни средства. И цртежот и бојата се побогати, посензи-

ceux-là empruntés, soit à la vie quotidienne soit aux anciennes oeuvres alexandrines. La conception nouvelle apporte une utilisation différente et plus complète des moyens du langage pictural. Le dessin aussi bien que la couleur deviennent plus riches, plus sensibles et inventifs. Les peintres plus sensibles par rapport aux nuances, aux demi-teintes, aux expressions indiquées plutôt que parachevées, pressentant ainsi le chemin que prendront un peu plus tard les peintres de la Renaissance des Comnènes.

Les plus proches aux caractères plastiques de l'église Sainte-Sophie sont les miniatures dans le ménologe de Basile II. Les mêmes qualités plastiques des solutions picturales semblables sont démontrées surtout par les miniatures portant les signatures de Siméon et de Michel le Petit, ce qui suggère la supposition que les peintres de Sainte-Sophie devraient également être cherchés dans la sphère proche à ces peintres, et, principalement,

билни и поинвентивни. Сликарите се поосетливи на нијансите, на полутоновите, на недоречениот израз. Тие веќе го претчувствуваат патот по кој ќе тргнат малку подоцна сликарите на Ренесансата на Комнените.

На ликовните особини на Света Софија ѝ се најблиски минијатурите во минејот на Василиј II. Специјално исти ликовни квалитети, слични сликарски решенија, покажуваат оние минијатури во минејот на кои се наоѓаат потписите на сликарите: Симон и Михаил Мали па би можело да се претпостави дека и сликарите на Света Софија треба да се бараат во кругот близок на овие сликари, а најпрво меѓу цариградските дворски уметници.[5])

На истата група уметници ѝ припаѓал и еден дел од живописот на солунската Света Софија, како и еден дел од живописот на катедралната црква во Сер.

Завршна фаза на прилично долготрајната обнова на катедралната црква Света Софија изгледа дека бил живописот на западниот фасаден ѕид, што во тој момент бил веројатно заштитен од отворената галерија што се наоѓала пред него. По целата ширина на западната фасада, во горната зона, се наоѓале композиции од кои се зачувала во целина претставата на Аврамовата жртва, јужно од влезната врата, додека северно од неа се наоѓала, судејќи по еден зачуван натпис, композицијата на Страшниот суд, веројатно во збиена варијанта.

За декорацијата на Света Софија и за охридскиот архиепископ Леон се врзуваат повремено, од Кондаков[6]) наваму, и две охридски икони на Благовеш-

[5]) Рад Љубинковиħ, op. cit., 18.

[6]) Н. П. Кондаковъ, Македония, археологическое путешествие, Санкт—Петербург, 1909, 269.

[7]) L. Maculević, Monuments disparus de Džumati, Byzantion, II, Liège—Paris, 1926, 96—101; Oskar Wulf—Michael Alpatoff. Denkmäler der Ikonenmalerei, Leipzig 1925, Abb. 53—54, 133—134.

[8]) М. Кашанин. Охридске иконе, Уметнички преглед 1938, св. 10.

[9]) G. et M. Sotiriou, Icones du Mont Sinaï, Athènes 1956, T. I, pl, 82, T. II, p. 95.

parmi les artistes de la cour de Constantinople.[5])

Au même groupe d'artistes appartenait aussi une partie des peintures de Sainte-Sophie de Salonique ainsi qu'une partie de l'église cathédrale de Serres.

Il semble que la phase finale de la restauration assez longue de la cathédrale de Sainte-Sophie consistait dans la peinture du mur occidental de la façade qui, probablement, était alors protégé par une galerie ouverte se trouvant devant lui. Sur toute l'étendue de la façade occidentale, dans la zone supérieure, il y avait des compositions, parmi lesquelles la représentation du Sacrifice d'Abraham, entièrement conservée, au sud de la porte d'entrée, tandis que, au nord de la porte, se trouvait, à en juger d'après une inscription conservée, la composition du Jugement dernier, probablemement dans une variante succincte.

A la décoration de Sainte-Sophie et à l'archevêque Léon, on rattache aussi, de temps en temps, depuis Kondakov,[6]) deux icones de l'Annonciation, trouvées à l'église de Notre-Dame Périvleptos. Cependant, la plupart des savants qui ont faits des recherches ultérieures,[7]) excepté M. Kašanin,[8]) attribuaient ces icones à une époque plus récente, en y relevant aussi l'influence exercée par des peintres occidentaux, signalée par certains détails iconographiques comme par exemple: le lys dans la main de l'archange, les nuages sur lesquels ses pieds sont posés, ou bien les souliers pointus de Notre-Dame. Or, tous ces arguments ne tiennent pas debout, car le lys, les nuages etc. tirent leur origine de la restauration ultérieure de cette icone, effectuée au XIX-e siècle, et n'ont rien de commun avec l'oeuvre d'art primitive, ni même avec les retouches qu'on y a faites dans le XIV-e et XVI-e siecles. Il n'en est pas moins certain qu'il y a une ressemblance frappante entre ces icones et une icone de Sinaï représentant l'Annonciation, attribuée par M. et G. Sotiriou au XII-e siècle.[9]) Cette similitude ne s'arrête pas au type iconographique, elle est rendue évidente même par l'exécution picturale du visage et de la figure exécutée par le peintre.

Si l'on acceptait comme exacte l'hypothèse de N. P. Kondakov, c'est-à-dire que





Сл. 2. — Две икони Благовести (Фотографија на Заводот за заштита
Fig. 2. — Deux icones représentant l'Annonciation. Photo: Institut de protection des monuments culturels de la RP de Macédoine

тение, најдени во црквата на Богородица Перивлепта. Меѓутоа, повеќето од подоцнежните истражувачи,[7]) освен М. Кашанин,[8]) ги ставаа овие икони во помладо време и го истакнуваа кај нив и влијанието на западните сликари, опирајќи се на извесни иконографски детали како што се: појавата на кринот во раката на архангелот, насликаните облаци под неговите нозе, или шилестите чевли на Богородица. Сите овие и слични аргументи отпаѓаат, зашто кринот, чевлите, облаците и слично, се пло-

[10]) Иванъ Снѣгаровъ, История на охридската архиепископия отъ основаването и до завладѣването на Балканския полуостровъ отъ Турцитѣ, Т. II, София 1924, 205.

l'inscription du nom du fondateur qui se trouve sur l'icone de la Vierge de l'Annonciation, se rapporterait à un archevêque d'Ohrid nommé Léon, nous inclinerons à supposer que cette icone ne devrait pas être rattachée à l'archevêque Léon, le restaurateur de Ste-Sophie, comme le voulait Kondakov, mais à son homonyme l'archevêque Léon Mung, qui se trouvait à ce poste en 1120 environ.[10])

L'icone des quarante martyrs, inédite jusqu'ici, appartient également à la peinture du XII-e siècle. C'est la plus ancienne des icones d'Ohrid qui ne soit pas restaurée au cours des siècles. Elle se trouve au Musée d'Ohrid.

En ce qui concerne la composition, elle se rattache par son iconographie à la

дови на подоцнешната реставрација на оваа икона, што е извршена во XIX век, и немаат никаква врска со првобитното уметничко дело, па дури ни со оние ретуши што се извршени во XIV и XVI век. Меѓутоа, едно е сигурно, дека постои фрапантна сличност помеѓу овие икони и една синајска икона на Благовештение што М. и Г. Сотириу ја датираат во XII век.[9]) Сличноста не се задржала само на иконографскиот образец, таа е јасна и во чисто ликовниот став на сликарот при обработката на ликот и фигурата (Сл. 2).

Ако основната претпоставка на Н. П. Кондаков се земе како точна, имено, дека ктиторскиот натпис од иконата на Богородица се однесува на архиепископот Леон, ни се чини дека овие икони би требало да се врзат не за охридскиот архиепископ Леон, туку за неговиот истоименик охридскиот архиепископ Леон Мунг, што се наоѓал на тој положај околу 1120 година.[10])

На сликарството на XII век му припаѓа и иконата на Четириесетте маченици, досега необјавена; таа е најстара охридска икона што не е реставрирана. Се наоѓа во Народниот музеј во Охрид (Сл. 3).

Композициски таа се врзува за претставите на четириесетте маченици во црквата Санта Марија Антика во Рим, во менологијата број 183 на Синодалната библиотека во Москва и за иконите со иста содржина на Берлинскиот и Ленинградскиот музеј работена во слонова коска, како и за оштетената композиција во манастирот Водоча.[11])

Сите елементи на оваа икона, и ликовните и иконографските, би индицирале поранешно време (XI век); меѓутоа, маченичките венци што им ги дели Христос на мачениците имаат облик на византиските царски затво-

---

[11]) L'ouvrage le plus complet sur ce thème iconographique, comportant la littérature la plus récente, est celui de Otto Lemus, Two paleologan mozaic icons in the Dumbarton Oaks collection, Washington 1960, T. XIV, passim et fig. 6, 7, 12, 13, 15.

représentation des Quarante martyrs à l'église de Santa-Maria-Antiqua de Rome, à celle du ménologe № 183 de la Bibliothèque Synodale de Moscou et aux icones en ivoire du même sujet se trouvant aux Musée de Berlin et de Leningrad, ainsi qu'à la composition endomagée du monastère de Vodoča.[11])

Сликаната декорација на **црквата Свети Никола Болнички** од 1313[33]) гостапува осетно од непосредната креативност на уметниците на Богородица Перивлепта. Меѓутоа, таа сепак останува во кругот на сликарите на Ренесансата на Палеолозите, само што е очевидно дека таа израснала во една друга сликарска работилница што е врзана за поранешното создавање па и на она од XIII век, (ликот на света Елена — псалтирски конципираната низа композиции). Сликарите на Свети Никола Болнички прилично се оддалечени и од ликовните знаења на сликарите на Богородица Перивлепта.

avec quelques unes de ses icones de Fêtes (p. ex., sur l'icone de Fêtes représentant la Dormition de la Vierge, la figure de l'apôtre Paul, aux pieds de la Vierge, se rattachant presque textuellement à la même figure représentant Paul de la Dormition peinte dans l'église de St-Nicolas l'Hospitalier). La peinture de la petite église des Saints-Anargyres, très endommagée, appartient aux meilleurs ensembles décoratifs conservés à Ohrid. Sa décoration n'est pas toute de la même qualité ni, probablement, toute de la même époque. Les peintures du naos, représentent l'oeuvre d'un peintre mûr et inspiré, tandis que celles de l'abside sont plus faibles.

Dans la décoration de cette église se trouve représenté saint Clément tenant dans ses mains le modèle de la forteresse d'Ohrid. L'unique exemple existant à Ohrid où saint Clément est conçu de cette façon: comme protecteur de la ville. Ce motif qui à lui même est connu depuis l'antiquité, se serait introduit dans la peinture ohridienne vraisemblablement par l'intermédiaire de l'iconographie impériale et par Salonique.[34])

La figure de l'archevêque d'Ohrid Constantin Kabasilas se trouve représentée dans l'abside, au mur sud du diaconicon. Le fait d'avoir inserré le portrait d'un archevêque d'Ohrid dans la procession des sts Pères les plus vénérés est fort important. De même que l'accent mis sur la figure de saint Clément représenté en protecteur de la ville d'Ohrid — dévoile aussi une tendance des autorités ohridiennes de faire valoir les saints locaux — d'insister sur leur importance. Ces nouvelles tendences sont dues probablement à l'importance renouvelée et à certaine prospérité que l'archevêché d'Ohrid a obtenu de nouveau au temps du despotat d'Epire et des premiers Paléologues.

Il faut attirer l'attention sur le fait que dans cette peinture on ne discerne point les influences des innovations qu'avaient apporté Eutychios et Michel aux certains thémes iconographiques aussi bien que dans le style. Ceci nous permet de supposer qu'à la fin du XII-e et au début du XIV-e siècle, parallélement à l'atelier

34) J. Sabatier, Description générale des monnaies byzantines, Paris 1862, № 1, p. 240, 241

Меѓутоа, тие сепак имаат извесни сродности со неа, а особено со подоцнешното создавање — со иконите што досега во науката се врзувани главно за нејзината внатрешна декорација (ликот на апостолот Павле спроти нозете на Богородица во Успението, што речиси буквално се врзува за истиот лик на празничната икона на Успението).

Сликарството на **црквата Мали свети Врачи,** иако многу оштетено, им припаѓа на најквалитетните ликовни целини што се зачувале во Охрид. Тоа не е воедначено, па веројатно ни сето од истото време. Ликовите надвор од олтарскиот простор — во наосот ан црквичката — се дело на зрел инспириран сликар, додека, меѓутоа, живописот во олтарот, можеби и затоа што е затскриен со иконостасот, е со значително послаб квалитет.

Прв и единствен пат во самиот Охрид, во оваа црква е претставен свети Климент како заштитник на Охрид со модел на охридскиот град в раце. Овој инаку општо земено познат мотив, чие што потекло несомнено е античко, во охридското сликарство веројатно најпрво дошол преку царската иконографија и Солун.[34])

Ликот на охридскиот архиепископ Константин Кавасилас е насликан во самиот олтарски простор на јужниот ѕид од ѓаконикот. Со исклучително нагласениот лик на Климента како заштитник на Охрид и со ликот на Константина Кавасилас во олтарот, декорацијата на оваа црква добила најизразито иконографско обележје на охридските локални тенденции. Во вака нагласен облик оваа тенденција никогаш повеќе нема да се повтори. Тоа се секако иконографски одгласи на поголемата имашливост и на понагласената самостојност на охридската црква што ја имала таа околу половината на XIII век во рамките на Епирскиот деспотат и првите Палеолози.

Навистина е интересно што сугестивната наративност на темите на Евтихиј и Михаил не продрела во овој живопис. Можеби ова би индицирало

d'Eutychios et de Michel, il existait à Ohrid un autre atelier, aux tendances iconographiques plus archaïques se basant sur les traditions principales ohridiennes. Néamoins, cet atelier n'en est pas moins conforme au style général de la Renaissance des Paléologues, mais il représente, semble-t-il, une étape intermédiaire dans le développement de ce style. Considérée a la lumière d'une telle évolution, la peinture de la petite église des Saints-Anargyres serait plus ancienne que celle dans l'église de Saint-Nicolas l'Hospitalier.

A la peinture ohridienne locale appartient également le reste de la décoration de l'église de Saint-Jean le Théologien, a Kaneo, près d'Ohrid. Il se peut que cette église soit une fondation pieuse de la famille des Théologites, vers 1200.[35]) Un fait caractéristique: parmi les saints Pères qui décorent l'abside on a introduit trois saints d'ordre local — st Clement, st Erasme et st Constantin Kabasilas.

Le peintre de l'église de Saint-Jean le Théologien s'est inspiré, dans l'élaboration de certaines figures, par les peintures de Sainte-Sophie, en adoptant non seulement divers types iconographiques de sa riche galerie de portraits des saints Pères, mais aussi leurs habits sacerdotaux d'apparat qui sont archaïques. Dans ce sens sa décoration accuse certaines affinités avec la peinture du maître de la petite église rupestre de Saint-Erasme. Toutefois il faut remarquer que les fragments de peinture de l'église rupestre de Saint-Erasme dénoncent un maître mûr qui conaît son métier.

Malgré tout le caractère archaïque qui se manifeste dans la peinture de l'église de Saint-Jean le thèologien et de l'affinité de cette peinture avec la peinture de Sainte-Sophie, la présence de la

---

[35]) L. Petit, Le monastère de Notre-Dame de Pitié en Macédoine, Известия русск. археол. института въ Константинополе, VI, София, 1900, p. 37 et 64: En 1152 environ on mentionne Constantin Théologite, plus tard Nikitas et ensuite Jean Théologite.



дека кон крајот на XIII и почетокот на XIV век паралелно со сликарската работилница на Евтихиј и Михаил во Охрид постоела и една друга, со малку поархаични иконографски склоности и со ликовно посмирена обработка. Меѓутоа, оваа работилница сепак се вклопува во општиот стил на Ренесансата на Палеолозите, претставувајќи изгледа охридски одглас, но квалитетен, на една поранешна преодна етапа во развојот на овој стил. Во таа развојна линија сликарството на црквата Мали свети Врачи би било постаро од живописот на Никола Болнички.

На локалното охридско сликарство му припаѓа и остатокот на сликаната декорација во **црквата Јован Богослов** во Канео кај Охрид. Можно е дека оваа црква е задужбина очевидно на угледното семејство Теологити, кое се споменува во Охрид од околу 1.200 година.[35]) Карактеристично е дека во оваа црква се наоѓаат многу голем број светители архиереи, меѓу кои и тројца охридски светители: свети Климент, свети Еразмо и свети Константин Кавасилас.

Сликарот на црквата Свети Јован Теолог повремено работејќи извесни ликови се инспирирал од сликарството на Света Софија, преземајќи не само одделни типови од нејзината богата галерија портрети на архиереи, туку и нивните архаични службени одејанија. Во тој поглед нејзината декорација има извесни сродности со мајсторот на пештерната црквичка Свети Еразмо, само со таа разлика што сродноста на ликовните решенија во живописот на Свети Еразмо е понепосредна и подоследна.

И покрај сета архаичност што се јавува во сликарството на црквата на Јован Теолог и повремената сродност на овој живопис со живописот на Света Софија, очевидно е, со оглед на постоењето на светителскиот лик на Константина Кавасилас, дека овој живопис морал да настане дури по неговата канонизација што е извршена секако пред 1295 година кога неговиот светителски лик првпат датиран се ја-

figure de saint Constantin Kabasilas nous permet de conclure que cette peinture a dû être élaborée avant l'année 1295, quand le portrait de ce saint apparait pour la première fois dans la peinture ohridienne. Cependant, les particularités archaïsantes de cette peinture (de même que le fait qu'elle est loin de la force vitale spontanée qui jaillit de la décoration de l'église de la Vierge Périvleptos, et, en outre, que dans aucun détail, elle ne se sert des modèles dont s'étaient servis Eutychios et Michel, mais qu'au contraire, elle imite les solutions picturales d'une église plus ancienne, la Sainte-Sophie) — nous conduirait à supposer que la décoration conservée dans l'église de Saint-Jean le Théologien fût exécutée avant la peinture de l'église de la Vierge Périvleptos.

La petite église de Saint-Démétrius. fut peinte vers la fin du pouvoir byzantin à Ohrid. Cette ornementation indique un affaiblissement sensible de la création artistique à Ohrid. Dans les compositions qui, au point de vue pictural, sont de moindre qualité, on n'y trouve que quelques détails iconographiques plus intéressants (p. ex. l'âme ailée de la Vierge dans la composition de la Dormition).

Parmi les peintures de cette église une se distingue par ses qualités: la figure de saint Démétrius, le patron de l'église, exécutée, sans doute, d'après une icone.

A la suite de l'intégration d'Ohrid dans les frontières de l'état serbe, le pouvoir et le rôle de l'archevêché et de la ville diminuaient sensiblement. L'archevêché d'Ohrid, jadis puissant, sous l'ingérence duquel se trouvaient de vastes parties des Balkans et dont l'influence se faisait sentir aussi en dehors des Balkans, commence à perdre cette puissance, successivement. Avec la création de l'archevêché serbe indépendant et, ensuite, par la création de la patriarchie bulgare, l'archevêché d'Ohrid perdit la plus grande partie de ses éparchies dans le nord, le sud-ouest et à l'est de son diocèse tandis que l'expansion continuelle de l'état serbe en direction du sud, le privait, successivement mais sûrement, d'une région

вува во охридскиот живопис. Меѓутоа, особините на нејзиниот живопис што го прават архаичен (како и фактот дека тој е далеку од спонтаната животна сила што избива од живописот на Богородица Перивлепта, дека во ниеден детаљ не ги користи обрасците со кои се служеле нејзините сликари, туку дека, напротив, се служи со обрасците — ги позајмува ликовите па дури и ги подражава ликовните решенија на една постара црква — Света Софија) би наведувале на претпоставка дека зачуваниот живопис на Свети Јован Богослов настанал пред сликарството на Богородица Перивлепта.

Пред доаѓањето на Охрид во рамките на српската држава настанал и живописот од среден квалитет во црквичката Свети Димитрија, за која нема историски податоци. Оваа декорација укажува на осетното слабеење на уметничкото создавање во Охрид пред крајот на првата половина на XIV век. Во композициите што се ликовно послаби од ликовите на светителите насликани во првата зона (од кои се разликуваат дури и по квалитет на боите) се наоѓаат само извесни поне-обични иконографски детали (душата на Богородица во Успението е претставена со крила).

Ликовно во оваа црква е најубава претставата на свети Димитрија, храмовниот светител, што веројатно е работена по некоја икона.

Со доаѓањето на Охрид во рамките на српската средновековна држава неговото значење и улога се менуваат, и тоа мошне осетно. Некогаш моќната охридска архиепископија, што под својата ингеренција држела огромни делови на Балканскиот полуостров, чие што влијание било значително дури и надвор од Балканот, постепено но постојано губи од својата моќ. Со создавањето на самостојната српска архиепископија, а потоа на бугарската патријаршија, охридската архиепископија го изгубила најголемиот дел од своите епархии на север, на југозапад и на исток, а непрекинатото ширење на српската др-

après l'autre. Tous les souverains serbes jusqu'au roi Dušan incorporaient toujours les régions nouvellement serbes de sorte que, à la veille du passage d'Ohrid aux mains des Serbes, l'archevêché d'Ohrid se trouvait presque réduite aux seuls environs d'Ohrid.

Entre-temps, le roi Dušan interrompit cette politique: non seulement il laissa désormais à l'archevêché d'Ohrid toutes les régions qu'il possédait au moment de son passage sous la domination serbe, mais aussi il accorda à l'archevêché généreusement ses subsides. Désormais, on restaure toutes les églises plus importantes d'Ohrid, on les embellit ou on leur assigne de riches revenus: à Sainte-Sophie, on décore l'étage supérieur du narthex, ainsi que la chapelle de saint Jean. Saint-Pantéléimon — Imaret — fondation de saint Clément, protecteur d'Ohrid, est rénové; on achève la peinture de l'église de Saint-Nicolas l'Hospitalier. Les églises reçoivent de nouvelles icones, richement ornées de montures en argent.

L'archevêque Nicolas d'Ohrid a fait peindre au moins une partie des décorations du **premier étage du narthex de Sainte-Sophie.** Son portrait de donateur, quoique fort endommagé, y figure sur le mur oriental entre la composition de la Déisis et le portrait d'un archevêque ohridien au polystavrion. Dans la décoration de la première zone de figures de cet espace, on choisissait de préférence les saints ermites, ce qui était tout à fait conforme à l'esprit de la conception des hésychastes de cette époque.

Les représentations des Conciles oecuméniques, sur la voûte du narthex, appartiennent à la décoration spécifique des églises archiépiscopales et épiscopales. Dans le narthex de Sainte-Sophie ils figurent symboliquement, joints aussi aux compositions de la Contrition de Da-



жава кон југ, ѝ одземало постепено но сигурно област по област. Сите српски владетели до крал Душан секогаш новоосвоените краеви ги вклучувале во самостојната српска архиепископија, така што пред преминувањето на Охрид во српски раце охридската архиепископија била сведена во тесните граници за малку само околу Охрид.

Меѓутоа, крал Душан ја прекинува затврдената практика и не само што ѝ ги остава на охридската архиепископија сите краеви што ги имала во моментот кога дошла под српска власт, туку и самата архиепископија богато ја помага парично. Сите најзначајни охридски цркви или се обновуваат, се украсуваат или богато се наградуваат: во Света Софија се слика горниот кат на припратата како и параклисот на свети Јован; се обновува Свети Пантелејмон, задужбина на свети Климент, заштитник на Охрид; се досликува црквата Никола Болнички. Црквите се даруваат со нови икони, што се богато украсени со сребрени опкови.

Охридскиот архиепископ Никола дал да се наслика барем еден дел од декорацијата на првиот **кат од нартексот на Света Софија**. Неговиот ктиторски портрет, макар што многу оштетен, се наоѓа на источниот ѕид на припратата зад деисисната композиција и портретот на еден архиереи во полиставрион.

При декорирањето на првата фигурална зона на овој простор, во изборот на светелите се инсистирало на светите пустиници, што е сосема во духот на современото хезихастичко сфаќање.

Композициите на Вселенскиот собор, што се наоѓаат во сводот на нартексот, ѝ припаѓаат на специфичната декорација на архиепископските и епископските цркви. Во припратата на Света Софија тие симболично се врзуваат и за композициите на Давидовото покајание[36]) и Визијата на Петар Александриски, што се насликани една спроти друга на јужниот односно северниот ѕид на овој простор.

Во декорацијата на првиот кат на припратата на Света Софија се разли-



Сл. 9. — Црквата Св. Димитрија: Св. Димитрија (Фотографија на Заводот)
Fig. 9. — L'église de Saint-Démétrius: Saint Démétrius. Photo: Institut de protection des monuments culturels de la RP de Macédoine

vid[36]) et à la Vision de saint Pierre d'Alexandrie, peinte l'une en regard de l'autre, sur le mur sud et nord de cet espace.

La décoration du premier étage du narthex de Sainte-Sophie accuse non seulement deux mains de peintre différentes, mais aussi deux conceptions. Par leur dessin et leur coloris, toutes les compositions et quelques figures sur les murs ouest, nord et sud sont peintes dans l'esprit de la peinture ohridienne du début du XIV-e siècle. Particulièrement caractéristique à cet égard est la manière de styliser les figures, manière basée, dirait-on, sur les modèles de l'église de la Vierge Périvleptos. Ce-

[36]) Sur le lien symbolique de la composition de la Pénitence de David et la représentation des Conciles oecuméniques Sv. Radojčić a publié une étude très détaillée (Фреска Покајања Давидовог у охридској светој Софији, Старинар, н. с. књ. 9-10, Београд 1958, pp. 133 — 136.)

куваат јасно не само две сликарски раце туку и две сликарски сфаќања. Цртачки и колористички сите композиции и неколку ликови на западниот, северниот и еден дел од јужниот sид се сликани во духот на охридското сликарство од почетокот на XIV век. Во овој поглед посебно се истакнува карактеристичниот манир во стилизацијата на ликовите, заснован врз цртачките обрасци на црквата Богородица Перивлепта. Меѓутоа, иако графички сродно, по својата палета ова сликарство во однос на сликарството на Перивлепта е попридушено и повоздржано. Од друга страна, другиот живопис на овој простор, а деисисната композиција и портретите на архиереите на прво место, со повремено аскетски издолжените фигури, нагласено долгманестите лица, графички обработените драперии без волумен, му припаѓаат на изразито друго ликовно сфаќање, се дело секако на друг сликар, а веројатно му припаѓаат и на друго време, па е можно да се претпостави дека еден дел од овој живопис настанал во времето на архиепископот Григориј, кој sидајќи ја својата припрата можеби започнал и со декорацијата на просторот на првиот кат од нартексот, што по неговата смрт ја завршил архиепископот Никола.

**Параклисот на свети Јован** на првиот кат од северната кула го подигнал и дал да се наслика деспотот Оливер, што е насликан тука со семејството и со охридскиот архиепископ Никола, покрај изразито аскетската фигура на патронот на црквата Јован Претеча. Ликовно оваа фигура се врзува за ктиторската композиција во припратата на првиот кат, додека другиот дел од живописот е испишан со сликарството на Богородица Перивлепта. Специјално композицијата Раѓањето на Претеча го повторува речиси буквално еден дел од композицијата Раѓањето на Богородица во црквата Богородица Перивлепта.

Графицизмот што започнал да се појавува кај одделни охридски сликари од првата половина на XIV век во живописот на параклисот на Јован Претеча станува уште поизразит. Очевидно е дека развојната линија на оваа сликарска работилница е насочена во тој правец.

pendant, bien que graphiquement conforme, par sa palette, cette peinture est, par rapports à la peinture de la Périvleptos, plus tempérée et plus retenue. D'autre part, le reste de la peinture en premier lieu la composition de la Déisis et les portraits des saints Pères, avec les figures parfois ascétiquement allongées, les visages fort oblongs, les draperies traitées d'une manière graphique sans volume, — appartiennent à une conception picturale différente, représentant à coup sûr l'oeuvre d'un autre peintre et, probablement, d'une autre époque. On peut présumer qu'une partie de cette peinture date de l'époque de l'archevêque Grégoire, lequel, en construisant son narthex entama la décoration du premier étage, terminée après sa mort par son successeur l'archevêque Nicolas.

La chapelle de saint Jean Prodrome, au premier étage de la tour nord, fut construite et peinte sur l'ordre du despote Olivier, qui s'y trouve portraituré avec toute sa famille et l'archevêque d'Ohrid Nicolas, servant d'intermédiaire — au devant de la figure ascétique de saint Jean le Précurseur. Par son exécution, cette figure se rattache à la composition du donateur, qui se trouve au premier étage du narthex. Le reste de la décoration de cette chapelle serait inspirée par celle de l'église de la Vierge Périvleptos. Notamment la composition de la Naissance du Précurseur répète presque littéralement une partie de la composition de la Nativité de la Vierge, de l'église de la Vierge Périvleptos.

Le graphisme qui commence à se manifester chez divers peintres de la première moitié du XIV-e siècle reçoit, dans la peinture de la chapelle de saint Jean le Précurseur, des formes encore plus expressives. Il est évident que l'évolution de cet atelier de peinture s'engage dans cette direction.

Sur le côté ouest du chambranle de l'ancienne porte nord de cette chapelle, est représentée une croix fleurie, où se trouve conservée l'inscription qui contient entre autres la mention suivante: δέησις του δουλου σου Κονσταντινου.

Se Constantin, dont il est question ici pourrait être le peintre de cette chapelle.



На западниот довратник на некогашната северна врата на овој параклис при дното на претставата на расцутениот крст, се зачувал натпис што покрај другиот текст содржи и δέησις του δουλου σου Κονσταντινου.Споменатиот Константин можеби би можел да биде сликар на овој параклис.

Севастократорот Керсак ја обновил црквата Свети Пантелејмон, задужбина на свети Климент Охридски. Тука се наоѓал и неговиот портрет, покрај ликот на свети Климент.[37]) Остатоците од другите фрески од времето на Керсаковата обнова на **црквата Свети Пантелејмон** се зачувани само фрагментарно. Д. Коцо потцртува дека во нив се чувствува влијание на сликарството на Богородица Перивлепта.

Околу средината на XIV век во Охрид покрај фреското сликарство интензивно се развива и иконописот. Од ова време е репрезентативната икона на Богородица Епискепсис.[38])

Обработката на ликовите и на Христа и на Богородица има извесни стилски одлики на раното сликарство на XIV век. Во облеката на Богородица сликарот внесува извесни карактеристични новини (разрезот на нејзиниот фустан, на пример), што укажуваат на познавањето на западните сликани претстави на Богородица, што можеби би укажувало дека иконата била донесена во Охрид, или дека ја работел некој наш сликар од Јужното Приморје.

На иконостасот на Богородица Перивлепта, денешен Свети Климент, до скоро се наоѓаа две големи икони на

Le sébastocrator Kersak a restauré l'église de Saint-Pantéléimon, fondée jadis par saint Clément d'Ohrid. Là se trouvait son portrait, représenté à la suite de la figure de saint Clément.[37]) Les restes des autres fresques, datant de la rénovation de Kersak ne sont conservés que d'une manière fragmentaire. D. Koco souligne qu'on y sent l'influence de la peinture de l'église de la Vierge Périvleptos.

Vers le milieu du XIV-e siècle, outre la peinture murale, Ohrid connaît un développement intense de l'art des icones. L'icone de la Vierge Episkepsis représente le mieux les tendances caractéristiques de l'époque dans cet art.[38])

Le traitement des figures du Christ et de la Vierge possède certaines qualités de style de la peinture du haut XIV-e siècle. Certaines innovations caractéristiques introduites par le peintre dans la coupe des vêtements représentés (p. ex. l'ouverture de sa robe), démontrent une connaissance de sa robe) démontrent une tales de la Vierge, — circonstance qui pourrait indiquer que cette icone fût l'oeuvre d'un peintre originaire de notre littoral adriatique.

Sur l'iconostase de l'église de la Vierge Périvleptos (Saint-Clément aujourd'hui) se trouvaient, il n'y a pas longtemps, deux grandes icones du Christ et de la Vierge (types Psychosostes),[39]) partiellement retouchées. Sur le cadre précieux en argent de l'icone du Christ est incisée l'inscription mentionnant le sébastocrator Kersak (Kir Issak) comme donateur[4] ). Sur le cadre d'argent de l'icone de la Vierge, d'autre part, le maître orfèvre a battu le portrait de l'archevêque d'Ohrid Nicolas.[41]) Il s'ensuit que le sébastocrator Kersak, d'accord avec l'archevêque d'Ohrid Nicolas, a fait cadeau

[37]) Sur l'inscription endommagée á côté de la figure du fondateur, D. Koco a lu le nom de Kersak comme Kesaros Dukas, en rattachant ce portrait au XII e siècle et au despotat épirote de Théodore Comnene Duka (Климентовиот манастир „св Пантелеимон" и Раскопката при „Имарет" во Охрид, pp. 151—152, fig. 1 et 2). Đorđe Mano — Zisi, dans son compte redu de ce travail. (Старинар н. с. књ. 1, Београд 1950 p. 279) a émis la supposition qu'il pourrait s'agir du sébastocrator Kersak.

[38]) К. Балабанов, Новооткриени икони од XIII, XIV и XV век, Разгледи, април 1959, Скопје p. 993.

[39]) Н. П. Кондаковъ, Македонія, 248-250.

[4] ) Le seul auteur qui mentionne cette inscription est Djordje Mano-Zisi dans le compte rendu mentionné, avec une erreur dans la lecture du nom (Старинар н. с., I, p. 279).

[41]) Le portrait de l'archevêque Nicolas est publié par Fr. Mesesnel (Средњевековни споменици у Охриду, I, Црква св. Николе Болничког и њене портретне фреске, Гласник Скопског научног друштва, Скопље 1933, књ. XII, 176-177, fig. 15).

Христос и на Богородица Душеспаси-телка[39]) делумно ретуширани. На ска-пениот сребрен оков од иконата на Христос е пронајден во сребро искован натпис со помен на севастократот Керсак како приложник.[40]) На сребрениот оков од иконата на Богородица се наоѓа во сребро искован портретот на охридскиот архиепископ Никола.[41]) Според тоа, сигурно е дека севастократот Керсак во согласност со охридскиот архиепископ Никола ги подарил овие две престолни икони, доколку и архиепископот Никола не учествувал активно во овој подарок. Постои можност тие да му биле наменети на иконостасот на Богородица Перивлепта.

Охридскиот архиепископ Никола бил вториот ктитор на црквата **Свети Никола Болнички**, на која веројатно ѝ го додал тремот. Неговиот портрет се наоѓа на јужниот фасаден ѕид на црквата заедно со типично репрезентативните владетелски портрети на крал Душан, кралица Елена и младиот крал Урош што ги придружуваат и ликовите на свети Сава и свети Симеон Немања. И по својата историска содржина, и по својата концепција оваа декорација е сосема исклучителна во сликарството на Охрид. Прв пат на негова почва се јавува вака конципирана галерија од портрети: со ликот на ктиторот и со членовите на владеачката кралска куќа. Меѓутоа, тоа што е уште понеобично, тоа е појавата на ликовите на свети Сава и свети Симеон, изразито српски национални светители, симбол на независната српска црква и независната српска држава. Ова всушност е ликовна илустрација на политичкиот став и програма на младиот српски владетел спрема охридската архиепископија и новоосвоените византиски области. Истовремено оваа ктиторска композиција го илустрира и Душановото сфаќање за односите на автономните црковни организации во рамките на неговата држава.

---

[42]) Récemment toute la littérature afférente). par J. Macan (Охридските икони, pp. 78—80, où se trouve également toute la littérature afférente).



de ces deux icones à l'une des églises d'Ohrid ou même que l'archevêque Nicolas lui aussi aurait activement participé à cette donation. Il est possible que ces deux icones fussent destinées à l'iconostase de l'église de la Vierge Périvleptos.

L'archevêque Nicolas manifesta son activité en procédant aussi à l'embellissement de l'église Saint-Nicolas l'Hospitalier (Bolnički), à laquelle il ajouta probablement le portique. Son portrait figure sur la façade sud de l'église, et se trouve à la tête de la galerie des portraits de la famille royale serbe, du roi Dušan, de la reine Hélène et du jeune roi Uroš, qu'accompagnent les portraits des saints protecteurs de l'état serbe, saint Sava et saint Siméon Nemanja. Par son contenu historique et par sa conception, cette décoration est tout à fait exceptionnelle dans la peinture d'Ohrid. C'est la première fois que sur le territoire l'archevêché d'Ohrid apparait une galerie de portraits ainsi conçue, c'est-à-dire, avec la figure du fondateur et les membres de la dynastie régnante. Encore moins commun est l'apparition des figures de saint Sava et de saint Siméon, saints nationaux indubitablement serbes, symboles de l'église serbe indépendante et de l'état indépendant serbe. C'est, à vrai dire, une illustration figurée de la prise de position et du programme du jeune souverain serbe face à l'archevêché d'Ohrid et les pays byzantins nouvellement conquis. En méme temps cette composition de fondateur interprète la conception de Dušan sur les rapports autonomes dans le cadre de son état.

A la décoration de l'iconostase, sans doute celui de Saint-Nicolas de Bolnica, appartiendraient aussi deux icones, l'une, dite l'icone de la Vierge de Dušan, l'autre, représentant saint Nicolas.[42]) L'une et l'autre sont encadrées d'une monture d'argent inspirée d'une conception décorative identique. Les portraits frappés sur la monture en argent de l'icone de la Vierge, entre les plaques portant jadis leurs noms, ne peuvent être identifiés d'une manière sûre, car les inscriptions n'y existent plus. Cependant, la figure du prélat, près de laquelle les plaques portant le nom de l'archevêque

Кон декорацијата на иконостасот најверојатно на Свети Никола Болнички би припаѓале и двете престолни икони, т.н. Душанова **Богородица** и **иконата на свети Никола.**[42]) Двете икони се во богат сребрен оков и идентични декоративни концепции. Потретите иликовите исковани во сребро помеѓу плочките со имињата на ктиторите на иконата на Богородица немаат натпис, па не можат со сигурност да се идентифицираат. Меѓутоа, ликот на архиерејот крај кој се зачувале плочките со името на архиепископот Никола, секако дека го претставува неговиот портрет.

Врз основа на веќе забележаните западњачки елементи што се чувствуваат во стилот на иконата на Богородица — исклучително светлиот колорит и поневообичаената иконографска концепција на малиот Христос — може да се претпостави или дека оваа икона е донесена во Охрид отстрана, или дека ја работел сликар што дошол во Охрид; можеби еден од оние pictores graeci што се споменуваат во тоа време во Котор, што изгледа сигурно работеле за крал Душан и во Дечани.

Остатоците од првобитниот живопис во малата црква Богородица Болничка се сродни со извесни делови од живописот на Света Софија од времето на нејзината обнова во XIV век. Колоритот е извонредно светол и свеж, графицизмот нагласен, а ликовната сугестивност заснована врз декоративното спротивставување на тонски чистите боени површини една спроти друга.

Забележавме веќе дека во декорацијата на некои охридски цркви се јавуваат исклучително голем број пустиници. Ја поврзавме таа околност за хезихастичкото движење што имало влијание врз верскиот живот на Охрид од XIV век, па и врз неговата сликарска декорација. Изгледа дека оваа претпоставка ја потврдуваат и податоците што ги дава сликаната декорација на некои цркви во околината на Охрид, а можеби и околноста што

Nicolas sont conservées, représente à coup sûr son portrait.

Les savants ont déjà attiré l'attention sur la présence des éléments occidentaux dans le style de l'icone de la Vierge — coloris extraordinairement clair et le type iconographique peu commun du petit Christ — d'après lesquels on peut conclure, ou bien que cette icone fut apportée à Ohrid de l'étranger, ou bien qu'elle fut l'oeuvre d'un peintre arrivé à Ohrid: un de ces pictores graeci, mentionnés à cette époque à Kotor sur lesquels nous savons qu'ils travaillèrent pour le roi Dušan à Dečani. Les restes de peintures de la petite église de la Vierge Hospitalière (de Bolnica), ressemblent à certaines peintures de Sainte-Sophie dues à l'époque de sa rénovation au XIV-e siècle. Le coloris en est très clair et frais, le graphisme accentué, tandis que les effets picturaux sont obtenus par l'opposition décorative des surfaces peintes.

Nous avons déjà remarqué que, dans la décoration de quelques églises ohridiennes apparaissent, en nombre très grand, les figures des saints anachorètes. Nous en avons attribué la cause au mouvement hésychaste dont l'influence sur la vie religieuse de l'Ohrid du XIV-e siècle en général et sur sa décoration picturale en particulier a été sensible. Il parait que cette hypothèse se trouve confirmée aussi par les données que nous fournit la décoration peinte de quelques églises des environs d'Ohrid et peut-être même par la circonstance que, sur les rives du lac d'Ohrid, dans la deuxième moitié du XIV-e siècle, et même plus tard, la vie d'anachorètes devient fréquente et que les petites églises rupestres se multiplient, fondées vraisemblablement par des moines ermites.

L'ensemble de la décoration de l'église rupestre de la Vierge de Peštani se rattache à une partie de la peinture de l'étage supérieur du narthex intérieur de l'église de Sainte-Sophie, et, parmi cette décoration, tout d'abord à celle où se trouvent la composition de la Déisis et les portraits des fondateurs. Dans cette petite église il n'y a pas de frises de médaillons. Par contre, d'après un usage plus ancien, à leur place se trouvent,

на бреговите на Охридското Езеро во втората половина на XIV век, па и подоцна, се развива анахоретски живот и никнуваат пештерни црквички, веројатно на монаси пустиници.

Сликаната целина на пештерната **црква Богородица Пештанска** се врзува за еден дел од сликарството на горниот кат на внатрешната припрата на Света Софија, а меѓу таа декорација најпрво за оној дел на кој се наоѓа деисисната композиција и портретите на ктиторите. Во оваа црквичка нема ред кај медалјоните, но затоа според стариот образец наместо нив на една лента се насликани попрсјата на светителите меѓу кои се наоѓаат и охридските светители Климент и Наум. Заедничкиот култ на Климент и Наум, изразен во сликањето на нивните ликови еден покрај друг, се фиксира во Охрид дури од средината на XIV век.

Веројатно малку подоцна сликаната декорација на **црквата Богородица Захумска** — манастирот **Заум** — ликовно далеку поквалитетен, му припаѓа на типично креативното сликарство. Заум го подигнал цесарот Гргур Голубиќ, а дел да се наслика деволскиот епископ Григориј во 1361 година.[43]) Во фигуралната зона на нејзината декорација се наоѓаат исклучително голем број светители пустиници што го нагласуваат монашкиот карактер на оваа црква и секако хезихастичките склоности на нејзиниот ктитор, епископот Григориј на прво место. Покрај храмовниот лик на „Неракотворената претстава на Богородица", што веројатно е копија на иконите на Богородиза Захумска на која и е посветена црквата, а каде што Богородица е претставена на престол чие што облегало е покриено со бела драперија, се наоѓа многу ретка претстава на света Ана Млекопитателка, каде што сликарот го акцентира мајчинството, нагласувајќи ја, сосема необично за нашето сликарство — крупната и полна града.

Од живописот на ексонартексот се зачувале само остатоци, зашто тој е разурнат. На влезната врата во црквата е насликан Деисисот во кој прв пат

peints sur une bande, des bustes de saints parmi lesquels figurent les saints d'Ohrid Clément et Nahum. Le culte commun de ces deux saints, exprimé par la présence de leur figures juxtaposées, ne s'établit à Ohrid que vers le milieu du XIV-e siècle.

La décoration de l'église la Vierge de Zahum, — le monastère de Zaum — est très endommagée. Zaum a été fondé par le césar Grgur Golubić, tandis que sa peinture a été ordonnée en 1361 par l'évêque Grégoire de Devol.[43]) Dans la zone réservée aux figures se trouvent en nombre exceptionnel des saints ermites, dont la présence fait ressortir le caractère monacal de cette église et les tendances hésychastes de son fondateur, l'évêque Grégoire en premier lieu. A côté de la peinture patronale représentant la Vierge, vraisemblablement copie de l'icone miraculeuse de la Vierge de Zahum, à laquelle l'église est dédiée et où la Vierge est présentée sur un trône à dossier, couvert d'une draperie blanche, — se trouve une représentation très rare de sainte Anne allaitante la petite Marie. Le peintre a accentué la maternité, en mettant en relief un sein rigoureux et plein — indiscrétion rare dans notre peinture.

On n'a conservé que de pauvres fragments de la peinture du exonarthex, car il a été détruit. Sur la porte d'entrée de l'église est peinte la Déisis, dans laquelle se trouve (la premiére fois datée) la Vierge comme impératrice, portant la couronne et en vêtement impérial orné de croix. Dans l'exonarthex, à gauche et à droite de la porte d'entrée, derrière les apôtres Pierre et Paul, sont placés les portraits de deux nobles, dont le premier, placé au nord, s'appuie de ses deux mains sur un bâton, tandis que celui qui est placé au sud de la porte d'entrée s'appuie de la main droite, en tendant la main gauche d'un

[43]) La question du fondateur de cette église a été résolue par Djordje Sp. Radojčić). (Ko je подигао манастир Заум? — Историски преглед I, 1954. pp. 44—46). On y trouve également toute la littérature relative à ce problème, y compris l'hypothèse proposée antérieurement sur la qualité de Grgur Branković fondateur. Une étude sur cette peinture est préparée par Antonie Nikoloski.



датирана се јавува Богородица како царица, со корона и во царска облека украсена со крстови. Во ексонартексот, лево и десно од влезната врата, зад фигурите на апостолите Петар и Павле, насликани се портретите на двајца благородници. Благородникот од северната страна се опира со обете раце на долг стап, додека благородникот јужно од влезната врата се подбочил со десната рака, а левата молбено ја испружил. Со оглед на тоа што само овој благородник го има карактеристичниот гест на ктитор, сосема е веројатно дека го претставува ктиторот цесарот Григур Голубиќ.

Многу активниот Григориј, епископ деволски, што дал да се наслика манастирот Заум, го сосидал и го насликал во 1365 година, во времето на цар Урош, параклисот на свети Григориј Богослов, кој е присидан од северната страна крај олтарскиот простор на Богородица Перивлепта.[44])

Веројатно истовремено, кога е sидан и насликан параклисот на свети Григориј Богослов, сликани се и фасадните страни на северниот, јужниот и западниот sид на Богородица Перивлепта, како и фасадните западни sидови на присиданите параклиси на свети Григориј Богослов и на свети Климент Охридски. Ктитори на овој жи-

[44]) Dimitar Ćornakov se propose de publier une étude sur la peinture de l'église de la Vierge Périvleptos. — Quand tous les travaux de nettoyage et de conservation de l'église de la Vierge Périvleptos auront été terminés, il serait nécessaire de procéder à un examen comparatif des peintures de toutes les églises où apparaît cet évêque de Devol, soit comme fondateur soit comme participant à la fondation (par exemple, la peinture du XIV-e siècle à l'église de Saint-Pantéléimon), (la charte accordée par le roi Dušan à l'église de la Vierge Pèrivleptos démontre que le sébastocrator Kersak ktitor de cette peinture avait collaboré avec l'évêque de Devol-Grégoire); ensuite la peinture de la petite église de saint Grégoire le Théologien, aussi bien que la peinture de l'église de la Vierge dite de Zaum de la facade de l'église de la Vierge Périvleptos), — étant donné qu'il est parfaitement possible que l'évêque Grégoire ait employé les peintures du même atelier, sinon le même peintre. Ces ensembles, qui jusqu'à l'heure actuelle, n'étaient connus qu'en partie, présentent des particularités iconographiques très prononcées et des qualités picturales très originales.

geste de prière. Etant donné que ce noble seul est représenté dans l'attitude caractéristique de fondateur, il est très probable qu'il représente le fondateur lui même — le césar Grgur Golubić.

Le très actif Grégoire, évêque de Devol, qui avait fait peindre le monastère de Zaum, a ordonné de construire et de décorer, en flagrant l'extrémité est de la façade nord de l'église de la Vierge Périvleptos, en 1369, à l'époque de l'empereur Uroš, la chapelle de saint Grégoire le Théologien.[44])

Probablement en même temps quand a été construite et peinte la chapelle de saint Grégoire le Théologien, on a peint les façades des murs nord et ouest de l'église de la Vierge Périvleptos, de même que les murs de la façade ouest de la chapelle de Saint Grégoire le théologien et de saint Clément d'Ohrid. Les initiateurs de cette peinture et de cette reconstruction ont été, à coup sûr, le sébastocrator Branko Mladenović et son fils Vuk Branković. Leurs portraits, très endommagés actuellement, sont placés à l'extérieur, sur le mur occidental de la chapelle de saint Grégoire, — Grégoire de Devol probaporte d'entrée. On peut discerner leurs figures, peintes près de la figure de leur suzerain l'empereur Uroš, auquel il sont restés fidèles. Au sud de la porte d'entrée de la chapelle de saint Grégoire le Théologien se trouvait la figure, malheuresement complètement détruite, de l'évêque Grégoire, — Grégoire de Devol probablement. Dans la suite de cette galerie de portraits qui se prolonge jusqu'au mur de la façade nord de l'église principale, se trouve conservée la figure d'un autre évêque d'Ohrid, Jean (inconnu jusqu'ici), qui, probablement, succéda à Nicolas sur le trône archiépiscopal.

En outre, la décoration du portique nouvellement construit, comportait l'acathiste de la Vierge, représenté sur le mur nord de la façade de l'église principale ainsi que la composition du Jugement dernier, qui couvrait le mur de la façade sud de l'église de la Vierge. Il est fort probable que cette composition continuât sur le mur ouest, sur lequel plus tard, au XVI-e siècle, fut de nouveau peinte la composi-

вопис и на оваа преправка секако биле севастократорот Бранко Младеновиќ и неговиот син Вук Бранковиќ. Нивните многу оштетени портрети се нсаликани однадвор на западниот ѕид на параклисот на свети Григориј Богослов, северно од влезната врата. Сѐ уште се распознаваат нивните ликови насликани покрај ликот на нивниот сизерен цар Урош, на кој тие му останале верни. Јужно од влезната врата на параклисот на Григориј Богослов се наоѓал, за жалост, денеска сосема уништениот лик на епископот Григориј, веројатно Григориј Деволски. Во продолжението на портретната композиција што се продолжува и на северниот фасаден ѕид на главната црква се зачувал ликот на до денеска непознатиот охридски архиепископ Јован, што веројатно го наследил Никола на архиепископскиот престол.

Освен оваа, другата декорација на новосоѕиданиот трем го содржела акатистот на Богородица што е насликан на бившиот северен фасаден ѕид и композицијата на Страшниот суд што го исполнувала просторот на јужната фасада на главната црква. Оваа декорација, многу лесно е можно, преминувала и на западниот ѕид на кој подоцна, во XVI век, одново е исликана композиција со иста содржина — Страшниот суд.

На сликарот на тремот на Богородица Перивлепта, изгледа, треба да му се припише и големата композиција на **Воведението**, насликана на оапачината на иконата на **Богородица Перилепта.**[45]) На храмовната икона на црквата подоцна ѝ е додадена и претставата на оној празник што го славела црквата. Вака преправена, иконата добила изразито литиски карактер.

Во ова време е насликан и **горниот кат на Григориевата припрата** во црквата Света Софија. Целиот источен

[45]) Les affinités qui existent entre cette icone et la peinture à fresco contemporaine ont été déjà soulignées.





Сл. 10. — Богородица Перивлепта: Параклис на Григорија Теолог: Деисис, Детаљ, Глава на Богородица (Фотографија на Заводот)
Fig. 10. — Notre-Dame Périvleptos, chapelle de Grégoire le Théologien: Déisis (détail). Tête de la Vierge. Photo: Institut de protection des monuments culturels de la RP de Macédoine

tion du même sujet — le Jugement dernier.

Au peintre du portique de l'église de la Vierge Périvleptos, il faut attribuer, semble t-il, aussi la grande composition de la Présentation de la Vierge au Temple, peinte sur l'envers de l'icone de la Vierge Périvleptos.[45]) Ainsi que nous le voyons, à l'icone patronale de cette église fut ajoutée la représentation de la fête que l'église de la Vierge Périvleptos célébrait. Transformée ainsi, l'icone reçut un caractère processionnel.

Egalement à cette époque furent peintes les fresques de l'étage supérieur du narthex de l'archevêque Grégoire de l'église de Sainte-Sophie. Toute la partie est de cet emplacement ainsi que la partie inférieure du mur sud était


дел на овој простор и долните партии на јужниот ѕид го заземала разработената илустрација посветена на животот на Прекрасниот Јосиф. Северниот, западниот ѕид и горните партии на јужниот ѕид ја содржеле илустрацијата на аколутијата на Андреја Критски.[46]) Покрај хиландарскиот пример, на кој го обрна вниманието проф. Радојчиќ, ова единствената уште зачувана илустрација на аколутијата на Андреја Критски во нашето сликарство.

Овие две илустрации на религиозните литературни дела, што обично не се сликаат на нашите цркви, се еден од доказите на мошне интензивните врски на сликарството и литературата во XIV век.

Интересно е што единствено овој дел од декорацијата на Света Софија има старословенски натписи.

По Маричката битка и смртта на цар Урош, во 1371 година, несигурната политичка положба, изделувањето на помали области во засебни политички и економски целини, предизвикува општо економско слабеење. Макар што Охрид се нашол во рамките на државата на крал Марко, што уште уживала сразмерно добри услови, сепак дошло до осиромашување што веднаш се одразило и врз уметничкото создавање. Цркви уште подигаат само одделни членови на охридскиот клер (ерејот Стефан во 1378 година ја гради црквата Стар свети Климент,[47]) а големиот духовник на Охрид, еромонахот Партениј, веројатно кон крајот на XIV век, ја ѕида црквата Константин и Елена.[48]) Тоа се мали градби чии што ктитори, макар што релативно имашливи, немаат можност ни да повикаат подобри мајстори, ниту на сликарите да им даваат поголеми можности за работа. Квалитетот на боите е осетно послаб, а ни самата малтерска подлога не е првокласна.

Единствен ово иконописот, во кој охридските мајстори секогаш ги даваа своите најдобри дела, уште има поголеми ликовни вредности, како на пример на литиските икони на свети Климент и свети Наум и на новопронај-



Сл. 11. — Икона: Воведение (Фотографија на Заводот)
Fig. 11. — Icone de la Présentation de la Vierge au Temple. Photo: Institut de protection des monuments culturels de la RP de Macédoine

occupée par l'illustration détaillée de l'histoire de Joseph. Les murs nord et ouest ainsi que les parties supérieures du mur sud contenaient l'illustration de l'acoluthie d'André le Crétois.[46]) Avec l'exemple de Hilandar, sur lequel le professeur Radojčić a attiré l'attention, ceci est la seule illustration conservée dans notre peinture de l'acoluthie d'André le Crétois.

Ces deux illustrations d'oeuvres appartenant à la littérature religieuse, qui sont rares dans la peinture de nos églises, témoignent des rapports intenses qui existaient entre la peinture et la littérature au XIV-e siècle.

Il est intéressant de noter qu'il n'y a que cette partie de la décoration de Sainte-Sophie qui porte des inscriptions en vieux-slave.

[46]) Dans un travail actuellement sous presse Svetozar Radojčić étudie d'une manière détaillée le problème des illustrations de l'acoluthie d'André le Crétois dans notre peinture.

дената литиска икона на Христос (на чија што опачина се наоѓаат фрагментарни остатоци од Распетието). Овие икони не се единствените што настанале во тоа време, но се типични примероци на иконописот од овој период.

Во **Богородица Перивлепта**, во 1379—1380, над гробот на Остоја Рајаковиќ, роднина на крал Марко, во припратата на северната страна од западниот ѕид, во редот на аркосолиите, е насликан портретот на Остоја Рајаковиќ крај ликот на Богородица Перивлепта, што е претставена на престол. Појавата на портретот на Остоја Рајаковиќ во црквата Богородица Перивлепта, во која некогаш, кон крајот на XIII век кога е основана, не е насликан ни портретот на нејзиниот основател Прогон Згур, е најдобар доказ за новото струење и исклучителната склоност кон сликање портрети што во Охрид го донесло краткотрајното српско владеење.

Сликаната декорација на надворешниот западен ѕид на **црквата Свети Никола Болнички**, со претставата на Благовештение, наполно исклучително, во првата зона лево и десно

L'année 1371 fut fatale pour l'état serbe. La défaite de Marica et la mort de l'empereur Uroš, causèrent entre autre l'instabilité politique et économique du pays favorable aux tendances particularistes qui amenèrent a l'apparition de petites unités politiques provoquant par la suite un afaiblissement économique général. Bien que se trouvant sous la juridiction de l'état du roi Marco, dans lequel les conditions étaient relativement bonnes, Ohrid n'en connut pas moins un appauvrissement, dont les conséquences se reflétèrent bientôt dans le domaine de la création artistique. Les églises ne sont plus fondées que par des membres du clergé d'Ohrid (le prêtre Etienne construit, en 1378, l'église de Saint-Clément l'Ancien[47]) tandis que le grand ecclésiastique d'Ohrid, le religieux Parthénius, bâtit, probablement à la fin du XIV-e siècle, l'église de Constantin et Hélène.[48]) Ce sont de petits édifices dont les fondateurs, bien que relativement riches, n'avaient ni la possibilité de faire appel à de meilleurs maîtres ni de faciliter aux peintres des conditions de travail plus favorables. La qualité des couleurs se

47) Мирјана Ћоровић — Љубинковић, Црква Стари свети Климент у Охриду, Старинар, 1940, pp. 92-100.

двете куќи во XIX век е последица на
наспоредниот развиток во текот на че-
тири века и во услови на турска кул-
турна доминација. Во својата внатреш-
на содржина тоа се две различни кон-
цепции. Ова формално единство доаѓа
до израз дури во крајот на XVIII век
и низ целиот XIX век, кога економски-
от потенцијал на христијанинот скоро
се изравни со оној на турчинот и кога
обемот, материјалниот квалитет и кван-
титет на куќата на турскиот феудалец
се изедначи со куќата на христијан-
скиот чорбаџија — трговец, занаетчија
или закупец на езерскиот риболов.

Поради горното, за одредување на
називот, ниту зборот **турска** архитек-
тура, ниту **Балканска**, не даваат из-
доста карактеристики. Најрадо би се
задржале на името **стара градска** архи-
тектура, со посебен акцент на додаток:
во **Македонија, во Охрид** и сл., кој по-
тесно ќе ја означи територијата или
народот. Создавањето и растежот на
оваа архитектура има во вистинската
смисла органски карактер. По својата
суштност тоа е „интернационална“ по-
јава во оквир на територијата низ која
се простирала. Но, очигледни се нејзи-
ните регионални модулации.[2]) Овие го
синтетизираат придонесот на одделни
региони (во случајов градови или ет-
нички групации) при што на правилно
разбраната универзалност (стил) го
удриле печатот на објективните (кли-
мат, амбиент, материјал) и субјектив-
ните посебности (културна издигнатост,
вкус, професија, етничко историска

chrétienne peut être conçue comme le
prolongement des colonies, en faubourgs
médiévaux, enrichie de certains caracté-
res esthétiques de l'Orient, introduits par
les Turcs conquérants du pays.

L'unité formelle du style des deux
maisons au XIX siècle est une consequ-
ence du développement parallèle au cours
de quatre siècles sous la domination cul-
turelle turque. Quant à l'intérieur, ce
sont deux conceptions différentes. Cet-
te unité formalle ne se manifeste que
vers la fin du XVIIIe siècle et tout le
long du XIXe lorsque le potentiel écono-
mique du chrétien devint égal à celui du
Turc, et que le volume, la qualité et la
quantité des matériaux de la maison du
seigneur féodal turc s'identifient à ceux
de la maison du bourgeois chrétien — né-
gociant, artisan ou pêcheur sur les eaux
du lac.

D'après ce qui précède, ni la dénomi-
nation »d'architecture turque«, ni celle
»d'architecture balkanique« ne pourrai-
ent être appliqués en la circonstance.
On garderait volontiers la dénomination
d'»Ancienne architecture urbaine« en
mettant l'accent sur l'appendice: en Ma-
cédoine, à Ohrid etc., ce qui indiquera
plus étroitement le territoire ou la nati-
on. La création et l'étendue de cette ar-
chitecture a, littéralement, un caractère
organique. Elle est un phénomène essen-
tiellement »international« au sein du ter-
ritoire où elle s'étendait. Mais ses varia-
tion régionales sont évidentes.[2]) Celles-ci
réunissent les contributions de diffé-
rentes régions (en ce cas: cités ou groupe-
ments ethniques) et ont imprimé le sceau
aux particularités objectives (climat,
ambiance, matériel) et subjectives (niveau
de culture, goût, profession, tradition
ethnique et historique). Ohrid, comparé à
n'importe quelle ville d'architecture an-
cienne (Kruševo, Titov Veles, Trnovo,
Salonique etc). confirmera sans conteste
la constatation ci-dessus.

Par conséquence, sans prétendre d'a-
voir participé, d'une manière décisive, à
la création de cette architecture, nous
tenons compte de l'héritage architectural
de NOS ancêtres dans NOS villes.

* * *

Dans l'ambiance d'Ohrid, enrichie par
la nature, l'ancienne architecture urbaine

---

[2]) La phase est suivie par la ofrmation de l'architecture moderne internationale d'aujourd'hui sur une échelle mondiale, présentant des caractéristiques régionales comme une conséquence de particularités climatiques, historiques et traditionnelles.



традиција). Охрид, споредeн со било
кој град со стара архитектура (Кру-
шово, Титов Велес, Трново, Солун и
сл.), недвосмислено ќе ни ја потврди
горната констатација.

Според тоа, без да претендираме на
решавачко учество во создавањето на
оваа архитектура, со доволна самоуве-
реност се осврнуваме на архитонското
наследство на **НАШИТЕ** предци во
**НАШИТЕ** градови.)

* * *

Во амбиентот на Охрид, збогатен со
даровите на природата, старата грдска
архитектура нашла услови за полн рас-
цут. Природните услови ги чинат бис-
трото езеро напоено со сонце и сед-
лестата височинка на која се развил
срдновековниот град. Материјалните
услови ги создал охридскиот човек со
својата вредна рака, бистар ум и песте-
лива природа.

Турчинот ја завладеал плодната
равнина, богата со жива вода и овде го
развил своето живеалиште. На хрис-
тијанот му го оставил само тесниот
простор на средновековното подградие,
ритчестата падина. Добриот мајстор
можел и овде на минимум простор да
создале богати архитектонски квали-
тети. Но овде му помогнала и природа-
та. Извонредната осонченост на источ-
ната и јужната падина и отвореност на
погледот кон езерската шир и благите
силуети на планините, ги компензирале
лошите особености на тесно гради
лиште.

Кон тоа секако треба да се придо-
даде и богатството на средновековни
споменици. Тврдината и голем број црк-
ви со прекрасна архитектура се богати
извори за творечка инспирација.

Мајсторот на старата охридска куќа,
требало да задоволи и определени прог-
рамски барања. Збогатениот охридски
чорбаџија не се задоволувал веќе со
скромно живеалиште. Тој сакал да го
покаже и своето богатство, и не само
на надворешноста, Затоа, по природа
скромниот охриѓанец, во просториите кај
што лично живеел со фамилијата, ос-
танувал скромен, додека просториите
кај што примал гости барал да се обра-

a trouvé des conditions d'un plein
épanouissement. Le lac limpide, baigné
de soleil et l'élévation en forme de selle
sur laquelle s'est étendue la ville médié-
vale, constituent les conditions naturel-
les. Les conditions matérielles ont été
créées par l'habitant d'Ohrid, laborieux,
intelligent et de nature sentimentale.

Le Turc a conquis cette plaine ferti-
le, riche en eau courante et il y a installé
sa demeure. Il n'a laissé au chrétien qu'un
étroit espace du bourg médiéval, la pen-
te de la colline. Sur cet espace minime,
l'habile ouvrier a pu créer des ouvrages
d'architecture de qualité. La natvre y a
également contribué. La pente extrême-
ment ensoleillée du côté Sud et Est, la
largeur de la vue sur l'étendue du lac et
les vagues silhouettes des montagnes ont
compensé les désavantages de cet étroit
terrain.

On y doit ajouter néanmoins les ri-
chesses des monuments médiévaux. La
forteresse et le grand nombre d'églises
d'architecture magnifique représentent
une riche source d'inspiration créatrice.

Le maçon de l'ancienne maison d'O-
hrid doit également satisfaire les besoins
déterminés par le plan. Le bourgeois en-
richi d'Ohrid ne se contente plus d'une
habitation modeste Il a voulu étaler sa
richesse, plutôt pour se montrer. Aussi,
l'habitant d'Ohrid modeste par nature,
dans les pièces destinées à sa vie famili-
ale, reste-t-il toujours modeste, tandis
qu'il tient à ce que les pièces destinées à
recevoir des visites soient décorées. Tan-
dis que le musulman avait la possibilité
d'étendre son plan horizontalement, le
chrétien était obligé de le développer en
hauteur.

D'après le plan de la maison chrétien-
ne il est facile d'établir la catégorisation
en trois groupes fonctionnels: pièces d'é-
conomie domestique, de séjour et de
réception.

La cave et le rez-de-chaussée appar-
tiennent au premier groupe. Mais en rai-
son des conditions spécifiques de vie, ce
groupe ne se borne pas à la cave, au sens
propre du mot, mais elle comprend deux
ou trois pièces. La pièce la plus basse en
sens vertical sert à serrer le combustible
(bois, charbon etc.). La deuxième pièce

ботат репрезентативно. И додека муслиманинот имал простор да ја развие својата програма хоризонтално, христијанинот бил принуден да се развива по височина.

Согласно со програмата во христијанската куќа лесно ќе ја забележиме категоричната поделба во три функционални гурпи: за домашна економија, за живеење и за репрезентативни приеми.

Првата група ја зафаќа визбата и приземјето на куќата. Но, поради специфичните услови на животот таа не се ограничува само на визба, во буквалната смисла на зборот, туку зафаќа две до три одделенија. Во вертикална смисла најниското одделение служи за складирање гориво (дрво, јаглен и сл.). Потоа другото одделение ја прима зимницата, која подразбира големо количество хранителни продукти за целата зима (туршии, брашно, вино и сл.). Третото одделение е најблиско до групата просториите за живеење и има работен карактер. Овде се меси хлеб, а често се складира приборот и дел од опремата за јадење (софра, столчиња, тепсии и сл.).

Во однос на групата за живеење, просториите за домашна економија се решени на повеќе нивоа и со многу духовитост и снаодливост.

Групата простории за живеење во вистинската смисла на зборот е формирана нормално од две до три одделенија. Користењето на овие одделенија е сврзано со специјалната организација на опремата, така што извесни кусотрајни функции (јадење) чисто се одвоени од долготрајните (дневен престој, спиење). Порди ова често ќе сретнеме потполно организирано живеење само во едно единствено одделение со минимална помошна организација во претсобјето (умивалник „хима“).

Поради погоре споменатата штедливост на охриѓанецот, скратувањето на куќната прогрма, до колку такво се наложува, задолжително се изведува за сметка на групата за живеење. Во конечната редукција на оваа група само на едно одделение („зимска одаја“) кон

sert à conserver les provisions pour l'hiver, comprenant une grande quantité de produits alimentaires (légumes conservés, farine, vin et autres). La troisième pièce est la plus proche des pièces de séjour; elle est destinée aux travaux de ménagère. On y pétrit le pain et l'on y range souvent les couverts et les ustensiles de cuisine (table basse, escabeaux, plats de cuivre).

Par rapport aux pièces de séjour, les pièces d'économie domestique sont établies sur plusieurs niveaux d'une façon ingénieuse.

Le groupe de pièces de séjour se compose pour la plupart de deux ou trois pièces. L'utilisation de ces pièces est en rapport avec l'organisation spéciale de l'équipement, de sort que certaines fonctions de courte durée (repas) sont nettement séparées de celles de longue durée (séjour diurne et nocturne). Aussi rencontre-t-on souvent un séjour organisé dans une pièce unique ayant une minime organisation auxiliaire dans l'antichambre (évier, »hima«).

En raison du caractère économe susmentionné de l'habitant d'Ohrid, la réduction du plan de la maison, dans le cas où elle s'impose, s'effectue obligatoirement aux dépens des pièces de séjour. La solution finale de la réduction de ce groupe, comporte une seule pièce (»pièce d'hiver«) donnant sur l'antichambre et destinée à la fonction de la préparation des repas (cheminée). Et quand on aura rangé la cheminée, l'évier et l'étagère à ustensiles dans un espace minime, on sera surpris d'y découvrir le prototype de la cuisine moderne.

Les communications internes de cette maison représentent ses qualités particulières. Plusieurs pièces — petits vestibules, libre répartition des escaliers — sont logiquement développées dans la construction de la maison.

Le troisième groupe de pièces, destiné aux réceptions se place naturellement au deuxième étage, c'est-à-dire au plus haut. Il comprend une, deux ou plusieurs pièces, selon les moyens matériels du propriétaire. Malgré l'irrégularité des fondations et du rez-de-chaussée, les pièces de ce groupe ont des forme à angles droits, déjà corrigées. Leur rapport récipro-



претсобјето се приклучува и функцијата на припремата на јадење (оџак). И кога ќе се наредат оџакот, умивалникот и етажерката за садови во една минимална организација, со изненадување ќе го откриеме овде прототипот на модерната кујнска батерија.

Посебни квалитети на оваа куќа претставуваат внатрешните комуникации. Повеќе простори — мали претсобја и слободната композиција на скали, потполно органски се развиени во ткивото на куќата.

Третата група простории е предодредена за репрезентативни приеми и нормално се пласира во вториот — односно највисокиот кат. Таа содржи едно, две или повеќе одделенија според материјалните можности на домаќинот. И покрај неправилната основа на куќата во приземјето, собите на оваа група имаат веќе исправени право-аголни облици. Нивниот меѓусебен однос претставува хармонична композиција, а површинската обработка на ѕидовите и таваните и самата опрема се многу богати.

Таква е, во принцип, организацијата на охридската куќа од XIX век. Но, поради посебностите на програмата или различностите на градилиштето, секоја куќа е богата со специфични архитектонски варијации. На ова особено влијае професијата на сопственикот и таквите разлики се јасно согледливи. Трговецот до максимум ја уголемил групата за домашна економија, а кај закупецот на езерскиот риболов истата група е специфично организирана. Поради потребата од повеќе сонце, кожарскиот трговец го уголемув чардакот за сметка на групата за репрезентација.

Со оглед на епохата, во која оваа архитектура е создадена, охридската куќа е снабдена со минимум инсталации. Таа нема водовод, а канализацијата е примитивна но многу дискретно организирана. За осветлување служи само петролна лампа во различни форми спрема просториите за кои служи. Отоплување во зимските денови се изведува со камин (отворено ложиште), но во одделенијата за репрезентативен

que représente une harmonieuse composition, le façonnement des parois et des plafonds ainsi que le mobilier sont très riches.

Telle est en principe l'organisation de la maison d'Ohrid au XIXe siécle. Mais en raison des partnculарités du plan ou des différences de l'emplacement, chaque maison présente de nombreuses et spécifiques variations architecturales. Elles dépendent surtout de la profession du propriétaire et ces différances sont nettement visibles. Le négociant a élargi au maximum le groupe de pièces d'économie domestique, tandis que le pêcheur a organisé ce groupe d'une manière spécifique. Ayant besoin de plus de soleil, le marchand de peaux et cuirs élargit le čardak Qterrasse) aux dépens des pièces de réception.

Ayant en vue l'époque où cette architecture a été créée, la maison d'Ohrid est pourvue d'installations minimes. Elle n'a pas d'eau courante et la canalisation primitive est installée de manière discrète. Pour l'éclairage, on se sert de lampes à pétrole de formes différentes selon les pièces qu'elles éclairent. Pour le chauffage, en hiver, on fait du feu dans les cheminées (foyer découvert), mais dans les pièces de réception on ne se sert souvent que d'un braséro façonné de manière décorative. Le reste du mobilier fait partie de l'architecture, c'est-à-dire est construit en éléments architecturaux. Pour ranger les vêtements ou n'importe quels autres objets, on a prévu des placards — »sergeni«, pour s'asseoir des banquettes dressées contre le mur — »minsofa«. Cette maison est vide en apparence et il est clair qu'il n'y a pas de place pour un mobilier déplaçable. L'intérieur est beau quand il est vide.

Il est naturel qu'on ait mis plus de luxe dans les pièces de réception. Le plafond de bois richement sculpté est une décoration importante et obligatoire, et le plancher est souvent couvert d'un grand tapis précieux. Les banquettes de soie fine, et le groupe de placards — »sergeni« — est enrichi d'un nouvel élément décoratif: »tchitchekluk« — niche à fleurs.

Pour la construction de l'ancienne maison d'Ohrid, on n'a utilisé que les



Карактеристичен ентериер — одаја за репрезентативен прием
Intérieur caractéristique d'une pièce de réception

прием послужува често само декоративно обработен мангал. Останатата опрема е строго архитектонизирана т.е. вградена во архитектонските елементи. За оставање алишта или каков било друг прибор предвидени се вградени ормани — „сергени", за седење покрај ѕидовите вградени седала — „минсофи". Оваа куќа е на изглед празна и јасно е дека нема место за подвижен намештај. Внатрешноста е убава кога е празна.

Секако најлуксузно се третирани одделенијата на групата за репрезентативен прием. Важна и задолжителна декорација претставува таванот со богата резба во дрво, а на подот голем и често скапоцен килим. Минсофите се покриени со тенка свилена покривка, а групата „сергени" е често збогатена со нов декоративен елемент „чичеклак" — ниша за цвеќиња.

За конструкцијата на старата охридска куќа употребени се само при-

matériaux primitifs du pays: pierre, bois, chaux et sable. La construction des murs de pierre du rez-de-chaussée est stabilisée par un système de cerclage en bois — »santrači«. Les étages sont toujours légèrement bâtis en murs dont la charpente est en bois analogue à l'idée constructive de la charpente en béton armé. L'épaisseur des murs des étages, de 16 à 18 cm., est suffisante vu la couche d'air servant d'isolation thermique.

L'ingéniosité du maçon d'Ohrid est à la même hauteur dans le domaine de la construction que dans la solution des problèmes complexes de l'organisation intérieure.

Le bâtiment se développe en hauteur et aux étages supérieurs on cherche des possiblités d'élargissement. Par l'adjonction successive de saillies aux étages, on obtient un double avantage: la première forme irrégulière du rez-de chaussée se transforme, vers le haut, en formes régu-



митивните локални материјали: камен, дрво, вар и песок. Камените ѕидови во приземните партии конструктивно се стабилизирани со систем на дрвени серклажи — „сантрачи". Катовите се секогаш лесно изградени од бондручни ѕидови по конструктивна идеја слична на армирано — бетонски скелет. Дебелината на катните ѕидови од 16—18 цм е доволна со оглед на воздушниот слој, кој служи за топлотна изолација.

Во доменот на конструкциите охридскиот мајстор е на иста таква виртуозна височина, како и кај решавањето солжените проблеми на внатрешната организација.

Зградата се развива во височина и во горните катови се бараат можности за проширување. Со последователните еркерни наддавања на катовите постигната е двојна корист: неправилниот основен облик на приземјето нагоре се трансформира во правилни облици, кои се доближуваат или иедентифицират со правоаголник и истовремено се наголемува површината. Чисто естетско-чувствената и декоративна еркерна моделација кај симетричната муслиманска куќа на стрмните терени на христијанскиот Охрид се претворила

lières, se rapprochant ou s'identifiant au rectangle, et en même temps la superficie s'agrandit. Le modelage esthétique et décoratif dans la symétrique maison musulmane se transforme, sur le terrain en pente d'Ohrid chrétien, en une portée extrêmement utilitaire, venant à bout de la disproportion entre un terrain minimum et un plan maximum. Les saillies, dans la maison chrétienne, sont pleines de valeurs fonctionnelles. Aussi les formes dérivent-elles logiquement de la nécessité sans artifice décoratif. Le désir d'une symétrie centrale est entièrement abandonné, mais l'esprit de suite dans le traitement franc et objectif de la construction a mis en harmonie la fonction et le matériau, d'où est née une nouvelle mesure esthétique dans la plastique asymétrique mouvementée.

Conséquemment à la franchise profonde dont est traitée, dans l'ensemble, la maison d'Ohrid, le maçon passe à la solution des murs de la façade.

Les murs de pierre sont sans crépissure ou seulement jointoyés. Aux étages,



Групација на куќи на ул. „Самуил" (урнати во 1942 год)
Groupe de maisons de la rue „Samuil« (détruites en 1942)

во крајно утилитарен домет во совладувањето на несразмерата помеѓу минимум градилиште — максимум програма. Еркерите во христијанската куќа се напоени со функционални вредности. Затоа облиците произлегуват логично од потребата, без декративистичка лажливост. Желбата за централна симетрија е во потполност напуштена, но доследноста во искреното, објективно третирање на конструкцијата довела до совршена складност помеѓу функцијата и материјалот, од каде што се родила нова естетска мерка во разиграната асиметрична пластика!

Доследно на длабоката искреност со која во целина е третирана охридската куќа, мајсторот оди и во решавањето на ѕидните платна на фасадата. Ѕидовите од камен се немалтерисани или само фугирани. На катовите, малтерисувањето е логичен завршок на бондручната конструкција. Меѓутоа извесни детаљи заслужуваат посебно внимание. Со површен поглед, се добива впечаток дека, освен со игривата пластика, мајсторот се занел со орнаменталниот декоративизам со дрвени опшивки. Во сушност, токму овде дошла до израз конструктивистичката логика на стариот мајстор. Опшивањето со штици е изведено токму на овие места (агловите од вертикалните греди на бондрукот и челото на меѓуспратната конструкција) кај што очигледно малтерот не се држи врз дрвена подлога. Без форсирање на кој било материјал и најситните материјални појави на фасадата имаат секогаш содржинска т.е. функционална оправданост.

И во обликувањето и конструкцијата на прозорците во охридската куќа ќе се сретнеме со прототипови на многу современи идеи. Во согласност со совршеното стилско единство доследно се спроведени два основни системи: подигање во иста прозорска рамнина или вовлечување на крилата во ѕидната празнина.

Повеќе охридски куќи датираат од втората половина на XIX век. Исклучиво мал број преживеал од првата полови-

le crépissage est un achèvement logique de la construction en charpente de bois. Cependant, certains détails méritent une attention particulière. Au premier coup d'oeil, on a l'impression qu'en plus de la plastique mouvementée, le maçon s'est passionné pour l'ornementation décorative avec des bordures en bois. En réalité, c'est juste ici que se manifeste la logique constructive de l'ancien maçon. La bordure en planches est effectuée juste aux endroits (les angles des poutres verticales sur celles de la charpente et le front de la construction entre les étages) où évidemment le mortier ne itent pas sur un appui de bois. Sans préférer n'importe quel matériau, les moidres quantités de matériaux sur la afçade ont leur raison d'être fonctionnelles.

Dans la forme et la construction des fenêtres de la maison d'Ohrid, nous rencontrons des prototypes de plusieurs idées modernes. Conformément à la parfaite unité de style, deux systèmes principaux sont conséquemment appliqués: levage dans la même surface plane de la fenêtre ou construction des battants dans la cavité des murs.

La plupart des maisons d'Ohrid datent de la seconde moitié du XIX-e siècle. Il en a été exceptionnellement conservé un petit nombre de la première moitié et avant. La différence entre ces deux groupes chronologiques différents est visible à l'extérieur. Au fond de cette classification chronologique se trouve l'influence de l'Occident pendant la seconde moitié du XIX-e siècle. On introduit, de l'Europe économiquement progressive, des nouveautés dans les relations sociales et productives, et en même temps des conception pour l'expression en architecture. Dans la production, l'importation signifiait du progrès, tandis que pour l'unité de style achevé de l'ancienne architecture



на или порано. Разликата меѓу овие две хронолошки оделни групи е видлива во надворешниот израз. Во суштината на оваа временска класификација се насѓаат влијанијата од Запад во втората половина на XIX век. Од економски понапредната Европа се внесуваат новини во општествените производствени односи а со тоа и во разбирањата за изразот во архитектурата. Во производството импортот значеше прогрес, а за конечно изграденото стилско единство на старата градска архитектура новите естетски мерила се покажаа како назадување.

Очигледно старата архитектура во Македонија својата квалитетна кулминација ја остварила во градбите пред половината на XIX век. Оној момент, кога од Запад навлегоа новини во вид на дегенерирани облици на Класицизмот и Барокот, чистотата на архитектонскиот израз беше начната, а рамнотежата меѓу материјалот, конструкцијата и формата беше разурната. Тогаш започнува декаденцијата засегната од слепиот феномен наречен мода. А тоа значеше напуштање на позитивните пуристички принципи во конструкцијата и изразот. За каменот и дрвото правата хоризонтална или вертикална линија е објективна изразна последица. Кривината е лага. И точно овие кривини се појавија, да го заменат мирниот хоризонтален завршок на кровната линија со „модернизиран“ барокен тимпанон, равната стреа со корниз, а чистата конзола од дрвена греда, со опшиена и малтерисана декоративна имитација.

За среќа, сочуваните куќи од старата градска архитектура во Охрид само надворешно се засегнати од декадентните влијанија, додека во внтрешноста или, поарно речено, во архитектонската сушност, останаа верни на старата традиција, изградена врз базата на чиста и искрена објективност. Внатрешната организација на старата куќа се измени дури во почетокот на нашиов век, кога

urbaine, les nouvelles mesures esthétiques s'avérèrent décadentes.

Il est évident que l'ancienne architecture en Macédoine ait atteint son point culminant de qualité dans les bâtiments d'avant la moitié du XIX-e siècle. Au moment où pénétrèrent de l'Occident des nouveautés sous formes de figures dégénérées du classicisme et du style baroque, la pureté de l'expression architecturale fut entamée et l'équilibre entre les matériaux, la construction et la forme fut détruit. Alors commence la décadence atteinte par le phénomène aveugle, surnommé la mode. Et cela signifiait le renoncement aux principes positifs et puristes dans la construction et l'expression. Pour la pierre et le bois, la ligne droite horizontale ou verticale est une conséquence objective et expressive. La courbure est un artifice. Et ces courbures apparaissent justement pour remplacer la douce ligne horizontale du toit par un tympan baroque modernisé, l'avant-toit (larmier) par la corniche et la pure console en poutre de bois par une imitation décorative crépie.

Par bonheur, les maisons de l'ancienne architecture urbaine à Ohrid ayant été conservées, ne sont qu'extérieurement atteintes des influences décadentes, tandis qu'à l'intérieur, ou pour mieux dire, au point de vue architectural, elles restèrent fidèles à l'ancienne tradition, édifiée sur une base de pure et franche objectivité. L'organisation intérieure de l'ancienne maison ne se modifia qu'au début de notre siècle alors que se modifia le mode de vie du bourgeois macédonien, comme une conséquence des changements historiques et politiques (chute de l'empire ottoman, régénération sociale et nationale).

En arrêtant notre regard sur les modèles conservés de l'ancienne architec-



Куќите на Робевци, сега Народен музеј
Les maisons de la famille Robev, actuellement Musée national



Куќата на Каневчеви до „св. Софија"
La maison de la famille de Kanevče, près de l'église de Ste-Sophie

се измени и животната програма на македонскиот граѓанин, како последица на познатите историско-политички промени (пропаст на Отоманската империја, национално и социјално преродување).

Сршкнувајќи го нашиот поглед кон сочуваните примери на старата охридска архитектура, повеќето од кои се реставрирани во периодот 1950—1956 година, и без мака можеме да ја направиме и нивната временска класификација. Многу познатите куќи на фамилијата Робевци (сега Народен музеј) или куќата на фамилијата Каневчевци (до црквата Св. Софија) спаѓаат во групата од втората половина на XIX век. И двете со изразити карактеристики на виртуозна конструктивна идеја со богата пластика и чисто стандардна концепција на функционална игра на отвори и маси, напоени се со барокни детаљи. Втората куќа на Народниот музеј (Етнолошки оддел) само површно е обработена со барокни елементи, додека во целата концепција претставува изразит пример на асиметрично решење, на чија надворешност недвосмислено се рефлектира разиграната внатрешна организираност



ture d'Ohrid, dont la plupart ont été restaurés de 1950 à 1956, nous pouvons aisément établir leur classification chronologique. Les maisons bien connues de la famille Robev (aujourdh'hui Musée national) ou bien la maison de la famille Kanevče (à côté de l'église de Sainte-Sophie) appartiennent au groupe de celles de la seconde moitié du XIX-e ciècle. Toutes les deux ont des caractéristiques d'une virtuosité constructive, une riche plastique d'une conception nettement standard d'un jeu fonctionel d'ouvertures et de mases, et sont riches en détails de style baroque. Le second bâtiment du Musée national (section ethnologique) n'est façonné que superficiellement d'éléments baroques, tandis que dans son entière conception il représente un modèle marqué d'une solution asymétrique et dont l'extérieur reflète l'organistion intérieure mouvementée.

Les plus anciens et en même temps les plus précieux modèles de la maison typique chrétienne d'Ohrid, doivent être



Куќи по ул. „Методи Патчев"
Maisons le long de la rue M. Patčev



Стара куќа со стилски чиста архитектонска

Maison ancienne d'un style de plastique architecturale pur

Најстарите и воедно највредните примери на типичната охридска христијанска куќа од првата половина на XIX век, треба да се побараат на покриени места. По ул. „Методи Патчев" на многу стрм терен нанизани се неколку куќи. За жалост, нивната руинираност беше поголема, а само пред неколку години нивната реконструкција е препуштена на нестручните раце на самите сопственици. Кон крајот на истата улица, најгоре се наоѓа куќата на Дедовци, која сеуште чека во тешка положба, но толку повеќе ги открива своите првобитни квалитети.

Низ целиот стар град расејани се многу примери кои не паѓаат в очи ниту со својата грандиозност ниту со својот пречистен лик. Затоа и тешко се откриваат. Но токму во тоа се и нивните квалитети. Христијанската куќа на старата градска архитектура — за разлика од западните архитектури на Ренесансот и Барокот — немаше никакви претенции во надворешноста. Во својата суштина таа имаше единствена задача, во сé своите облици да ги одмери со мерилото — човек. Таа не се расфрлува со наметливи облици. Таа само го организира просторот да му послужи на човекот.

cherchés dans les endroits les plus cachés. Dans la rue Metodi Patčev, sur un terrain abrupt, sont alignées plusieurs maisons. Malheureusement, elles étaient si ruinées qu'avant quelques années seulement, leur reconstruction fut confiée entre les mains incompétentes des propriétaires A l'extrême bout de la même rue se trouve la maison de la famille Dedeov qui attend toujours en très mauvais état, mais elle découvre d'autant mieux ses qualités primitives.

Un grand nombre de modèles qui ne frappent pas les yeux par leur aspect grandiose et pur, sont parsemés à travers toute la ville. Aussi est-il bien difficile de les découvrir. Mais, c'est en cela justement que consistent leurs qualités. La maison chrétienne de l'ancienne architecture urbaine, à la différence des architectures occidentales de la Renaissance et du style baroque, n'avait aucune prétention quant à l'extérieur. En réalité, elle n'avait qu'une seule tâche, celle de déterminer, en tout, ses formes suivant le critère — l'homme. Elle ne s'étale pas en formes encombrantes. Elle ne fait qu'organiser l'espace pour qu'il puisse servir à l'homme.

Денес, кога современата архитектура повторно го бара живеалиштето за секого, вредностите на старата градска архитектура можат да ни бидат над сè поучни. Нејзината основна вредност — длабока хуманизираност — е раководна идеја на современиот стан. Таа вредност, заедно со голем број внатрешни детаљи, како архитектонизирана опрема (кујнска батерија, вградени ормани и седишта и сл.) уште пред триесетина години го сврти на себе вниманието од повеќето протагонисти на современата архитектура, кои токму овде ја почувствуваа вистинската инспирација.

Aujourd'hui que l'architecture moderne cherche un logement pour chacun, les valeurs de l'ancienne architecture urbaine peuvent nous être, plus que tout, instructives. Sa valeur principale — une humanisation profonde — est l'idée directrice du logement moderne. Cette valeur, jointe à un grand nombre de détails intérieurs, tel qu'un équipement architectural (batterie de cuisine, placards, banquette) avant même une trentaine d'années, attira l'attention de plusieurs protagonistes de l'architecture moderne, qui y puisèrent justement la véritable inspiration.



**V. Mošin**

## РАКОПИСИ НА НАРОДНИОТ МУЗЕЈ ВО ОХРИД

Охрид, старогрчки Лихнидос — град на Белото Езеро — седиштe на старата грчка архиепископија, жариште на словенската писменост во времето на учениците на Методија — св. Климент и Наум, прелесна престолнина на царот и на патријархот во Самуиловото македонско царство, подоцна еден од значајните центри на грчката просвета и нејзината експанзија спрема балканското словенство (особено во многу значајното време по својата книжевна дејност на Теофилакта, по врските со Србите во времето на св. Сава, канонистот Димитрија Хоматијан) — одамна го привлекувал вниманието на византолозите и славистите. Во многубројните истражувања на подрачјето на културното минато на Охрид и неговите области, каде треба посебно да се истакнат тие на полето на археологијата и историјата на уметноста, не се баш така плодни со резултати работите на изучувањето на старите ракописи, иако се минати стотини години откако овие споменици излегле на видело од своите средновековни сокровишта.

1845 год. го посетил Охрид рускиот славист. В. И. Григорович. Тој тука го нашол културниот граѓанин, шивач по занает, Ѓорѓи Бодлев, кој го шетал по старините на Охрид. Во описот на патувањето низ Балканот (прво изд. 1848, второ 1877 г.) известил дека во припратата на главната охридска црква, во долапот кај јужниот ѕид, видел 69 грчки и 23 словенски ракописи. Сред грчките посебно цитирал 52 заглавија (4 евангелија, 6 апостоли, 8 евангелија со апо-

## LES MANUSCRITS DU MUSÉE NATIONAL D'OCHRIDA

Ochrida, Lychnidos antique — ville sur le lac Blanc — siège de l'ancien archevêché grec, pépinière de littérature slave au temps des ss. Clément et Naoum, élèves de S. Méthode, capitale florissante de l'empereur et du patriarche de l'empire macédonien de Samuel, plus tard un des centres importants de civilisation byzantine, d'où elle se répandait dans les régions des Slaves balkaniques, attirait depuis longtemps la curiosité des byzantinistes et slavisants.

Le slavisant russe **V. I. Grigorovitch** visita Ochrida en 1845. Dans son **»Voyage dans les Balkans«** il nous relate que pendant son séjour à Ochrida il examina 69 manuscrits grecs et 23 mss. slaves. Parmi les ms. grecs il cite 4 évangiles, 6 épistoliers, 8 évangéliaires, 18 ménées, 1 psautier avec commentaires, un recueil de vies de saints, 1 »Apophtegmes des SS. Pères, 13 recueils d'homélies, 2 nomocanons et une chronique de Kedrenos; quant aux manuscrits slaves ils sont tous mentionnés. Comme les plus importants il cite un épistolier avec additions gligolitiques et un recueil embrassant les traités de S. Denys Aréopagite, la Philosophie de S. Jean Damascène et le Discours philologique de Constantin de Kostenitza.[1])

En 1863 le consul d'Autriche **J. G. Hahn** parcourant la Macédoine, visita la ville d'Orhrida. S'intéressant en particulier pour les monuments d'antiquité, il ne s'était point appliqué à étudier les manuscrits. Il a vu la collection des ma-

1) **В. Григорович,** Очерк путешествия по Европейской Турции, 2 изд. Москва 1877, pp. 155—157. (Ed. I-ère — Kazanj 1848).

столи, 18 минеи, 1 псалтир со толкувања, 1 ракопис на житија на светци, 1 под заглавие „Изреки на светите отци“, 13 омилијари, 2 номоканони и 1 хроника на Кедрин); на словенските им дал заглавија на сите 23, со посебен осврт кон еден грчки минеј со житието на св. Климента, а во словенските ракописи на апостолот со глаголски вметоци и на зборникот со делата на св. Дионисиј Ареопагит, Дамаскиновата филозофија и „Словесата“ на Константин Костенички.[1])

Во 1863 год. пропатувал низ Македонија австрискиот конзул за Источна Грција J. Г. Хан, кој подолго време се запрел и во Охрид. Иако имал посебна задача во врска со истражувањето на проодните патишта низ Балканот, сепак покажал големо интересирање спрема археологијата и историјата, така што во своите интересни патописни белешки дал многу географски, етнографски и историски податоци за Охрид и неговата околина. Меѓутоа, неговото внимание во прв ред било посветено на античките остатоци и писмените споменици од потесен историски значај. Поради тоа не ги проучувал посебно ракописите што ги нашол во црквата Св. Климент во еден голем ковчег од дрво. Се запрел само на еден „Кодекс на митрополијата“ кој содржи „144 стари свидетелства, сите од времето на црковната независност во Охрид, од кои ни едно не е постаро од 16 век“, туку стасуваат до 1786 год. Од него бележи неколку интересни податоци, поодделно за Охридски парохии од 1694 год., за општинските одлуки против женскиот луксуз и против големите свадбени трошоци, за подароците што ги добивала црквата за својата слава, забележувајќи дека зад тоа следат како додатоци поодделни записи и грчки песни.[2])

Две години по Хана, 1865 год., по трагата на Григоровича во Охрид дошол архимандритот Антонин, славист многу заслужен за проучување и опишување на словенски ракописи. Штом опишал поголем број словенски ракописи во ман. Слепче, Трескавец и Буковичкиот манастир, Антонин не се запрел на проучувањето на охридски збирки ракописи

nuscrits dans l'église de S. Clément, mais il n'en mentionne qu'un Code de la métropole, comprenant 144 documents anciens qui remontent au XVI-e siècle jusqu'à l'année 1786.[2])

Deux années après Hahn vint à Ochrida l'archimandrite Antonin, slavisant bien connu, dont la spécialité était la description des manuscrits. Dans son livre »De la Roumélie«, il a mentionné que dans une armoire de l'église de S. Clément il avait vu 120 manuscrits ecclésiastiques, tous en grec, parmi lesquels un chronographe byzantin.

Un vif intérêt pour Ochrida et pour le passé de sa population slave se manifeste après 1885, à l'époque du mouvement national en Bulgarie et de son expansion politique et culturelle en Macédoine. Dans le domaine des études historiques et philologiques ce sont surtout les manuscrits d'Ochrida qui attiraient toujours l'attention particulière. Le Code du Patriarcat d'Ochrida, muni d'actes synodaux, était de grande importance dans la lutte pour l'autonomie de l'église bulgare; il avait été publié en entier par A. Chopov en 1891 et par A. Chopov et G. Strezov en 1894.[4]) En 1890 l'évêque bulgare, qui en 1876 avait été chassé de la ville d'Ochrida, a reçu la permission du sultan d'y retourner. Dès lors le clergé bulgare manifesta une grande activité dans la vie ecclésiastique, politique et culturelle de cette région. Animé d'un intérêt intense pour les antiquités ecclésiastiques, le clergé s'appliqua à rassembler les manuscrits dans les villes et villages des environs. Dans son article sur »les antiquités d'Ochrida nou-

---

[2]) L'exposé de Hahn écrit à Athènes le 22 mai 1865, reçu dans la séance de l'Académie de Vienne le 25 novembre 1865, a été publié en serbe par M. N. Ilić: **J. Г. Хан,** Путовање кроз поречину Дрина и Вардара. У Београду 1876, pp. 189—191.

[3]) **Архимандрит Антонин,** Из Румелии, Москва 1886, pp. 44—45. C f. compte-rendu de St. Novaković, Српске старине по Македонији, белешке с путовања архимандрита Антонина од год. 1876. (Споменик Српске академије, IX, 1891, p. 26).

[4]) **А. Шоповъ,** Кодексъ на Охридската патриаршия (Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, VI, София, 1891, pp. 192—224); **А. Шопов и Г. Стрезов,** dans lê même Сборник за народни умотворения, X, 1894, pp. 536—579).



(можеби зашто го имал предвид направениот ракопис на Григоровича), туку за двата дена на својот престој му посветил внимание на монументалните споменици во Охрид: го копирал натписот на цар Урош од 1365 год. и плочата на Никола Рајаковиќ. Сепак, за ракописите наспомнал, дека во долапот на црквата Св. Климент изброил на четири полици 120 ракописни црковни книги, сите грчки, со еден византиски хронограф.[3]) Овој кус податок за нас е сепак од голема важност, бидејќи го објаснува фактот зошто во збирката од 89 споменици на поодделните ракописи се наоѓаат етикети со стари сигнатури 100, 102 и 103. Очевидно првобитниот број на грчките ракописи изнесувал 120, од кои веројатно извесен број отпаднал на помлади и побезначајни ракописи, кои подоцна не биле земени предвид при описот на старата збирка, но сепак биле оставени на своите места во долапот.

По 1885 год. во врска со националното движење во обединетата Бугарија и нејзината политичка и културна експанзија во Македонија, особено во рамките на борбата на бугарскиот народ за црковно ослободување под Цариградската патријаршија и грчкото свештенство, се јавил во бугарската наука одделен интерес за Охрид и за неговото словенско минато, кој во младата бугарска славистика се манифестирал и во интересот за охридските ракописи. Во врска со спомнатото прашање за црковна автономија одделно внимание требал да привлече наспомнатиот кодекс на Охридската патријаршија со синодски акти: тој во целост спрема преписот на Бодлев го објавил **А. Шопов** и **Г. Стрезов** — со коментар од 1891 и 1894 год. По враќањето во Охрид на бугарскиот епископ 1890 год. се гледа дека локалното бугарско свештенство развило поефикасна акција за собирање на ракописи од теренот. Во статијата од 1894 год. А. К'нчев пишувал за новопронајдените охридски старини престојувајќи есента 1893 год. две недели на гости кај Охридскиот епископ Григориј; дека во тоа време заедно со протосинѓелот на владиката ги обиколил сите охридски цркви и параклиси и ги преба-

vellement découvertes«, A. Kančev qui fut bien accueilli par l'évêque d'Ochrida Grégoire, écrit qu'il avait passé une quinzaine de jours chez cet évêque et que, pendant son séjour, en compagnie du protosyncelle de l'évêque, il traversa toutes les églises d'Ochrida, y fouilla tous les greniers et recoins en cherchant des antiquités. Chez le métropolite il a trouvé plusieurs livres anciens, apportés par les prêtres de village; entre autres, quelques manuscrits que le métropolite avait reçus du monastère Sleptcha. Kančev mentionne sept manuscrits de cette collection.[5]) Selon ces données on peut voir que cette collection n'avait pas été ajoutée à la collection des manuscrits de l'église de S. Clément; plus tard elle disparut d'Ochrida emportée probablement à Sofia par le clergé bulgare, à l'occasion de son départ définitif d'Ochrida, en 1912 ou 1918.

En 1898, l'Institut russe d'Archéologie de Constantinople envoya en Macédoine une expédition, chargée de faire des recherches sur des antiquités et d'enregistrer des manuscrits. L'exposé concernant ces manuscrits appartient à Th. Uspenski, éminent byzantiniste russe (publié dans le tome IV d'Izvestiia de l'Institut 1899). Uspenski y mentionne le nombre de 89 manuscrits grecs et de 17 mss. slaves; il y dit que dans cette collection se trouvent quelques manuscrits de haute importance, »de valeur capitale pour la science«. Les plus remarquables selon lui sont: la Chronique de Skylitza du CII-e s., recueil des actes synodaux concernant la question des biens d'Eglise, deux manuscrits de Syntagme de Blastarès, un évangile écrit en onciale dont la date remonte au huitième siècle, les actes des conciles oecuméniques et sentences Synodales du temps de l'empereur Manuel I, relatifs aux querelles théologiques. Uspenski communique les données concernant 18 monuments les plus considérables et en cite certaines inscriptions. Pourtant, tous ces matériaux devaient attendre la rédaction définitive, remise à plus tard. Il est important de signaler que les manuscrits

---

[5]) В. К'нчевъ, новонайдени охридски старини (Сборникъ за народни умотворения . . ., т. XIII 1896, pp. 257—266).

рал сите црковни тавани и мутли во потрага по старини. Во еден „долап“ на митрополитската канцеларија нашол повеќе стари книги кои биле донесени од разни селски свештеници, меѓу нив и неколку ракописи што ги донел митрополитот од манастирот Слепче. Вели дека митрополитот за тие книги набавил еден нов ореов долап, додека протосинѓелот на митрополитот ја презел задачата да состави каталог за нив. К'нчев дава податоци за 7 ракописи од оваа збирка: триод од пергамент со глаголски вметоци, евангелие од Слепче, два пергаментни листа од Слепче, номоканон од Слепче, требник од апокрифни молитви, еден помeник од црквата Св. Климент и грчко евангелие од пергамент во сребрен опков, кое било пронајдено на таванот во црквата Св. Климент.[5]) Спрема тие податоци може да се види дека оваа збирка во митрополијата не била приклучена кон ракописната збирка на црквата Св. Килмент, подоцна загубена од Охрид — веројатно бугарските свештеници ја однеле во Софија во времето на своето дефинитивно повлекување од Охрид 1912 или 1918 година.

Во 1898 год. Рускиот археолошки институт во Цариград упатил во Македонија научна експедиција со задача за проучување на старините и регистрирање на ракописите. Во првиот извештај за работата на комисијата, што го објавил П. Н. Миљуков во известијата на Институтот 1899, наоѓаме преглед на археолошки и најсетне на епиграфски материјали. [6]) Извештај за ракописите во 3-от том на Известијата за истата година дал директорот на Институтот, прочуениот византолог **Ф. И. Успенски,** кој, изгледа, најмногу сам работел на проучувањето на охридските ракописни збирки. Меѓутоа, и овдека цела една збирка не добила свој потполн опис. Во извештајот е приведен општ број од 89 грчки и 17 словенски ракописи; спомнато е дека во збирката се наоѓаат некои вонредно значајни споменици кои имаат „капитална вредност за науката“; посебно се надодадени податоци за 18 најзначајни ракописи со повеќе записи од нив. Посебно внимание му е

de la collection de S. Clément avaient eu des cotes (pas toujours certaines) et que les feuillets étaient paginés (non foliotés): ces données nous facilitent l'identification des monuments.[6])

Dans les années suivantes, Uspenski a donné la description des deux manuscrits dans des articles particuliers: le manuscrit de la Chronique de Skylitza[7]) et les matéritut se rapportant aux baux de fonds ecclésiastiques.[8]) En 1899, la nouvelle expédition de l'Institut de Constantinople avait travaillé à Ochrida. Dans son exposé Uspenski a publié un catalogue sommaire de toute la collection de S. Clément qui contenait de brèves données sur tous les manuscrits, dont les mss. slaves sont cités sous les №№ 1 — 20 et les mss. grec sous 21 — 111[9]). Entre ces 91 manuscrits grecs sont cités un »Služebnik« (missel), imprimé du XVIII-e s. et »le Code du patriarcat d'Ochrida«, mentionné ci-dessus. Si nous faisons abstraction de ces deux volumes, il nous en reste 89: ce nombre a été mentionné dans le premier exposé d'Uspenski et il reste le même jusqu' aujourd'hui. Dans sa liste figurent pour chaque manuscrit- le titre, la matière, la date vraisemblable et le nombre de pages. p. e. »Apostolus, parchemin, XIII-e — XIV-e s., p. 346«. Toutefois, on peut regretter qu'Uspenski omet la cote. La comparaison entre ce catalogue et celui qui présente l'état actuel de la collection démontra indubitablement la disparation de deux monuments: la Chronique de Skylitza et l'évangile du VIII-e s. en onciale. Les 64 manuscrits sont conformes en tout. Dans

---

[6]) **О. И. Успенский**. Рукописи находящиеся в Охриде в библиотеке при церкви св. Климента. (Известия Русского Археологического Института в Константинополе, том IV выпуск 3. 1899: Отчет о деятельности Института pp. 131—141); cfr. compte-rendus dans Византийский Временник. VII 1900 pp. 582—584 et dans Byzant. Zeitchrift VII, 1900, p. 579.

[7]) **Ф. И. Успенский,** Охридская рукопись Иоанна куропалата СкилицьI (Известия Русс. Арх. Инст. в К-ле, т. IV, д. pp. 1—8).

[8]) **Ф. И. Успенский,** Мнения и постановления константинопольских поместных соборов XI и XII веков о раздаче церковных имуществ (Известия РАИК, т. V. 1900. pp. 1—143).

[9]) **Ф. И. Успенский,** Список рукописей находящихся в библиотеке „св. Климента“ в Охриде (Изв. РАИК, т. VI, 1901, 2—3, pp. 466—476.



посветено на ракописот на Хрониката од XII в., зборникот на црковните соборски акти посветени на прашањето за раздробувањето на црковните поседи на харистикариите, на два ракописи на Синтагмата на Властар, на евангелието „најдоцна до VIII б.“, на актите на вселенските собори и на актите на црковните собори од времето на цар Емануил по прашањето на богословските спорови од тоа време. Меѓутоа, сите тие ракописи се цитирани само поради неколку записи од нив кои беа по тој повод објавени, додека цел еден материјал за нив беше оставен веројатно за подоцнешна дефинитивна обработка. Многу е важно, што се вели во описот дека ракописите на Климентовата збирка биле сигнирани и дека листовите биле пагинирани (не биле фолиирани!) [7]). Приведениот извештај на Успенски послужил за опширни прикази на охридската збирка што излегле во Византискиот Временик 1900 (И. Соколов) [8]) и во 1900 г. [9]).

Подоцна самиот Успенски обработил два ракописа во одделни статии: Охридскиот ракопис на Скилица[10]) и материјал за прашањето на раздробувањето на црковните поседи на харистикариите[11]). Неколку дополненија на првиот извештај му дал Успенски во извештајот за работата 1899 год. (во првиот извештај — стр. 133 — нагласил дека прегледот на збирката бил непотполн, бидејќи траел само два — три дена)[12]). Меѓутоа, другите научни интереси и службени задачи не му дале можност да се посвети на дефинитивната обработка на целокупниот собран материјал за охридската збирка, па тоа веројатно уште се чува или во архивата на б. Руски Археолошки институт во Цариград или меѓу личните материјали на Ф. Успенски. Можеби помислувал на потребата, уште еднаш да го посети Охрид, меѓутоа големите политички настани по 1910 год. — Балканските војни, а потоа Првата светска војна — не му дале згода за продолжување на работата во Охрид, така што збирката во целост, покрај сета своја научна вредност, останала неопишана.

